Službeni vesnik SR Makedonije

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802 603 1125

Четврток, 5 јули 1973

БЕЛГРАД

БРОЈ 37 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 8 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

456.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ ДАДЕНИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ ВО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Се прогласува Законот за претворање на краткорочните кредити дадени на Заедницата на југословенските железници во долгорочен кредит за обртни средства, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 26 јуни 1973 година и на седницата на Стопанскиот собор од 26 јуни 1973 година.

ПР бр 203
27 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ КРЕДИТИ ДАДЕНИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ ВО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Народната банка на Југославија ќе им ги претвори на деловните банки во долгорочен кредит за обртни средства следните краткорочни кредити:

1) кредитот во износ од 100,000 000 динари, даден на Белградската банка — Централа во Белград, според Законот за обезбедување додатни средства за модернизација на Југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/71);

2) кредитот во износ од 125,000 000 динари, даден на Југословенската инвестициона банка во Белград според договорот бр. 1/70 од 24 април 1970 година;

3) кредитот во износ од 55,000.000 динари, даден на Југословенската инвестициона банка во Белград според договорот бр. 2/70 од 30 јули 1970 година.

Член 2

Долгорочниот кредит од член 1 на овој закон им се дава на банките со рок за враќање од 25 години и со камата по стапка од 2,75% годишно.

Долгорочниот кредит банките ќе го отплатуваат во еднакви годишни рати, кои втасуваат на 31 март секоја година. Првата рата втасува за плаќање на 31 март 1978 година.

Каматата по долгорочниот кредит тече од денот на склучувањето на договорот за тој кредит и се наплатува во роковите предвидени со тој договор.

Член 3

Југословенската инвестициона банка и Белградската банка ќе ѝ ги претворат на Заедницата на југословенските железници краткорочните кредити од член 1 на овој закон, според нивната состојба на 31 декември 1972 година, во долгорочен кредит за обртни средства.

Член 4

Долгорочниот кредит од член 3 на овој закон ѝ се дава на Заедницата на југословенските железници со рок за враќање од 25 години и со камата по стапка од 3% годишно.

Долгорочниот кредит Заедницата на југословенските железници ќе го отплатува во еднакви годишни рати. Првата рата втасува за плаќање на 15 март 1978 година.

Каматата по долгорочниот кредит тече од денот на склучувањето на договорот за кредит и се наплатува во роковите предвидени со тој договор.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

457.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 26 јуни 1973 година и на седницата на Стопанскиот собор од 26 јуни 1973 година.

ПР бр 219
27 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ

Член 1

Во Законот за контрола на предметите од скапоцени метали („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66) во член 6 став 2 точка 1, под IV, бројот: „583" се заменува со бројот: „585".

Член 2

Во член 8 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на предметите од скапоцени метали со маса до еден грам."

Досегашниот став 2 станува став 3.

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, зборовите: „Управата за мерки и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали".

Член 3

Во член 10 точка 2 се брише.

Досегашните точ. 3 до 6 стануваат точ. 2 до 5.

Член 4

Во член 19 став 2 зборовите: „Управата за мерки и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали", а зборовите „сојузниот секретар за индустрија и трговија" — со зборовите: „сојузниот секретар за стопанство".

Член 5

Во член 20 став 1 зборовите: „Управата за мерки и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот секретар за стопанство".

Во став 2 зборовите: „Управата за мерки и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали".

Став 3 се менува и гласи:

„Сојузниот секретар за стопанство, во спогодба со сојузниот секретар за труд и социјална политика, го пропишува начинот на вршење контрола и степенот на финоста на златните полуфабрикати за забнопротетски предмети."

Член 6

Во член 26 став 2 зборовите: „Основниот закон за пазарната инспекција" се заменуваат со зборовите: „прописите за пазарната инспекција".

Член 7

Во член 28 по став 1 се додаваат три нови става, кои гласат:

„При вршењето на контрола на исправноста на предметите од скапоцени метали, органите на контролата согласно ги применуваат одредбите на член 27 ст. 1 и 2 од овој закон.

Против решението на органот на контролата може да се изјави приговор до Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали.

Приговорот не го одлага извршувањето на решението."

Член 8

Во член 29 став 1, во уводната реченица, зборовите: „до 100.000" се заменуваат со зборозите: „од 3.000 до 200.000".

Во став 2 зборовите: „до 3.000" се заменуваат со зборовите: „од 500 до 3.000".

Член 9

Во член 30 став 1, во уводната реченица, бројот: „3 000" се заменува со бројот: „10.000", а зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд".

Во став 2 бројот: „500" се заменува со бројот: „1.500", а зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд".

Член 10

Во член 31 зборовите: „имател на самостоен занаетчиски дуќан" се заменуваат со зборовите: „имател на дуќан кој самостојно ја врши дејноста со личен труд".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Покрај паричната казна за прекршокот од став 1 на овој член може да се изрече заштитната мерка одземање на предметот со кој е сторен прекршокот."

Член 11

Во член 12 став 3 зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд", а зборовите: „занаетчиски дуќан на самостоен занаетчија" — со зборовите: „дуќан во кој граѓанинот самостојно ја врши дејноста со личен труд".

Во член 14 и член 17 став 2 зборовите: „Управата зе мерки и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали".

Во член 25 зборовите: „работните организации" се заменуваат со зборовите: „организациите на здружениот труд", а зборовите: „занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии" — со зборовите: „дуќаните во кои граѓаните самостојно ја вршат дејноста со личен труд".

Во член 29 зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд".

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

458.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕРНИТЕ ЕДИНИЦИ И МЕРИЛАТА

Се прогласува Законот за измени на Законот за мерните единици и мерилата, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на Соборот на народите од 26 јуни 1973 година и на седницата на Стопанскиот собор од 26 јуни 1973 година.

ПР бр. 220
27 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА МЕРНИТЕ ЕДИНИЦИ И МЕРИЛАТА

Член 1

Во Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65) во член 5 став 1 се менува и гласи:

„За мерните единици одредени со овој закон важат националните прамери (еталони) што ги чува и со нормите на меѓународната метарска конвенција ги усогласува Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали."

Во став 2 зборовите: „Управата за мери и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали".

Член 2

Член 7 се менува и гласи:

„Меѓународниот систем на мерните единици (SI) се состои од:

1) основни мерни единици;

2) изведени мерни единици;

3) децимални множини и делови од основните и изведените мерни единици.

Основните мерни единици и величините на кои овие единици се однесуваат и ознаките на мерните единици се:

Величина	Основна мерна единица	Ознака
1	2	3
должина	метар	m
маса	килограм	kg
време	секунда	s
електрична струја	ампер	A
термодинамичка температура	келвин	K
светлосна јачина	кандела	cd
количина на материја	мол	mol

Во Списокот на мерните единици, кој е отпечатен кон овој закон и е негов составен дел, е одредено што се подразбира под одделни мерни единици од ст 1 и 2 на овој член.

Во Списокот на мерните единици се наведени и мерните единици што не му припаѓаат на меѓународниот систем на мерните единици а можат да се употребуваат."

Член 3

Во член 11 став 1 зборовите: „установите, стопанските и други организации" се заменуваат со зборовите: „организациите на здружениот труд и други организации".

Во став 2 зборовите: „приватните дуќани" се заменуваат со зборовите: „дуќаните во кои граѓаните самостојно ја вршат дејноста со личен труд".

Член 4

Во член 12 зборот: „установите," се брише.

Член 5

Член 18 се менува и гласи:

„Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали утврдува на кои технички нормативи мораат да одговараат мерилата во поглед на метролошките особини (технички услови) и дава технички упатства за нивната примена."

Член 6

Во член 23 став 3 зборовите: „стопанската организација" се заменуваат со зборовите: „организацијата на здружениот труд".

Став 4 се брише.

Член 7

Во член 32 став 1 зборовите: „сојузниот секретар за индустрија и трговија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот секретар за стопанство".

Став 2 се брише.

Член 8

Член 33 се брише.

Член 9

Во член 36 зборовите: „Сојузниот секретар за индустрија и трговија" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот секретар за стопанство", а зборовите: „стопанските организации" — со зборовите: „организациите на здружениот труд".

Член 10

Во член 41 зборовите: „Стопанските и други организации, установите и поединци" се заменуваат со зборовите: „Организациите на здружениот труд, други правни лица и поединци".

Член 11

Во член 44 зборовите: „стопанска или друга организација, установа или поединец" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд, друго правно лице или поединец".

Член 12

Во член 47 став 1, во уводната реченица, зборовите: „до 1,000.000" се заменуваат со зборовите: „од 3.000 до 300.000", а зборовите: „работна организација" — со зборовите: „организација на здружениот труд".

Во став 2 зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд", а зборовите: „до 100.000" — со зборовите: „од 500 до 3.000".

Член 13

Во член 48 став 1 бројот: „300.000" се заменува со бројот: „10.000", а зборовите: „работна организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд".

Во став 2 зборовите: „работната организација" се заменуваат со зборовите: „организацијата на здружениот труд", а бројот: „50.000" се заменува со бројот: „1.500".

Член 14

Во член 49 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Со парична казна до 20.000 динари ќе се казни за прекршок имателот на дуќан кој самостојно ја врши дејноста со личен труд ако стори кое и да е од дејствијата од член 47 став 1 на овој закон, а со парична казна до 4.000 динари — ако стори кое и да е од дејствијата од член 48 став 1 на овој закон.

Со парична казна до 5.000 динари ќе се казни за прекршок поединецот ако стори кое и да е од дејствијата од член 47 став 1 на овој закон, а со парична казна до 500 динари — ако стори кое и да е од дејствијата од член 48 став 1 на овој закон."

Член 15

Член 52 се менува и гласи:

„Прописите од член 18 на овој закон се објавуваат во „Службен лист на СФРЈ", а одобренијата и решенијата од чл. 30 и 31 на овој закон — во „Гласникот на Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали"."

Член 16

Во член 14, член 17 ст. 1 и 2, член 21 став 3, член 22 став 2, член 29 став 3 и член 38 зборовите: „сојузниот секретар за индустрија и трговија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот секретар за стопанство".

Во член 15, член 22 став 1, член 24 став 3, член 29 став 1, чл. 30, 31, 37 и член 42 став 4 зборовите: „Управата за мери и скапоцени метали" се замену-

ваат со зборовите: „Сојузниот завод за мерки и скапоцени метали".

Во член 16 зборот: „граѓаните" се заменува со зборот: „поединци".

Во член 21 став 1 зборовите: „Управата за мери и скапоцени метали" се заменуваат со зборовите: „сојузниот секретар за стопанство", а во член 51 зборовите: „Управата за мери и скапоцени метали" — со зборовите: „Сојузниот секретар за стопанство".

Член 17

До 31 декември 1980 година можат да се употребуваат следните мерни единици кои не му припаѓаат на меѓународниот систем на мерните единици: ангстрем, микрон, барн, гал, дин, килопонд, понд, техничка атмосфера, нормална (физичка) атмосфера, милиметар на живиниот столб, милиметар на водениот столб, стокс, килопондметар, калорија, коњска сила, кири, рендген, рад и рем.

Сојузниот секретар за стопанство ги одредува роковите до кои можат да се употребуваат другите мерни единици кои не му припаѓаат на меѓународниот систем на мерните единици, а кои не се наведени во став 1 на овој член.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

СПИСОК

НА МЕРНИТЕ ЕДИНИЦИ

I

1. За должина

1) Единица за должина е метар (ознака: m). Метар е основна единица на Меѓународниот систем на мерните единици (скратено: SI). Метар е должина еднаква на 1 650 763 73 бранови должини на радијација во вакуум која му одговара на преодот помеѓу нивото $2p_{10}$ и $5d_5$ атоми на криптонот 86.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— ангстрем (ångström) — (ознака: Å), еднаков на 0,000 000 000 1 m;

— морска милја, еднаква на 1852 m, а може да се употребува само за изразување на раздалечености во поморскиот и воздушниот сообраќај;

— микрон (ознака: μ) за микрометар (ознака: μm).

2. За површина

1) Единица за површина е квадратен метар (ознака: m^2). Квадратен метар е изведена единица на SI. Квадратен метар е површина на квадратот чија страна е еднаква на 1 метар.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— ар (ознака: a), еднаков на 100 m^2;

— барн (ознака: b), еднаков на 10^{-28} m^2, а може да се употребува само за одредување на ефикасна површина во нуклеарната физика.

3. За волумен (зафатнина)

1) Единица за волумен е кубен метар (ознака: m^3). Кубен метар е изведена единица на SI. Кубен метар е волумен на коцка чиј раб е еднаков на 1 метар.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— литар (ознака: l), еднаков на 0,001 m^3;

— бродска тона е еднаква на 2,832 m^3, а смее да се употребува единствено во поморскиот сообраќај;

— просторен метар (ознака: prm), еднаков на волуменот на дрвени цепеници наредени во коцка чиј раб е еднаков на 1 метар. Оваа единица може да се употребува само во прометот на дрва.

4. За агол во рамнина

1) Единица за агол во рамнина е радијан (ознака: rad). Радијанот е изведена единица на SI. Радијан е средишен агол кој на круг со полупречник од 1 метар сече лак должина од 1 метар.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— полн агол, еднаков на 2π rad;

— прав агол (ознака: L), еднаков на $\frac{\pi}{2}$ rad;

— степен (ознака: 1°), еднаков на $\frac{1}{90}$ од прав агол односно $\frac{\pi}{180}$ rad;

— минута (ознака: 1′), еднаков на $\frac{1}{60}$ степен односно $\frac{\pi}{10800}$ rad;

— секунда (ознака: 1″), еднаква на $\frac{1}{60}$ минута односно $\frac{\pi}{648000}$ rad;

— градус или гон (ознака: 1 g), еднаков на $\frac{\pi}{200}$ rad.

5. За просторен агол

Единица за просторен агол е стерадијан (ознака: sr). Стерадијанот е изведена единица на SI. Стерадијан е еднаков на просторен агол со теме во средиштето на сфера (топка) со полупречник од 1 метар кој на површината на оваа сфера (топка) зафаќа површина од 1 квадратен метар.

6. За маса

1) Единица за маса е килограм (ознака: kg). Килограм е основна единица на SI. Килограм е маса од меѓународната прамера за килограм.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— грам (ознака: g), еднаков на 0,001 kg;

— тон (ознака: t), еднаков на 1 000 kg;

— квинтал или метарска центa (ознака: q), еднаков на 100 kg.

7. За надолжна (линеарна) маса

1) Единица за надолжна (линеарна) маса е килограм по метар (ознака: kg/m). Килограмот по метар е изведена единица на SI. Килограм по метар е надолжна (линеарна) маса на хомогено тело, со константен пресек, кое по целата своја должина има маса од 1 килограм по метар должина.

2) Единица надвор од SI што може да се употребува:

— текс (tex) — ознака: tex), еднаков на 10^{-6} kg/m, а може да се употребува само за одредување на линеарната маса на влакното и на текстилниот конец.

8. За густина (специфична маса)

Единица за густина (специфична маса) е килограм по кубен метар (ознака: kg/m^3). Килограм по кубен метар е изведена единица на SI. Килограм по кубен метар е густина на хомогена материја чија маса од 1 килограм зазема волумен од 1 кубен метар.

9. За време

1) Единица за време или за временски интервал е секунда (ознака: s). Секунда е основна единица на

SI. Секунда е траење од 9 192 631 770 периоди на радијација која одговара на преодот помеѓу две хиперфини нивоа на основната состојба на атомот на цезиум 133.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— минута (ознака: min), еднаква на 60 s;

— саат или час (ознака: h), еднаков на 3 600 s;

— ден (ознака: d), еднаков на 86 400 s.

Ако со посебни прописи не е одредено поинаку, како мерни единици за време — согласно со Грегоријанскиот календар — можат да се употребуваат: недела (седмица), месец и година.

10. За фреквенција (зачестеност)

Единица за фреквенција е херц (hertz) (ознака: Hz). Херц е изведена единица на SI. Херц е фреквенција на периодична појава чиј период трае 1 секунда.

11. За брзина

1) Единица за брзина е метар во секунда (ознака: m/s). Метар во секунда е изведена единица на SI. Метар во секунда е еднаков на брзината на некое тело кое во еднолико и праволиниско движење поминува растојание од 1 метар во 1 секунда.

2) Единица надвор од SI што може да се употребува:

— јазол, еднаков на брзината од 1 морска милја во 1 h, може да се употребува само во поморскиот сообраќај.

12. За забрзување

1) Единица за забрзување е метар во секунда на квадрат (ознака: m/s^2). Метар во секунда на квадрат е изведена единица на SI. Забрзување од 1 метар во секунда на квадрат е забрзување на некое тело чија брзина за време од 1 секунда еднолико се менува за еден метар во секунда.

2) Единица надвор од SI што може да се употребува:

— гал (ознака: Gal), еднаков на 0,01 m/s^2. Гал може да се употребува само за одредување на забрзувањето што настанува поради земјината тежа.

13. За аголна брзина

Единица за аголна брзина е радијан во секунда (ознака: rad/s). Радијан во секунда е изведена единица на SI. Радијан во секунда е еднаков на аголната брзина на тело кое еднолико ротира и кое за време од 1 секунда се свртува за агол од 1 радијан околу својата оска на ротација.

14. За аголно забрзување

Единица за аголно забрзување е радијан во секунда на квадрат (ознака: rad/s^2). Радијан во секунда на квадрат е изведена единица на SI. Радијан во секунда на квадрат е аголно забрзување на тело чија аголна брзина за време од 1 секунда еднолико се менува за 1 радијан во секунда.

15. За волуменски проток

Единица за волуменски проток е кубен метар во секунда (ознака: m^3/s). Кубен метар во секунда е изведена единица на SI. Кубен метар во секунда е волуменски проток на хомоген флуид со волумен од 1 кубен метар, кој еднолико тече низ пресек за време од 1 секунда.

16. За проток на маса

Единица за проток на маса е килограм во секунда (ознака: kg/s). Килограм во секунда е изведена единица на SI. Килограм во секунда е проток на маса на хомоген флуид со маса од 1 килограм, кој еднолико тече низ пресек за време од 1 секунда.

17. За сила

1) Единица за сила е њутн (newton) (ознака: N). Њутн е изведена единица на SI. Њутн е сила која на тело со маса од 1 килограм му дава забрзување од 1 метар во секунда на квадрат.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— дин (dyn) (ознака: dyn), еднаков на 0,000 01 N;

— килопонд (ознака: kp), еднаков на 9 806 65 N;

— понд (ознака: p), еднаков на 0,001 kp.

18. За притисок (напон)

1) Единица за притисок (напон) е паскал (pascal) (ознака: Pa). Паскал е изведена единица на SI. Паскал е притисок што го произведува сила од 1 њутн која рамномерно е распоредена и дејствува вертикално на рамна површина од 1 квадратен метар.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— бар (ознака: bar), еднаков на 100 000 Pa;

— техничка атмосфера (ознака: at), еднаква на 98 066,5 Pa;

— нормална (физичка) атмосфера (ознака: atm), еднаква на 101,325 Pa;

— милиметар на живин столб (ознака: torr или mmHg), еднаков на 133,322 Pa;

— милиметар на воден столб (ознака: mmH_2O), еднаков на 9,806 65 Pa.

19. За динамичка вискозност

1) Единица за динамичка вискозност е паскалсекунда (pascalsekunda), (ознака: Pa. s.). Паскалсекунда е изведена единица на SI. Паскалсекунда е динамичка вискозност на хомоген флуид кој ламинарно струи, во кој помеѓу два рамни паралелни слоја со разлика во брзината од 1 метар во секунда на растојание од 1 метар настанува напон на смолкнување од 1 паскал.

2) Единица надвор од SI што може да се употребува:

— поаз (poise)—(ознака: P), еднаков на 0,1 Pa·s.

20. За кинематичка вискозност

1) Единица за кинематичка вискозност е квадратен метар во секунда (ознака: m^2/s). Квадратен метар во секунда е изведена единица на SI. Квадратен метар во секунда е кинематичка вискозност на хомоген флуид чија динамичка вискозност е 1 паскалсекунда, а густина 1 килограм по кубен метар.

2) Единица надвор од SI што може да се употребува:

— стокс (stokes)—(ознака: St), еднаков на 0,000 01 m^2/s.

21. За енергија, работа и количина на топлина

1) Единица за енергија, работа и количина на топлина е џул (joule) — (ознака: J). Џул е изведена единица на SI. Џул е еднаков на работата што ја извршува сила од 1 њутн кога нејзината нападна точка ќе се помести за 1 метар во правецот и насоката на силата.

Како изведени единици за енергија, работа и количина на топлина можат да се употребуваат и сите производи што се образуваат:

— од мерната единица за сила и од мерната единица за должина;

— од мерната единица за моќ и од мерната единица за време.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— електронволт (ознака: eV) кој е приближно еднаков на $1{,}602\,19\ 10^{-19}$ J;

— ерг (ознака: erg), еднаков на 0,000 000 1 J;

— килопондметар (ознака: kpm), еднаков на 9,806 65 J;

— калорија (ознака: cal), еднаква на 4,186 8 J.

22. За моќ

1) Единица за моќ е ват (watt)—(ознака: W). Ват е изведена единица на SI. Ват е моќ од 1 џул во секунда.

Како изведени мерни единици за моќ можат да се употребуваат и сите количници што се образуваат од единици за енергија, работа и количина на топлина и од единица за време.

2) Единици надвор од SI што можат да се употребуваат:

— волтампер (ознака: VA), еднаков на 1W, а може да се употребува само за одредување на електрична привидна моќ;

— вар (ознака: var), еднаков на 1W, а може да се употребува само за одредување на електрична реактивна (јалова) моќ;

— коњска сила (ознака: KS), еднаква на 735,498 75 W.

23. За електрична струја

Единица за електрична струја е ампер (ampere) —(ознака: A). Ампер е основна единица на SI. Ампер е непроменлива струја која, минувајќи низ два праволиниски паралелни неограничено долги спроводници, со занемарлив кружен пресек, поставени во вакуум на меѓусебно растојание од 1 метар, предизвикува помеѓу нив сила од 2.10^{-7} њутни по метар должина.

24. За електричен напон, електромоторна сила и електрична потенцијална разлика

Единица за електричен напон е волт (ознака: V). Волт е изведена единица на SI. Волт е електричен напон помеѓу две точки на хомоген жичен спроводник во кој е непроменлива електрична струја од 1 ампер, а потрошената моќ помеѓу овие две точки е еднаква 1 ват.

25. За електрична отпорност

Единица за електрична отпорност е ом (ohm) — (ознака: Ω) Ом е изведена единица на SI. Ом е електрична отпорност на спроводник кој не содржи никаква електромоторна сила и во кој постојаната потенцијална разлика од 1 волт која се наоѓа на неговите краеви предизвикува струја од 1 ампер.

26. За електрична спроводност

Единица за електрична спроводност е сименс (siemens)—(ознака: S). Сименс е изведена единица на SI. Сименс е електрична спроводност на спроводник кој има електрична отпорност од 1 ом.

27. За количина на електрицитет

Единица за количина на електрицитет е кулон (coulomb) — (ознака: C). Кулон е изведена единица на SI Кулон е количина на електрицитет која во 1 секунда минува низ пресекот на спроводник во кој непроменливата електрична струја е еднаква 1 ампер.

Како изведени единици за количина на електрицитет можат да се употребуваат и сите производи кои се образуваат од единица за електрична струја и од единица за време.

28. За електрична капацитивност

Единица за електрична капацитивност е фарад (ознака: F). Фарад е изведена единица на SI. Фарад е капацитет на електричен кондензатор што ќе се оптовари со количина електрицитет од 1 кулон кога неговите арматури ќе се стават под постојан напон од 1 волт.

29. За магнетен флукс (тек)

Единица за магнетен флукс (тек) е вебер (weber)—(ознака: Wb). Вебер е изведена единица на SI. Вебер е магнетен флукс (тек) кој, минувајќи низ контура при рамномерно опаѓање на нула, за време од 1 секунда произведува во контура електромоторна сила од 1 волт.

Забелешка: Вебер исто така може да биде наречен: волтсекунда (ознака: Vs) и тесла метар на квадрат (ознака: $T.m^2$).

30. За магнетна индукција или густина на магнетниот флукс (тек)

Единица за магнетна индукција или густина на магнетниот флукс (тек) е тесла (ознака: T). Тесла е изведена единица на SI. Тесла е густина на хомоген флукс (тек) вертикална на површина од 1 квадратен метар низ која магнетниот флукс (тек) е рамномерно распореден и изнесува 1 вебер.

Како изведени единици за магнетна индукција можат да се употребуваат и сите количници кои се образуваат од единица за магнетен флукс (тек) и од единица за површина.

31. За индуктивност

Единица за индуктивност е хенри (henry) — (ознака: H). Хенри е изведена единица на SI. Хенри е индуктивност на затворено електрично коло каде што струја од 1 ампер предизвикува низ колото во вакуум магнетен флукс (тек) од 1 вебер.

32. За температура

1) Единица за термодинамичка температура е келвин (ознака: K). Келвин е основна единица на SI. Келвин е термодинамичката температура која е еднаква на 1/273,16. дел од термодинамичката температура на тројната точка на водата.

2) Единица надвор од SI која може да се употребува:

— степенот на Целзиус (ознака: °C), еднаков на 1 K. Температурата од 0°C одговара на температурата од 273,15 K.

33. За светлосна јачина

Единица за светлосна јачина е кандела (candela)—(ознака: cd). Кандела е основна единица на SI. Кандела е светлосна јачина во вертикален правец на посматрана површина од 1/600 000 квадратен метар на црно тело, на температура на стврднување на платина, под притисок од 101 325 паскала.

34. За светлосен флукс (тек)

Единица за светлосен флукс (тек) е лумен (ознака: lm). Лумен е изведена единица на SI. Лумен е светлосен флукс (тек) кој во просторен агол од 1 стерадијан емитира пунктуален светлосен извор чија јачина на светлоста во сите правци на просторот е еднаква на 1 кандела.

35. За осветленост

Единица за осветленост е лукс (lux)—(ознака: lx). Лукс е изведена единица на SI. Лукс е осветленост на површина од 1 квадратен метар на која доаѓа рамномерно распореден светлосен флукс од 1 лумен.

36. За луминација

Единица за луминација е кандела по квадратен метар (ознака: cd/m^2). Кандела по квадратен метар е изведсна единица на SI. Кандела по квадратен метар е луминација на хомоген извор, чија светлосна јачина е 1 кандела а површината 1 квадратен метар.

37. За радиоактивност (брзина на распаѓање на радиоактивни јадра)

1) Единица за радиоактивност (брзина на распаѓање на радиоактивни јадра) е реципрочна секунда (секунда на минус една) — (ознака: s^{-1}). Реципрочна секунда е изведена единица на SI. Реципрочна секунда има онаа активност на радиоактивниот извор кај кој се врши по едно распаѓање на радиоактивно јадро во 1 секунда.

2) Единица надвор од SI која може да се употребува:

— кири (curie) (ознака: Ci) е активност (брзина) од $3,7 \cdot 10^{10}$ на распаѓање во секунда.

38. За доза на јонизирачко зрачење

1) Единица за доза на јонизирачко зрачење е кулон по килограм (ознака: C/kg). Кулон по килограм е изведена единица на SI. Единица на експозициона доза на X зрачење е кулон по килограм. Кулон по килограм е експозициона доза на рендгенско или гама зрачење при која сумата на наелектризирање на сите јони на еден знак, создадени во озрачен воздух на маса од 1 килограм, при целосно искористување на јонизирачките способности на сите електрони ослободени со фотони, е еднаква на 1 кулон

2) Единица надвор од SI која може да се употребува:

— рендген (röntgen)—(ознака: R) еднаков на $2,58.10^{-4}$C/kg.

39. За апсорбирана доза и еквивалентна доза на јонизирачко зрачење

1) Единица за апсорбирана или еквивалентна доза на јонизирачко зрачење е џул по килограм (ознака: J/kg) Џул по килограм е изведена единица на SI. Џул по килограм е апсорбирана доза која при апсорпција на јонизирачко зрачење доведува до ослободување на енергија од 1 џул во озрачена маса од 1 килограм.

2) Единици надвор од SI кои можат да се употребуваат:

— рад (ознака: rd), еднаков на 0,01 J/kg;

— рем (ознака: rem), еднаков на 0,01 J/kg.

40. За количина на материја

Единица за количина на материја е мол (ознака: mol). Мол е основна единица на SI. Мол е количина на материја на системот кој содржи толку елементарни честици колку што има атоми во 0,012 килограми јаглерод 12.

41. За молна маса

Единица за молна маса е килограм по мол (ознака: kg/mol) Килограм по мол е изведена единица на SI Килограм по мол е еднаков на молната маса на хомогена материја која за маса од 1 килограм има количина на материја 1 мол.

42. За концентрација на материјата (моларитет)

Единица за концентрација на материјата (molaritet) е мол за кубен метар (ознака: mol/m^3). Мол за кубен метар е изведена единица на SI. Мол за кубен метар е еднаков на концентрацијата на материјата или на моларитетот на една компонента во хомогена смеса на материја, ако компонентата на материјата има 1 мол а смесата има волумен од 1 кубен метар.

II

1. Децималните множини и деловите од единиците кои се изведени во глава I се образуваат со помош на префикси кои се додаваат пред називот на единиците односно со додавање на ознаката на префиксот кој се додава пред ознаката на единицата. Бројчените вредности на префиксите односно на ознаките се наведени во следната табела:

Префикс кој се става пред единицата	Ознака на префиксот кој се става пред ознаката на единицата	Фактор со кој се множи единицата (вредноста на префиксот)
tera	T	1000000000000 = 10^{12}
giga	G	1000000000 = 10^{9}
mega	M	1000000 = 10^{6}
kilo	k	1000 = 10^{3}
hekto	h	100 = 10^{2}
deka	da	10 = 10^{1}
deci	d	0,1 = 10^{-1}
centi	c	0,01 = 10^{-2}
mili	m	0,001 = 10^{-3}
mikro	μ	0,000001 = 10^{-6}
nano	n	0,000000001 = 10^{-9}
piko	p	0,000000000001 = 10^{-12}
femto	f	0,000000000000001 = 10^{-15}
ato	a	0,000000000000000001 = 10^{-18}

2. Одредбите од точка 1 не се применуваат на следните единици: ангстрем, морска милја, ар, бродска тона, полн агол, степен (агол во рамнина), минута (агол во рамнина), секунда (агол во рамнина), квинтал, минута (единица за време), ден, час или саат, јазол, тон, дин, нормална атмосфера, техничка атмосфера, поаз, стокс, ерг, коњска сила.

3. Како децимални множини и делови од ар, поаз и стокс можат да се употребат називите: хектар (ознака: ha), центипоаз (ознака: cP) и центистокс (ознака: cSt).

4. Децималните множини и деловите од основната единица за маса се добиваат со ставање префикс или ознака пред називот односно пред ознака на називот грам (ознака: g). Покрај тоа можат да бидат употребувани како единици: тон, килотон, мегатон, гигатон и тератон.

5. За означување на децималната множина или на деловите според точка 1, префиксот смее да биде употребен само еднаш.

6. Префиксот и називот на единицата се пишуваат заедно како еден збор Исто така, ознаката на префиксот и ознаката на единицата се пишуваат заедно. Изложителот (експонент) кој се става само на ознаката на единицата се однесува на целата ознака на множината или на нејзин дел. Ознаките на единиците се пишуваат без точка на крајот.

7. Ако некоја единица се образува како производ или количник од децимални множини или делови од други единици, таа може да биде означена со префиксите и нивните ознаки од точка 1.

459.

Врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 1, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАПАЗУВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМОТ И ИМОТСКИТЕ ПРАВА И ИНТЕРЕСИ ВО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за престанок на важењето на Законот за запазување на југословенскиот имот и имотските права и интереси во странство, што го усвои Сојузната скупштина, на седницата на

Соборот на народите од 26 јуни 1973 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 26 јуни 1973 година.

ПР бр. 217
27 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАПАЗУВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ИМОТ И ИМОТСКИТЕ ПРАВА И ИНТЕРЕСИ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Законот за запазување на југословенскиот имот и имотските права и интереси во странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 12/46) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

460.

Трагнувајќи од потребата за поуспешно остварување на законитоста, а со тоа и за поцелосна заштита на уставниот поредок, на социјалистичките самоуправни односи, на правата и слободите на граѓаните;

имајќи ги предвид ставовите на Деветтиот конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија и на 21-та седница на Претседателството на СКЈ, Акционата програма на Втората конференција на Сојузот на комунистите на Југославија, Писмото на Претседателот на СКЈ и на Извршното биро на Претседателството на СКЈ и Заклучоците на Четвртата конференција на СКЈ;

разгледувајќи ги извештаите на сојузните правосудни органи, на Сојузниот секретаријат за правосудни и општи управни работи, на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, на сојузните инспекциско-контролни органи и на Службата на општественото книговодство;

врз основа на член 164 став 1 точ. 4 и 10 и Амандманот IX точка 1 став 3 од Уставот на СФРЈ, како и член 280 од Деловникот на Сојузната скупштина, Сојузната скупштина, на седниците на Соборот на народите од 26 јуни 1973 година и на седницата на Општествено-политичкиот собор од 26 јуни 1973 година, донесе

ЗАКЛУЧОЦИ

ЗА МЕРКИТЕ ЗА ПОДОСЛЕДНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАКОНИТОСТА

I

Примената на законите и надзорот над нивното спроведување се составен дел на заштитата и на натамошниот развој на самоуправното социјалистичко општество, на борбата против класниот непријател, а со тоа и на заштитата на придобивките од Револуцијата, на обезбедувањето сигурноста и стабилноста на правниот поредок и на заштитата на правата на работните луѓе, граѓаните, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници. Борба за остварување на социјалистичка законитост е обврска на сите работни луѓе, на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, општествено-политички заедници и нивните органи. Посебна улога во тоа имаат правосудните и инспекциско-контролните органи, органите на внатрешните работи, Службата на општественото книговодство, царинската служба, како и други органи и организации чија задача е заштита на уставноста и законитоста.

Во јакнењето на социјалистичката законитост и во обезбедувањето правната сигурност на работните луѓе и граѓаните и на заштитата на придобивките од нашата револуција, се постигнати значајни успеси. Меѓутоа, последниве години дојде до извесен пораст на кршењето на законитоста, особено во вид на напад на општествената сопственост и самоуправните права на работните луѓе и граѓаните, а со тоа и на основите на нашето самоуправно социјалистичко уредување. Исто така се изигрувани прописите заради обезбедување на поединечни, групни или локални интереси на штета на општите општествени интереси. Во некои случаи е оневозможувано гонењето на сторителите на кривични дела или стопански престапи затоа што со посредство на кривичните дејствија се остварувала корист за своето претпријатие или за потесната општествено-политичка заедница.

Во работата на правосудните, управните и другите органи и организации на кои општеството им ја довери примената на законите и заштитата на законитоста, се уочени бројни проблеми во врска со остварувањето на законитоста, како и одредени субјективни слабости.

Меѓутоа, по 21-та седница на Претседателството на СКЈ и Писмото на Претседателот на СКЈ и Извршното биро на Претседателството на СКЈ, во поглед остварувањето и заштитата на законитоста, дојде до зголемена активност на сите општествени фактори, со што се создадени поповолни услови за поефикасна работа на правосудните, инспекциско-контролните и другите органи и организации, а во самите тие органи и организации — до преземање мерки за отстранување на сопствените слабости и недостатоци.

Покрај постигнатите резултати во овој период, кај овие органи и организации во остварувањето и заштитата на законитоста и натаму постојат одредени недостатоци и слабости, како и тешкотии од објективен карактер што прават пречка за постигање поголема ефикасност во нивната работа.

II

Состојбата и проблемите во врска со примената на законите и со остварувањето на принципите на уставноста и законитоста како и слабостите во работата на органите и организациите чија должност е да обезбедуваат доследна примена на овие принципи, помеѓу другото, се гледаат од следното:

1. Во развојот на нашето самоуправно општество, поради недоволната општествена активност на социјалистичките прогресивни сили, во текот на последниве години дојде до зголемена активност на националистичките, технократско-менаџерските и бирократските сили кои, во спрег со носителите на либерализмот, дејствуваа против интересите на работничката класа и натамошниот развој на нашето самоуправно социјалистичко општество. Тие сили, во случаите кога беа поврзани со реакционерните и непријателските сили од странство, создаваа и одредени безбедносни проблеми. Во општеството се појавија и сфаќања дека се оправдани односувањата во деловните и други односи, со кои се обезбедуваше сопствениот интерес, без оглед на тоа што тоа е во спротивност со правните норми и моралните принципи на нашето самоуправно општество.

Сé ова во одредена мера негативно се одразуваше и врз работата на органите и организациите чија задача е поведување иницијатива за решавање на прашањата од значење за остварувањето на законитоста или за правно регулирање на општествените односи или примена на законите и другите прописи.

Собранијата на општествено-политичките заедници не го следеа во доволна мера извршувањето на законите и другите прописи, што посебно се однесува на собранијата на општините во поглед вршењето надзор над општите акти на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници.

2. Во работата на правосудните, управните и инспекциско-контролните органи и организации во одделни средини, поради либералистичките сфаќања и опортунистичкото односување, при преземањето на мерки и донесувањето на одлуки врз основа на законот, имаше колебливост, формализам и недоволно водење сметка за потребата од поефикасна заштита на интересите на работничката класа. Слабостите на овие органи исто така се појавуваа и во недоволно енергична и ненавремена активност против деликтните и други антисоцијалистички обнесувања и појави, како и во правење отстапки на притисоците и манипулациите на националистичките, технократско-менаџерските и либералистичките сили. Во работата на овие органи доаѓаше и до претежност на регионалните и партикуларистичките интереси, на штета на општоопштествениот интерес.

3 Органите на управата не ги користеа во доволна мера овластувањата во борбата против општествено штетните појави и обнесувања, а понекогаш и самите условуваа негативни појави со недоследната и ненавремената примена на законите, што негативно влијаеше врз нивната ефикасност во остварувањето на законитоста. Освен тоа, помеѓу органите на управата немаше доволно договор и координирана активност при примената на законите и отстранувањето на општествено штетните појави.

4. Во областа на стопанскиот криминал во последно време се откриени значителен број потешки облици на пљачка на општествениот имот, на недозволен одлив на општествен капитал во странство и на други појави што објективно претставуваат непријателска дејност, насочена кон поткопување на нашите социјалистички општествено-економски односи

Исто така, беа чести појавите на злоупотреба на положбата, на присвојување општествен имот, на склучување штетни договори со несразмерни провизии и други видови корупција, на нанесување штета на општествениот имот со несовесно, нестручно, небрежно управување и раководење и слично. Во најтешки случаи доаѓаше и до меѓусебна поврзаност на повеќе појавни облици на криминална дејност.

Во работата на организациите на здружениот труд имаше неизвршување и задоцнување во исполнувањето на обврските, битни недостатоци при склучување на договори за промет на стоки и за вршење на услуги, несредено финансиско-материјално работење, шпекулативни мотиви при склучување работи, како и разни други штетни и незаконити појави. Сето тоа покажува дека имаше неодговорно располагање со општествени средства, како и работење што не е во согласност со социјалистичката етика и со деловниот морал.

Причините за тие појави, помеѓу другото, се: недоволно развиеното самоуправување, узурпацијата на самоуправните права од страна на одделни раководни и други одговорни лица, недоволната будност на органите на управувањето и на членовите на работните заедници, како и слабата општествено-политичка активност во тие работни заедници; непостоењето на самоуправни општи акти; неразвиеноста на внатрешната контрола и недоволната информираност на членовите на работните заедници.

5 Во борбата против стопанскиот и друг криминал, основната слабост беше во недоволната ефикасност на откривањето и гонењето на нивните извршители. Бројот на откриените кривични дела, стопански престапи и прекршоци не ја одразуваше фактичната состојба. Органите на внатрешните работи, јавните обвинителства, инспекциите, Службата на општественото книговодство и другите органи и организации, поради низа објективни тешкотии и субјективни слабости, не ги извршуваа секогаш со успех своите задачи и работи. Освен тоа, одделни инспекциско-контролни органи не се ориентираа доволно кон откривање на потешки и посложени облици на кршење на законитоста, а за ова во доволна мера не беа ниту оспособени. Посебен проблем во откривањето на недозволени дејствија постои и поради сé уште недоволно и непрецизно дефинираниот предмет и карактер на инспекцијско-контролниот надзор, вклучувајќи ги тука и овластувањето на одделни инспекции, како и поради нерешените проблеми во врска со условите под кои се врши тој надзор. Исто така, и органите на внатрешната контрола не ја вршеа ефикасно својата функција, а не постоеше ниту потребната соработка помеѓу внатрешната и надворешната контрола.

Во значителниот број откриени случаи постапките кај органите на судењето, а особено во фазата на истрагата, долго траеја, така што бројот на нерешените, посебно на сложените предмети е во постојан пораст.

Во казнената политика на судовите во текот на последниве години се покажаа одредени слабости во изрекувањето санкции на сторителите на кривични дела, кои особено се огледаат во неоправдано благи казни, во голем број условни осуди и во други неоправдани ублажувања на санкциите предвидени со закон. Освен тоа е уочено дека извесни санкции мошне ретко се применуваат, како што е случајот со казната конфискација на имот, како и со мерката на безбедност забрана на занимавање со одредено занимавање и одземање на незаконито стечена имотна корист. Поради тоа и примената на кривичните норми и изрекувањето на казните нема карактер на ефикасна репресија која во полна мера би дејствувала воспитно, а во потребна мера и превентивно врз потенцијалните извршители.

По Писмото на Претседателот на СКЈ и Извршното биро на Претседателството на СКЈ, органите за откривање, гонење и судење критички ја преиспитаа својата работа и ги установија одредените пропусти. Во областа на казнената политика судовите поставија критериуми за поадекватна примена на законите, што посебно се огледа во поострувањето на казнената политика, особено за делата на политички и стопански криминал. Се пријави и поголемо ангажирање на органите на внатрешните работи, на инспекциите и на јавното обвинителство, така што дојде до пораст на бројот на откриените кривични дела, стопански престапи и други деликтни појави и обнесувања. Ова особено се однесува на стопанскиот криминал во чие откривање е забележана значително поголема активност на општествените фактори, а посебно на органите на откривањето и гонењето.

Неодамна извршените измени во кривичното законодавство, со кои се предвидуваат построги санкции за извесни општествено-опасни дејности, се инкриминираат нови штетни појави и им се даваат пошироки овластувања на органите на откривањето и гонењето, несомнено ќе влијаат врз уште поголема активност во откривањето на извршителите на кривични дела и врз подоследно водење на казнената политика која ќе одговара на општествената опасност на делата и сторителите.

6. Во остварувањето на правата на граѓаните и во обезбедувањето на нивната еднаква положба пред државните органи, не е во доволна мера обезбедено квалификувано давање правна помош, при што е изостаната неопходната општествена поддршка за решавање на ова прашање.

Адвокатурата како општествена служба има значајна улога во давањето правна помош за успешно спроведување на постапката пред судовите и пред другите државни органи. Меѓутоа, во нејзината работа се појавуваат одредени слабости, како што се појавите на користење на процесните норми и дејствија со цел да се протегнува постапката пред судот и, во одделни случаи, непридр-

жување кон морално-етичките норми на адвокатурата и др. Освен тоа, неповолна е состојбата на кадрите поради недоволната заинтересираност на помладите правници за работата во адвокатурата; недостига континуирано стручно издигање на постојните кадри и др. Од друга страна, ниту општествено-политичките заедници не секогаш ѝ обрнувале доволно внимание на адвокатурата како општествена служба во решавањето на нејзините проблеми.

Други облици на правна помош, во општините и во синдикалните и други општествени организации, не се развија доволно ниту стручно се оспособија за давање правна помош на граѓаните.

7. Правниот систем, во условите на динамичниот развој на општествено-економските и политичките односи, не е во целост доградѐн и усогласен со уставните промени, што значително ја отежнува работата на правосудните, управните, инспекциско-контролните и другите органи и организации што ја обезбедуваат уставноста и законитоста. Тешкотиите во работата на овие органи се последица и на непотполноста и непрецизноста на прописите, на нивните чести измени и дополненија. Поради тоа нивните задачи и работи се пообемни одошто порано, а работните услови потешки и посложени.

Отежнатото функционирање на некои од тие органи е последица и на недоградеността на прописите со кои се уредуваат нивната положба, овластувања и организацијата на работата.

8. Недоволната ефикасност на овие органи и организации е последица и на дефицитарноста на кадрите, на нивната неповолна квалификациона структура, на недостигот на постојано стручно усовршување и идејно-политичко издигање, на недоградеността на системот на распрделбата според резултатите на трудот и др. Освен тоа, не секогаш се водеше доволно сметка за идејно-политичката определеност и за моралните квалитети на луѓето што се ангажираат за работа во тие органи и организации.

9. Зголемениот обем на задачите и работите на наведените органи и организации, и поради тоа отежнатите услови на нивната работа, не се истовремено и адекватно следени со подобрување на техничката опременост и на кадровската оспособеност, како ниту со модернизација на работата на тие органи. Мерките што на тој план ги преземаа општествено-политичките заедници покажаа извесни но сѐ уште недоволни резултати.

10. Во рамките на одделни општествено-политички заедници немаше секогаш доволно соработка и координација помеѓу инспекциско-контролните органи, Службата на општественото книговодство, органите на внатрешните работи, судовите и јавните обвинителства заради поефикасно извршување на нивните задачи.

III

Заради постигање поголема ефикасност во обезбедувањето на законитоста, во работата на правосудните и управните органи, како и на другите органи и организации, што се грижат за примена на законите, е потребно да се преземе следното:

1. Решавачка улога во борбата против незаконитите и други антисоцијалистички појави треба да имаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и нивните органи на самоуправувањето, општествено-политичките организации и другите самоуправни општествени фактори. Работните заедници и нивните органи се должни да ги штитат интересите на својата организација и средствата на општествениот имот со кој управуваат, да ги отстрануваат причините и да ги сузбиваат негативните појави во своите организации и да се борат за законитост во нивната работа, во што основа и полна поддршка им даваат новите уставни решенија. Должноста на работните луѓе е непосредно да преземаат мерки и да укажуваат помош во откривање и гонење на извршителите на кривични дела, стопански престапи, прекршоци и други деликтни обносувања.

Целосната информираност на работните луѓе за сите прашања од работата на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации и заедници, како и на нивните самоуправни органи и тела, им овозможува ефикасно остварување на самоуправните права, контрола на законитоста на работата и, во врска со тоа, борба против општествено-негативните појави и обносувања.

Во остварувањето на законитоста значајна улога има внатрешната а посебно работничката контрола, кои во организациите на здружениот труд и во сите други самоуправни организации и заедници треба постојано да се развиваат и усовршуваат. Задача на оваа контрола треба да биде преземање мерки за заштита на самоуправните права, укажување на недостатоците во работата на органите на управувањето како и откривање на незаконити и други штетни појави и обносувања односно предлагање мерки за спречување и отстранување на такви појави.

Неопходно е, исто така, да се оствари поголем степен на соработка помеѓу органите на внатрешната контрола и инспекциските и други контролни органи. Без сестрана соработка и помош во работата помеѓу органите на внатрешната и надворешната контрола, правосудните и други органи, не можат да се постигнат соодветни резултати во сузбивањето и спречувањето на незаконити појави и деформации во општеството.

За успешно остварување на законитоста во решавањето на спорови од самоуправните односи, потребно е да се извршат и подготовки за основање самоуправни судски органи што треба да ги решаваат споровите од меѓусебните односи на организациите на здружениот труд, интересните и други самоуправни заедници.

2. Успешното вршење на судската функција бара доследно спроведување на уставниот принцип за поротничко судење. За таа цел треба да се обрне уште поголемо внимание како на изборот и подигањето на општествениот углед на судиите поротници, така и на решавањето на другите проблеми што го попречуваа адекватното учество во судењето на оние граѓани кои според своите квалитети можат да придонесат за донесување на правилни одлуки.

Во решавањето на одделни видови меѓусебни спорови на граѓаните, значајна улога имаат мировните совети. Поради тоа и натаму треба да се развиваат и јакнат институциите на мировните совети, како важен облик на поопштествувањето на судската функција.

3. На правосудните и инспекциско-контролните органи, како и на органите на внатрешната контрола, постојано треба да им се дава општествена поддршка, афирмирајќи ги истовремено принципите на социјалистичкиот морал и законитоста. Исто така, нужно е да се поддржува и натаму постојано насочува веќе започнатата широка општествена акција за унапредување на организацијата и работата на сите наведени органи и организации.

4. Правосудните, инспекциско-контролните и другите органи се должни самостојно, во рамките на уставните и законските овластувања, да ги вршат своите функции, имајќи ги секогаш предвид интересите на работничката класа.

Општествено-политичките заедници се должни да создаваат што подобри услови за нивната самостојна работа, да им даваат полна поддршка во активноста за заштита на законитоста и во отстранувањето на можностите за влијание мотивирани со поединечни, групни и локални интереси на штета на општоопштествените интереси.

5. Потребно е да се обезбеди со системски решенија поголем степен на самостојност, а со тоа и одговорност, на органите на управата во поглед на примената на прописите, што ќе овозможи нив-

на поголема ефикасност во остварувањето на законитоста и во водењето на борбата против одредени општествено штетни појави и обносувања. Исто така е нужно да се преземат соодветни мерки за подобрување на организационите, материјалните и другите услови на нивната работа. Со оглед на заедничкиот интерес на општествено-политичките заедници во остварувањето на законитоста, неопходно е, по пат на меѓусебни договори, органите на управата да развиваат координирана активност и да обезбедуваат што поединствени критериуми во примената на законите и на другите прописи.

6. Потребно е во што пократок рок да се усогласат законите и другите прописи со уставните промени и со тоа во политичкиот систем да се воспостави нова, функционална, меѓусебно поврзана структура на државните органи во остварувањето на заедничките интереси во заштитата на законитоста и правната сигурност.

Во врска со тоа, нужно е да се забрза работата на донесувањето на законите и другите прописи што се однесуваат на положбата и овластувањата на органите што вршат работи на инспекциски надзор.

Во областа на правосудното законодавство е потребно да се донесат процесните и други закони што недостигаат, како и поцелосно да се регулираат правата и должностите на одделните правосудни органи (јавното обвинителство, јавното правобранителство итн.).

7 Заради поефикасна заштита на социјалистичкиот општествен поредок и на интересите на работничката класа, во кадровската политика е потребно уште повеќе да се води сметка за идејните, моралните и стручните квалитети на лицата што се примаат или се веќе на работа во органите на откривањето, гонењето и судењето. Оттаму лицата кои покрај стручните ги немаат и потребните идејни и морално-политички квалитети, не можат да работат во овие органи. Исто така треба да се утврди и да се спроведува долгорочна кадровска политика со соодветни мерки (стипендирање и друго) за пополнување и постојано обезбедување потребен број квалитетни кадри во овие органи.

Во правосудните, управните и другите органи и организации е потребно да се обезбеди перманентно стручно усовршување, образование и марксистичко издигање на кадрите, со оглед дека тоа е од битно значење за правилна и ефикасна примена на законите.

8. Заради остварување на целите на казнената политика, е потребно судовите и другите овластени органи да изрекуваат санкции и да преземаат други репресивни мерки што се сразмерни со општествената опасност и тежината на сторените деликти и што одговараат на целта на казнувањето.

Инспекциско-контролните органи и организации (инспекции, Службата на општественото книговодство, царински органи и др.), органите на внатрешните работи и другите органи на откривањето и гонењето, уште повеќе треба да се оспособат за откривање и гонење на сторителите на сите општествено-опасни облици на кршење на законитоста, обрнувајќи му посебно внимание на откривањето на потешките кривични дела, како и навремено да преземаат соодветни мерки и да вршат други дејствија заради спречување на општествено штетните појави.

Органите на правосудството треба да преземаат поефикасни мерки за отстранување на бавноста и другите слабости во водењето на постапката и во донесувањето на одлуките.

9. Важна улога во остварувањето на социјалистичката законитост имаат адвокатурата, како самостојна општествена служба, и другите видови правна помош (служба за правна помош на општинските собранија, на синдикалните и други организации и на организациите на здружениот труд) со давање стручна помош на работните луѓе, на граѓаните и на организациите во врска со остварувањето и заштитата на нивните права и обврски.

Адвокатските комори, заедно со другите општествени фактори, треба уште повеќе да се ангажираат против слабостите во адвокатурата, при што е потребно на одреден начин да се спречуваат појавите што им се спротивни на принципите на адвокатската етика и на социјалистичкиот морал.

Општествено-политичките заедници, во соработка со адвокатските комори, треба да се грижат за создавање поповолни услови за работа на адвокатите што ќе придонесе помладите правници во поголема мера да се определуваат за работа во адвокатурата.

10. Правосудните и инспекциско-контролните органи, органите на внатрешните работи, Службата на општественото книговодство и другите органи и организации, што ги применуваат прописите односно вршат надзор над нивната примена, треба постојано, во рамките на својот делокруг и својата надлежност, да ги следат движењата и појавите во општествените односи што се од интерес за остварувањето на законитоста и за поефикасна работа на тие органи и организации, како и за забележаните појави и проблеми навремено да ги известуваат собранијата на соодветните општествено-политички заедници, а, по потреба, органите на управувањето на организациите на здружениот труд и на другите самоуправни организации, давајќи наедно предлози за решавање на овие проблеми.

11. Заради поефикасна, поекономична и порационална работа во откривањето на сторителите на кривични дела, стопански престапи, прекршоци и други негативни појави, нужно е да се оствари подобра координација на инспекциските и други контролни органи, на органите на откривањето, гонењето и судењето (меѓусебно информирање и усогласување на плановите за работа и на одделни акции, заедничко преземање на мерки, размена на искуства итн.). Во рамките на секоја општествено-политичка заедница би требало да се разгледа и прашањето за организирање на оваа соработка во рамките на посебно тело.

12 Нужно е поголемо ангажирање на научните установи при подготовувањето на законите и другите прописи во областа на правосудството и јавната управа. Исто така, правосудните и управните органи и организации во својата работа треба пошироко да ги користат резултатите на научните истражувања, што ќе им овозможи подоследно остварување на законитоста и поголема ефикасност во работата.

13. Потребно е и натаму да се прават напори во правец на модернизација на работата на инспекциско-контролните органи, на Службата на општественото книговодство, на царинските органи и органите на правосудството, а посебно на техничката опременост на органите на внатрешните работи, заради оспособување за извршување на нивните задачи и работи. Во врска со тоа е потребно да се приготват програми за модернизација на организацијата и методите на нивната работа, за подигање на стручната способност на кадрите и за подобра техничка опременост, со примена на современи научни сознанија.

14. Средствата на јавното информирање (печатот, телевизијата, радиото и др.), со оглед на нивната распространетост и моќта на влијанието во современи услови, во остварувањето на законитоста треба да имаат значајна улога. Објективното и навременото информирање на јавноста за кршењето на законитоста, како и за другите општествено-штетни појави и обносувања, за нивните причини и појавни облици, би требало да се врши поредовно и во потесна соработка со правосудните, инспекциско-контролните и други органи, при што е потребно да се води сметка за заштитата на достоинството на личноста. На тој начин средствата на јавното информирање можат значително да придонесат за поефикасна работа на овие органи и организации.

IV

Имајќи ги предвид состојбата и проблемите во остварувањето на законитоста, причините на таа состојба, како и значењето на нивното отстранување односно решавање за понатамошен развој на нашето самоуправно општество, Сојузната скупштина, во согласност со своите уставни надлежности, го става во задача следното:

1) надлежните сојузни органи и организации да ги преземат односно предложат сите потребни мерки во поглед на поцелосното оспособување на правосудните, инспекциско-контролните и другите органи на управата и организации во федерацијата заради постигање што поголема ефикасност и законитост во нивната работа (регулаторни, организациони, финансиски, кадровски и други мерки);

2) надлежните сојузни органи да ја забрзаат работата на подготвувањето на законите со кои правосудното законодавство (организационо, материјално и процесуално) ќе се усогласи со новите уставни решенија;

3) Сојузниот извршен совет да ја забрза работата на подготвувањето на законите со кои, во согласност со уставните промени, поцелосно и попрецизно ќе се регулираат положбата, односите, овластувањата, предметот на контролата и други прашања од интерес за ефикасната и законитата работа на инспекциско-контролните и другите органи на управата и организации што вршат надзор над примената на сојузните прописи. Во врска со тоа треба приоритетно да се решаваат таквите и слични прашања во областа на девизното работење, на кредитните работи со странство, на кредитно-монетарната политика, царината, хидрометеоролошката служба и телекомуникациите, контролата на квалитетот на земјоделските производи, пазарната инспекција, Службата на општественото книговодство итн.;

4) при изработката на новиот закон за сојузната управа поцелосно да се регулираат прашањата што се однесуваат на положбата на сите сојузни органи што вршат работи на инспекциско-контролен надзор, како и нивните овластувања, односите и одговорноста во вршењето на овие работи (како на оние за кои се непосредно одговорни така и на оние за кои ја поднесуваат непосредната одговорност);

5) Сојузниот извршен совет што побргу да донесе прописи за кои е овластен а кои се однесуваат на инспекциско-контролните и други органи и организации што вршат надзор над примената на сојузните прописи. Во врска со тоа сите органи на сојузната управа, во чиј делокруг спаѓаат задачите и работите на инспекциско-контролниот надзор, треба да подготват и што понапред да му поднесат на Сојузниот извршен совет нацрти на подзаконски прописи за чие донесување е овластен Советот, а кои се од значење за работата на тие сојузни органи, како и во означениот рок да ги донесат соодветните прописи за кои тие се овластени;

6) се предлага Сојузниот извршен совет, во соработка со републичките и покраинските извршни совети, да ги разгледа отворените заеднички проблеми во врска со работата на инспекциско-контролните и други органи на управата и организации што работат на примената и надзорот односно на контролата над примената на сојузните закони и други сојузни прописи, а со цел за поголемо оспособување на овие органи заради постигање што поцелосна ефикасност и законитост во работата;

7) сојузните инспекциско-контролни органи и Службата на општественото книговодство да воспостават и развијат меѓусебна соработка, како и соработка со соодветните органи во социјалистичките републики и во автономните покраини и со работните и други организации во федерацијата што вршат јавни овластувања од инспекциско-контролен карактер од сојузните прописи (заедници на железниците, поштите, електростопанството, социјалното осигурување, Народната банка на Југославија и др.), и на тој начин да го остварат принципот на функционалното единство на акцијата, заради постигање што поголема ефикасност во надзорот односно контролата над примената на сојузните прописи. Во врска со тоа сојузните и инспекциско-контролните органи треба што побргу да подготват програми на мерки и акции за остварување на таа соработка, да разменуваат искуства во работата, да укажуваат стручна и друга помош и др.;

8) да се воспостави и развие постојана соработка, известување и договарање помеѓу сојузните инспекциско-контролни органи и органите на откривањето, гонењето и судењето во федерацијата, заради разгледување на прашањата од заеднички интерес за работата на овие органи. Во врска со тоа би требало, на ниво на федерацијата, да се разгледа потребата од формирање посебно координационо тело што би се занимавало со прашањето за соработка на овие органи;

9) сојузните правосудни, инспекциско-контролни и други органи, во рамките на својата надлежност, постојано да ја следат примената на сојузните закони и на другите прописи и за општествените односи и појави од интерес за остварувањето на нивните функции (ефикасно и законито спроведување на прописите) редовно да ја известуваат Сојузната скупштина, давајќи ѝ предлози за решавање на одделни прашања;

10) органите на федерацијата што вршат инспекциско-контролни овластувања од сојузните прописи и органите на откривањето, гонењето и судењето во федерацијата — да ја забрзаат работата на својата модернизација, со примена на современите технички средства, со воведување на современите методи на работата, со постојано подигање на стручната оспособеност на своите кадри и сл. Поради тоа е потребно на овие органи, во согласност со нивните специфични услови на работата и потребите, во рамките на материјалните можности, да ми се обезбедат соодветни финансиски средства за што понапред да ги остварат предвидените програми за модернизација.

Сојузна скупштина

АС бр. 844
26 јуни 1973 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

Потпретседател
на Општествено-
политичкиот собор,
Илија Рикановиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Мика Шпиљак, с. р.

Врз основа на чл. 43 и 51 од Деловникот на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 7/73 и 29/73), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА НАСОЧУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА КООРДИНАЦИЈАТА НА МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА НА НЕВРЗАНИТЕ ЗЕМЈИ ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА

1. Се формира Комисија на Сојузниот извршен совет за насочување и организација на координацијата на меѓусебната соработка на неврзаните земји во областа на науката и технологијата (во натамошниот текст: Комисијата), како привремено работно тело на Сојузниот извршен совет.

2. Комисијата ги разгледува прашањата од надлежноста на Сојузниот извршен совет што се однесуваат на активностите во врска со насочувањето и организацијата на координацијата на меѓусебната соработка на неврзаните земји во областа на науката и технологијата, и на усогласувањето на активностите на сојузните органи на управата и на заинтересираните сојузни институции на тоа подрачје, и на Сојузниот извршен совет му дава мислење и предлози по тие прашања.

3. Комисијата се состои од претседател и одреден број членови.

Претседателот и еден член на Комисијата ги именува Сојузниот извршен совет од редот на членовите на Советот, а другите членови на Комисијата — од редот на функционерите на сојузните органи на управата и на заинтересираните институции од областа за која се формира Комисијата, односно од редовите на научните и други јавни работници.

4. Стручните и други работи за потребите на Комисијата ги врши Сојузниот завод за меѓународна научна, просветна, културна и техничка соработка.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 181
26 јуни 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

462.

Врз основа на член 228 точка 7 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УКИНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕДИ И РАДИОМЕРЕЊА ВО ОБЛАСТА НА РАДИОСООБРАЌАЈОТ ШТО ГО НАПЛАТУВА УПРАВАТА ЗА РАДИОСООБРАЌАЈ

1. Се укинува Наредбата за измени и дополненија на Наредбата за височината на надоместокот за технички прегледи и радиомерења во областа на радиосообраќајот што го наплатува Управата за радиосообраќај, бр. 06-394/1 од 7 февруари 1973 година, што ја има издадено директорот на Сојузната управа за радиоврски.

2. Оваа одлука да ѝ се достави на Сојузната управа за радиоврски.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на потпишувањето.

Р. п. бр. 182
26 јуни 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

463.

Врз основа на член 31 став 1, во врска со член 28 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СВЕЖО МЕСО И ЗА ПРЕРАБОТКИ ОД МЕСО

1. Во Одлуката за начинот за формирање на цените за свежо месо и за преработки од месо („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/73) точка 3 се менува и гласи:

„3. За пилешко месо од бројлери може да се формира највисока малопродажна цена, и тоа:

	Дин/kg
— во класична обработка, до	20,40
— приготвено за печење (брат фертиг), до	21,90"

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јули 1973 година.

Р. п. бр. 184
27 јуни 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

464.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 63/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА ЗА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ЗА ЗДРАВСТВОТО

1. Во Решението за ослободување од плаќање царина за специфичната опрема за здравството („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73) во точка 1 се вршат следните дополненија:

1) пред тар. број 84.11/2 се додаваат три нови тар. броеви, кои гласат:

„73.18/3а	Рабни цевки Ex. Челични цевки за транспорт на кал, со прибор	Сл
73.22/1а	Цистерни, резервоари и сл. со внатрешна превлака или топлотна изолација Ex. Казани со двојни ѕидови, зафатнина 3000 l за загревање и стерилизација на кал со помош на пара од низок притисок	Сл
84.10/2	Ротациони пумпи Ex. Полжавести пумпи за потиснување на кал, со славина	Сл";

2) во тар. број 84.17/1в по првата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„ — Автоматски автоклави за стерилизација на раствори, во вречки од пластична маса Сл";

3) по тар. број 84.19/1 се додаваат два нови тар. броја, кои гласат:

„84 22/5а	Транспортери со гумена или челична лента врз база на движење на лентата, со сопствен погон Ex. Транспортери за кал врз база на движење на лентата, со сопствен погон	Сл

84.22/5д	Друго Ех. Хидраулична дигалка за хидротерапија	Сл";

4) во тар. број 84.59/2л по првата алинеја се додаваат три нови алинеи, кои гласат:

„— Мелници со валјаци за мелење кал Сл

— Челични силоси, пластифицирани од внатрешната страна, зафатнина 24 m^3, со вградени уреди за мешање на кал и за автоматско дозирање на минерална вода Сл

— Челични силоси, пластифицирани од внатрешната страна, зафатнина 13,5 m^3 за депонирање на кал, со вграден механизам за мешање и со уред за исфрлување на калта Сл";

5) по тар. број 84.59/2л се додава нов тар. број, кој гласи:

„84.61/2	Други славини, вентили и слични уреди Ех, — Специјални циркуларни тушеви за масажа на крвните садови — Специјални тушеви за терапија со минерална вода	Сл Сл";

6) во тар. број 85.19/5 по првата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Контролни табли со припаѓачките уреди на постројка за терапија со кал Сл";

7) по тар. број 87.13/2 се додава нов тар. број, кој гласи:

„87.14/5	Други возила Ех. Рачна количка за транспорт на кал, со сандак отпорен на хемиската агресивност на калта	Сл";

8) во тар. број 90.17/1 по триесет четвртата алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

„— Апарати за микробранова терапија Сл";

9) во тар. број 90.18/2 алинеја 4 зборовите: „и парцијална терапија" се заменуваат со запирка и зборовите: „парцијална терапија и парафинска терапија".

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 183
27 јуни 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

465.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70, 58/71, 36/72 и 71/72), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА ЕЛЕКТРОНСКИ СМЕТАЧИ

1. На увозот на електронски сметачи од подолу наведените тарифни броеви на Царинската тарифа, што се увезуваат во рамките на реализацијата на програмата за автоматизација од девизните средства обезбедени со посебен сојузен закон, наместо царинските стапки предвидени во Царинската тарифа односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73), ќе се применуваат следните царински стапки:

Тарифен број	Наименување	Царинска стапка
84.53/1	Машини за подготовка (дупчење, проверување, репродукција, средување итн.) Ех. Машини за подготовка на податоци за електронски сметачи	Сл.
84.53/2	Машини за обработка (табелирки, сметачи и сл.) Ех. Електронски сметачи	Сл.
92.12/2	Магнетофонски ленти и сл. Ех. Ленти и дискови за електронски сметачи	Сл.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува почнувајќи од 1 јануари 1973 година.

Р. п. бр. 185
27 јуни 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

466.

Врз основа на член 85 став 3 и член 87 став 1 од Законот за движење и престој на странци во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), сојузниот секретар за внатрешни работи пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗДАВАЊЕ ИСПРАВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ И ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ТИЕ ИСПРАВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат:

1) постапката за издавање исправи за странци, визи, одобренија за привремен престој, одобренија за постојано населување, како и постапката за при-

знавање на статусот на бегалец и начинот на пријавувањето на престојувалиштето односно живеалиштето на странци;

2) обрасците на исправите и визите што југословенските државни органи им ги издаваат на странците според Законот за движење и престој на странци во Југославија (во натамошниот текст: Законот), обрасците на барањето за издавање на тие исправи и визи, образецот на пријавата на престојувалиштето односно живеалиштето, образецот на одобрението за привремен престој и образецот за откажување на престој на странец;

3) евиденциите што ги водат надлежните органи на управата за странците што привремено престојуваат или се постојано населени во Југославија, за странците што минуваат преку територијата на Југославија, за исправите и визите, за одобрението на привремен престој, за пријавата на загубата или исчезнувањето на исправи за странец, како и евиденциите за странците (книга на странците) што ги водат организациите на здружениот труд и другите организации и поединци што им даваат услуги на сместување на странци;

4) начинот на водењето на Регистарот на здруженијата на странци и на други регистри на странци.

Член 2

При приемот на барањето за издавање на патна исправа за странец, на виза за преминување на државната граница, на одобрение за привремен престој, на одобрение за постојано населување, за признавање азил, за признавање на статусот на бегалец и на лична карта за странец, надлежниот орган го утврдува идентитетот на странецот — подносител на барањето, како и дека патната исправа односно исправата со која се докажува неговиот идентитет е уредна и важечка, дека странецот точно и читливо го пополнил образецот на барањето и дека кон барањето се поднесени сите пропишани прилози.

Член 3

Барањата од член 2 на овој правилник што се поднесуваат на пропишаните обрасци мораат да бидат пополнети читливо, и тоа со мастило или со машина.

Член 4

Барање за влегување во Југославија може да се поднесува од странец — поединец или од група странци.

Како група странци, во смисла на овој правилник, се подразбира група која, по правило, има најмалку 5 а најмногу 50 членови, вклучувајќи го и водачот на групата, кои во Југославија влегуваат врз основа на заедничка (колективна) патна исправа и виза односно врз основа на туристичка пропусница.

Виза за преминување на државната граница може да се издаде на странска заедничка (колективна) патна исправа издадена според важечките прописи за издавање на патни исправи на странската држава и ако групата странци има повеќе од 50 членови.

II. ИЗДАВАЊЕ ИСПРАВИ НА СТРАНЕЦ

1. Издавање патна исправа за странец

Член 5

Барањето за издавање на патна исправа за странец се поднесува на образецот бр. 1.

Кон барањето за издавање на патна исправа за бегалци, на патна исправа за лица без државјанство, како и на патен лист за странец се прилагаат две фотографии големина 4,5 × 6 cm, кои верно го прикажуваат лицето што го поднесува барањето.

Кон барањето за издавање на патна исправа за бегалци надлежниот општински орган на управата од странецот може да побара на увид решение за признавање на статусот на бегалец.

Ако на надлежниот општински орган на управата што решава по барањето за издавање на патна исправа за лицата без државјанство, не му е познато државјанството на подносителот на барањето, ќе ги провери и ќе ги утврди фактите што докажуваат дека странецот е лице без државјанство.

Член 6

При издавањето на патна исправа за бегалци, надлежниот општински орган на управата е должен да ја пополни и клаузулата во кој рок бегалецот може да се врати во Југославија.

Член 7

При издавањето на патна исправа за лица без државјанство, надлежниот општински орган на управата е должен да ја пополни и клаузулата во кој рок странецот може да се врати во Југославија.

Во случај на издавање патна исправа за лица без државјанство на лице што заминува од Југославија во патната исправа се внесува клаузулата „без право на враќање".

Член 8

Патниот лист за странец е во големина 10 × 14,5 cm и содржи 20 нумерирани страници.

Патниот лист за странец се издава на образецот бр. 2.

Текстот на образецот на патниот лист за странец се печати на еден од јазиците на народите на Југославија и на француски јазик.

Член 9

Патниот лист за странец се издава со рок на важење, и тоа:

1) до една година за лица што ќе добијат азил во Југославија — за патување во странство;

2) до 3 месеци за лица што ќе добијат заштита од Југославија — за доаѓање во Југославија;

3) до 6 месеци — за лица што ќе добијат отпуст од југословенското државјанство — за заминување во странство;

4) до еден месец — за лица што ја загубиле или на друг начин останале без патна исправа, а државата чии државјани се тие нема свое претставништво во Југославија ниту нејзините интереси во Југославија ги застапува друга држава;

5) до 3 месеци за лица што во странство ја загубиле патната исправа за странец издадена од југословенски орган — за враќање во Југославија.

Ако патниот лист за странец му се издава на странец што се иселува од Југославија и на странецот од точка 4 став 1 на овој член, во тој лист се внесува клаузулата „без право на враќање".

Член 10

Испишувањето на податоците во патната исправа за бегалци, во патната исправа за лица без државјанство и во патниот лист за странец се врши со специјална машина.

Фотографиите во патните исправи од став 1 на овој член се прицврстуваат со нитнување и на фотографиите се втиснува сув жиг.

Член 11

Кон барањето за издавање на патен лист за странец се поднесува:

1) препис на решението за одобрение на азил — за странец на кој му е одобрен азил;

2) препис на решението за отпуст од државјанство — за странец што добил отпуст од југословенското државјанство;

3) потврда за пријавата на загубата односно исчезнувањето на патната исправа — за странец што ја загубил или на друг начин останал без патната исправа а државата чиј државјанин е тој нема свое дипломатско или конзуларно претставништво во Југославија ниту неговите интереси во Југославија ги застапува друга држава.

Ако барањето за издавање на патен лист за странец му е поднесено на дипломатско или конзуларно претставништво на Југославија во странство, претставништвото е должно пред издавањето на патниот лист за странец да прибави известување од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи дали на странецот му е дадена заштита на Југославија (член 10 став 1 точка 2 на Законот) односно дали странецот имал патен лист за странец, чија загуба ја пријавил (член 10 став 1 точка 5 на Законот), како и да побара согласност за издавање на патен лист за странец.

Надлежниот орган на управата што решава по барањето на странецот за издавање на патна исправа за странец може да побара објаснение на наводите што се докажуваат со приложените исправи, како и други објаснениа во врска со околностите поради кои странецот го поднесува барањето.

2. Издавање на туристичка пропусница

Член 12

Барањето за добивање на туристичка пропусница се поднесува, по правило усно.

Заради добивање на туристичка пропусница за членови на туристичка група водителот на групата му поднесува на овластеното службено лице на органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница на граничниот премин во два примерока список на членовите на групата, а секој член на групата — исправа за идентитетот (пасош или лична карта). По проверувањето на идентитетот, обата примерока на списокот на членовите на групата се заверуваат со влезен печат и со потпис, од кои едниот примерок се задржува а другиот му се враќа на водителот на групата, и им се издаваат туристички пропусници на членовите на групата.

Член 13

Туристичките пропусници и списокот на членовите на групата при излегувањето од Југославија му се предаваат на овластеното службено лице на органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница на граничниот премин преку кој странците ја напуштаат земјата.

Странецот што има пасош и кој за време на 30-дневен престој во Југославија врз основа на туристичка пропусница ќе побара и ќе добие одобрение за привремен престој во Југославија туристичката пропусница му ја предава на надлежниот општински орган на управата што му го издал тоа одобрение.

Туристичката пропусница се издава на образецот бр. 3.

3. Издавање, замена и поништување на лична карта за странец

Член 14

Барањето за издавање на лична карта за странец се поднесува на образецот бр. 4.

Кон барањето за издавање на лична карта за странец се прилагаат две фотографии големина 3 × 4 cm кои верно го прикажуваат лицето што го поднесува барањето, изработени на бела тенка фотохартија и без ретуширање.

Овластеното службено лице на органот надлежен за издавање на лична карта за странец, заради утврдување на идентитетот, може да побара странецот да ја стави на увид својата патна исправа или извод од матичната книга на родените; или поранешната лична карта, или други докази.

Личната карта на странец се издава на образецот бр. 5.

Член 15

На странецот на кој му е одобрено постојано населување во Југославија и кој постојано ќе се насели во Југославија, во рубриката на личната карта за странец: „Престојува во СФРЈ како . .“ се запишуваат зборовите: „постојано населен“ а на странецот на кој му е признаен статусот на бегалец се запишува: „бегалец“.

Член 16

За издадените лични карти за странци надлежниот орган на управата води евиденција во вид на картотека.

Картотеката се води врз основа на картон што се пополнува за секоја издадена лична карта за странец и содржи: реден број; име и презиме на подносителот на барањето; ден, месец, година и место на раѓањето; државјанство; својство во кое странецот престојува во Југославија; место предвидено за фотографија и за отпечаток на прстот; серија и сериски број на личната карта за странецот; датум на издавањето; рок на важењето; потпис на овластеното службено лице и потпис на лицето на кое му е издадена личната карта и рубрика „забелешка“.

Редниот број на картонот се запишува во личната карта за странецот.

Член 17

Надлежниот општински орган на управата што, во смисла на чл. 80 и 81 на Законот, ќе замени или поништи лична карта за странец што тој не ја издал ќе го извести за тоа надлежниот општински орган на управата што ја издал личната карта заради бришење од евиденцијата за издадените лични карти.

Заменетите или поништените лични карти за странци комисиски ги уништува органот што замената односно поништувањето го извршил и за тоа составува записник.

Член 18

Странецот на кој му е издадена лична карта за странец е должен при патување во странство личната карта за странец да му ја предаде на органот што таа ја издал.

Надлежниот општински орган на управата од странецот на кој му е издадена лична карта за странец ќе побара да ја предаде личната карта при издавањето на патна исправа за бегалци, на патна исправа за лица без државјанство и на патен лист за странец.

Странците од став 2 на овој член што ќе се вратат на престој во Југославија при враќањето во Југославија се должни да му се пријават на општинскиот орган на управата на кој му ја предале личната карта за странец.

4 Пријавување на загубувањето односно исчезнувањето на патна исправа и на лична карта за странец и на туристичка пропусница

Член 19

При пријавувањето на загубувањето односно исчезнувањето на својата патна исправа странецот е должен на органот на кој му поднесува пријава да му даде податоци за околностите под кои ја загубил односно под кои му исчезнала патната исправа и да го назначи граничниот премин и времето кога влегол односно излегол од Југославија и со кое превозно средство, каде и кога го пријавил престојувалиштето или живеалиштето, видот на патната исправа што ја имал и кој орган ја издал, а по можност и нејзиниот број, кога и каде последниот пат се послужил со патната исправа, како и други податоци што би овозможиле полесно пронаоѓање на загубената или исчезнатата патна исправа.

Странецот е должен на органот на кој му го пријавува загубувањето односно исчезнувањето на патната исправа да му поднесе исправа со која може да се утврди неговиот идентитет.

Член 20

Надлежниот орган на управата на кој странецот му го пријавил загубувањето односно исчезнувањето на патната исправа или на личната карта за странец или на туристичката пропусница е должен итно да го утврди идентитетот на странецот, легалноста на неговиот престој во Југославија и да ја провери точноста на неговите наводи. За тоа тој составува забелешка во која ги наведува фактите врз основа на кои го утврдил идентитетот на странецот, легалноста на неговиот престој во Југославија како и точноста на неговите наводи.

Ако не е во состојба веднаш да го утврди идентитетот на странецот, легалноста на неговиот престој во Југославија и да ја провери точноста на неговите наводи, органот од став 1 на овој член му наложува на странецот до утврдувањето на неговиот идентитет да престојува во местото во кое го пријавил загубувањето односно исчезнувањето на патната исправа или на личната карта за странец или на туристичката пропусница.

Член 21

Странецот што ќе ја загуби или на друг начин ќе остане без патна исправа за странец издадена од југословенски орган надлежниот општински орган на управата ќе му издаде нова патна исправа само ако кон своето барање приложи и потврда дека патната исправа ја огласил за неважечка во „Службен лист на СФРЈ".

Член 22

Ако е пријавено загубување односно исчезнување на патна исправа за странец издадена од југословенски орган, или на лична карта за странец или на туристичка пропусница, органот на кој му е поднесена пријавата ги проверува наводите на странецот кај органот што ја издал загубената или исчезнатата исправа односно туристичката пропусница и ако утврди дека се точни, му издава на странецот потврда за пријава на загубувањето односно исчезнувањето на исправата односно на туристичката пропусница и го упатува заради прибавување на нова патна исправа до органот што ја издал загубената односно исчезнатата исправа.

Ако е пријавено загубување односно исчезнување на странска патна исправа органот на кој му е поднесена пријавата го проверува идентитетот и вистинитоста на наводите на странецот за загубувањето односно исчезнувањето на странската патна исправа и откако ќе го утврди идентитетот на странецот, легалноста на неговиот престој во Југославија и точноста на неговите наводи му издава на странецот потврда за пријавата на загубувањето односно исчезнувањето на патната исправа, која на странецот му служи само за одење до странското дипломатско или конзуларно претставништво и за престој во односното место.

Член 23

Странецот што ја загубил или на кој му исчезнала патната исправа во Југославија, а земјата чиј е државјанин нема дипломатско или конзуларно претставништво во Југославија ниту нејзините интереси ги застапува друго странско претставништво, е должен да поднесе барање за издавање на патен лист за странец и виза.

Ако загубената или исчезнатата патна исправа се најде во текот на постапката околу пријавувањето на нејзиното загубување односно исчезнување, таа му се враќа на странецот а постапката се запира.

Пронајдената странска патна исправа што не можела да му се врати на странецот се доставува преку републичкиот односно покраинскиот орган за внатрешни работи до Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Пронајдената исправа што на странецот му ја издал надлежниот југословенски државен орган а која не можела да му се врати на странецот му се доставува на органот што ја издал исправата.

Ако странецот ја пронајде загубената односно исчезнатата патна исправа по добивањето виза на нова патна исправа, е должен тоа да му го пријави на надлежниот општински орган на управата и да му поднесе една од патните исправи заради поништување на визата ако на обете патни исправи има важечка виза.

Член 24

Дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство на кое странецот му го пријавил загубувањето или исчезнувањето на својата патна исправа издадена од југословенски орган го известува за тоа Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство е должно на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи да му ги достави следните податоци: презиме и име на странецот, датум и место на раѓањето, место на престојувалиштето односно на живеалиштето на странецот во Југославија, вид и број на загубената односно исчезнатата патна исправа, назив на органот што ја издал исправата, датум на издавањето и начин на загубувањето односно исчезнувањето на исправата, како и причините поради кои се бара нова патна исправа.

III. ВИЗИ

1. Издавање на виза

Член 25

Барањето за издавање на виза на странец се поднесува на образецот бр 6.

Пред издавањето на визата, надлежниот орган проверува дали патната исправа е уредна и важечка и дали постојат пречки за издавање на визата.

Член 26

Кон барањето за издавање на виза странецот што ја загубил или на друг начин останал без патна исправа во Југославија, е должен да приложи потврда за пријавата на загубувањето односно исчезнувањето на патната исправа и нова патна исправа. Барањето му се поднесува лично на најблискиот општински орган на управата надлежен за издавање на патни исправи и визи на странци.

Член 27

Визата на странец му се издава со отиснување на пропишаниот штембил во патната исправа на странецот и со заверување со тркалезен печат на органот и со потпис на овластеното службено лице.

Во визата се означува видот на визата и се утврдува дека визата се издава за едно патување или за неограничен број патувања, се одредува рокот на важењето на визата и се внесува датумот на нејзиното издавање.

Штембилот на визата има свој број, а во визата може да се запише и нејзиниот регистарски број.

Визата се издава на образецот бр. 7.

2. Вид на визата и рокови на важењето

Член 28

На странецот може да му се издаде влезно-излезна, излезно-влезна, влезна, излезна или транзитна виза.

Член 29

Влезно-излезна виза дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство им издава на странци во случаите од член 21 на Законот за едно патување или за неограничен број патувања со рок на важење до една година.

Органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница им издава влезно-излезна виза на странците од член 22 на Законот, како и на странците — државјани на земјите со кои Југославија одржува дипломатски или конзуларни односи а кои во Југославија доаѓаат заради туристичка посета.

Визата од став 2 на овој член се издава само за едно патување со рок на важење до 3 месеци, на редовни патни исправи што странски земји им ги издаваат на своите државјани.

Член 30

Излезно-влезна виза надлежниот општински орган на управата му издава на странец:

1) на кој му е одобрен привремен престој во Југославија — со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важењето на одобрениот привремен престој;

2) на кој му е одобрено постојано населување во Југославија — со рок на важење до една година;

3) кој ужива азил во Југославија — со рок на важење до една година односно со рок на важење на патниот лист за странец;

4) од член 10 став 2 на Законот — со рок на важење од 6 месеци.

Член 31

Влезна виза му издава дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство на странец:

1) кој добил заштита на Југославија — со рок на важење до 3 месеци;

2) на кој му е одобрено постојано населување во Југославија — со рок на важење до една година од денот на донесувањето на одобрението за постојано населување;

3) кој е постојано населен во Југославија а за време на престојот во странство му истекол рокот на важењето на излезно-влезната виза — со рок на важење што ќе го одреди надлежниот општински орган на управата што ја издал излезно-влезната виза на која рокот на важењето ѝ истекол;

4) на кој во странство му истекол рокот на важењето на патниот лист за странец со излезно-влезна виза — со рок на важење што ќе го одреди надлежниот општински орган на управата што го издал патниот лист;

5) кој во странство ја загубил важечката патна исправа за странец со важечка излезна виза — со рок на важење до 3 месеци.

Ако во случајот од точка 2 став 1 на овој член дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство не е претходно известено дека на странецот што барал влезна виза му е одобрено постојано населување во Југославија, тоа од странецот ќе побара кон барањето за издавање на виза да поднесе и препис на одобрението за постојано населување во Југославија.

Во случаите од точ. 3, 4 и 5 на став 1 на овој член влезна виза се издава со претходна согласност на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи.

Член 32

Излезна виза надлежниот општински орган на управата му издава на странец:

1) кој во Југославија влегол со транзитна виза а му е одобрен привремен престој во Југославија во рок подолг од рокот на важењето на транзитна виза, односно кој не ќе го продолжи преминувањето преку територијата на Југославија туку се враќа во земјата од која дошол — со рок на важење еднаков со рокот на важењето на одобрениот привремен престој;

2) кој влегол во Југославија врз основа на туристичка пропусница а има пасош и бара да му се одобри привремен престој во рок подолг од рокот на важењето на туристичката пропусница;

3) на кој му е одобрен привремен престој во рок подолг од рокот на важењето на визата со која влегол во Југославија — со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важењето на одобрениот привремен престој.

4) кој добил отпуст од југословенското државјанство — со рок на важење од 6 месеци;

5) кој го загубил правото на натамошен престој во Југославија — со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот во кој странецот мора да ја напушти Југославија;

6) кој се иселува од Југославија — во рок на важење до 6 месеци;

7) кој во Југославија је загубил или на друг начин останал без странска патна исправа — со рок на важење до 3 месеци.

Во случајот од точка 2 на став 1 од овој член надлежниот општински орган на управата издава излезна виза на пасошот на странецот кој како член на туристичка група влегол во Југославија, а на списокот на членовите на туристичката група назначува дека на странецот му е издадена излезна виза. Таа забелешка се заверува со печатот на органот и со потписот на овластеното службено лице.

Член 33

Излезна виза му издава органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница на странец:

1) кој влегува во Југославија со транзитна виза и веднаш по преминувањето на границата ќе побара од органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница да му овозможи привремен престој во Југославија над 7 дена — со рок на важење до 3 месеци;

2) кој излегува од Југославија а рокот на важењето на визата со која влегол во Југославија му истекол не подолго од 2 дена — со рок на важење потребен да може странецот да ја напушти територијата на Југославија.

Член 34

Транзитна виза му издава дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство на странец кој ќе побара да мине преку територијата на Југославија а има влезна виза на држава што се граничи со Југославија — со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важењето на влезната виза на соседната држава во која странецот заминува од Југославија.

Ако странецот е ослободен од обврската да има виза на државата во која заминува од Југославија, рокот на важењето на транзитната виза што ја издава дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство не може да биде подолг од 3 месеци.

Органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница ја издава транзитната виза со рок на важење до 7 дена.

3. Поништување на визи

Член 35

Поништувањето на визите се врши со втиснување преку штембилот на визата текстот „поништено".

IV. ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

Член 36

Барањето за издавање на одобрение за привремен престој се поднесува на образецот бр. 8.

Странецот што има намера да престојува во Југославија подолго од рокот за кој му е одобрен привремен престој поднесува барање за продолжување на рокот на привременият престој до надлежниот орган на управата на општината на чија територија има престојувалиште, најдоцна на два дена пред истекот на предвидениот рок.

Член 37

Странецот што бара одобрение за привремен престој во Југославија заради школување, кон барањето за издавање на одобрение за привремен престој прилага потврда од надлежните училишни органи дека ги исполнува условите за школувањето и дека заради школување ќе биде примен во одредено училиште односно дека ќе му се овозможи продолжување на школувањето

Потврдата од став 1 на овој член за странски воени лица ја издава Сојузниот секретаријат за народна одбрана.

Член 38

Странецот што бара одобрение за привремен престој во Југославија заради специјализација, обука или практика, кон барањето за издавање на одобрение за привремен престој прилага потврда од организацијата на здружениот труд, на друга организација или државен орган дека му е одобрена специјализација, обука или практика.

Член 39

Странецот што бара одобрение за привремен престој во Југославија заради научно истражување, кон барањето за издавање на одобрение за привремен престој прилага одобрение од надлежниот републички односно покраински орган.

Член 40

Странецот што бара одобрение за привремен престој во Југославија заради вработување, кон барањето за издавање одобрение за привремен престој прилага согласност од бирото за вработување на собранието на општината на чија територија има намера да се вработи, како и потврда од организацијата на здружениот труд или од друга организација дека со нив ќе склучи договор за работа во согласност со прописите за вработувањето на странци во Југославија.

Член 41

Странецот што бара одобрение за привремен престој во Југославија заради вршење на одредена професионална дејност за која е пропишана посебна дозвола, кон барањето за издавање на одобрение за привремен престој прилага препис на таквата дозвола издадена од надлежниот југословенски орган.

Член 42

Кога барањето за одобрение на привремен престој на странецот од чл. 37 до 41 на овој правилник го поднесува организација на здружениот труд, друга организација или државен орган, во барањето, покрај личните податоци за странецот, се наведува времето за кое се бара престојот, причините и местото каде што странецот ќе ги врши дејствијата од чл. 37 до 41 на овој правилник, како и начинот на кој се обезбедени средствата за издржување.

Ако барањето за издавање одобрение за привремен престој во случаите од чл. 37 до 41 на овој правилник го поднесува странецот лично, тој кон барањето поднесува и докази дека има обезбедени средства за издржување односно дека издржувањето во Југославија му е обезбедено на друг начин.

Како доказ во смисла на став 2 на овој член се смета извод од банковна сметка во Југославија, потврда од југословенска организација на здружениот труд или од друга организација или државен орган за височината на личниот доход или на стипендијата што странецот ќе ја прима односно друга исправа со која несомнено се докажува дека на странците им е обезбедено издржување во Југославија.

Член 43

Пред издавањето на одобрение за привремен престој во Југославија надлежниот орган проверува дали странецот има важечка патна исправа, дали постојат пречки за издавање на одобрение за привремен престој предвидени во чл. 32 и 33 на Законот или други пречки и дали странецот уредно го пријавил престојувалиштето во Југославија.

Заради утврдување на фактите од став 1 на овој член, како и на причините поради кои странецот бара одобрение за привремен престој во Југославија, а особено од причините предвидени во чл. 37 до 41 на овој правилник, надлежниот орган од странецот може да бара и усни објаснениja за тоа.

Член 44

Одобрението за привремен престој на странецот му се издава со втиснување пропишаниот штембил во патната исправа.

Одобрението од став 1 на овој член се издава на образецот бр. 9.

V. ОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНО НАСЕЛУВАЊЕ

Член 45

Барањето за издавање одобрение за постојано населување на странци во Југославија се поднесува на образецот бр. 10.

Барањето за издавање одобрение за постојано населување на странци во Југославија странецот го поднесува лично. За децата барањето го поднесува еден од родителите или старателот.

Образецот на барањето за одобрение за постојано населување во Југославија се исполнува на еден од јазиците на народите на Југославија. Југословенските исправи што се прилагаат кон барањето се поднесуваат на заверен препис, а странските во заверен превод на еден од јазиците на народите на Југославија. Органот што го прима барањето може да ги бара на увид оригиналите на исправите чии преписи односно преводи се прилагаат.

Член 46

Кон барањето за одобрение за постојано населување во Југославија странецот е должен да приложи: извод од матичната книга на родените, извод од матичната книга на венчаните (за лица во брак), уверение за здравствената состојба, исправа за школската или стручната подготовка и исправа со која се докажува дека му се обезбедени средства за издржување во Југославија.

Член 47

Барањето за одобрение за постојано населување во Југославија со сите прилози странецот што живее во странство му го поднесува на дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија, во странство, а странецот што склучил брак со југословенски државјанин или странецот што е од југословенско потекло барањето за одобрение на постојано населување може да му го поднесе на надлежниот орган на управата на општината на чија територија странецот сака да се насели.

Барањето за одобрение за постојано населување во Југославија дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство односно надлежниот општински орган на управата му го доставува на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи преку органот на внатрешните работи на републиката односно на автономната покраина на чија територија странецот има намера постојано да се насели.

Член 48

Одобрението за постојано населување во Југославија односно решението за одбивање на барањето за постојано населување во Југославија Сојузниот секретаријат за внатрешни работи му го доставува на подносителот на барањето кој се наоѓа во странство преку дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија, а на подносителот на барањето кој привремено престојува во Југославија — преку републичкиот односно покраинскиот орган на внатрешните работи. Странецот со својот потпис го потврдува приемот на одобрението за постојано населување во Југославија.

VI. ПРИЗНАВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА БЕГАЛЕЦ

Член 49

Барањето за признавање на статусот на бегалец странецот го поднесува веднаш по преминувањето на државната граница преку најблискиот надлежен орган на управата на општината на чија територија ја минал државната граница.

Барањето за признавање на статусот на бегалец содржи: презиме и име, датум и место на раѓањето, место на живеалиштето во земјата од која избегал, занимање, државјанство, причини поради кои бара признавање на статусот на бегалец, околности под кои дошол во Југославија (кога, каде и како ја минал границата), има ли семејство и каде му, живее, има ли роднини во Југославија, податоци за нив и нивни точни адреси, дали има намера да остане во Југославија или да замине во друга земја.

Органот од став 1 на овој член ја внесува во записник изјавата на странецот. Во записникот се внесуваат одговорите што странецот му ги дал на поставените прашања на овластеното службено лице а кои можат да бидат од значење за донесување на решение за признавање на статусот на бегалец.

Органот од став 3 на овој член до донесувањето на конечна одлука му одредува присилно престојувалиште на странецот.

Член 50

Странецот што преку надлежниот општински орган на управата побарал признавање на статусот на бегалец е должен до денот на донесувањето на решението по барањето да престојува во местото што ќе му го одреди тој орган.

Член 51

Органот што ќе го прими барањето на странецот ги проверува наводите за признавање на статусот на бегалец и целиот предмет со предлогот (записникот со сите списи) му го доставува на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи преку републичкиот односно покраинскиот орган на внатрешните работи.

VII. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕ

Член 52

Пријавување на престојувалиште и на живеалиште односно одјавување на живеалиште, како и пријавување на промена на адреса на стан во престојувалиштето и во живеалиштето, се врши на образецот бр. 11.

Образецот Пријава на престојувалиште (живеалиште) на странци се состои: од дел на кој се врши пријавувањето кој останува кај општинскиот орган на внатрешните работи (пријава) и од дел на кој се потврдува извршеното пријавување односно одјавување кој му се враќа на странецот.

Пријавување на живеалиште за членови на семејството може да изврши секој полнолетен член на семејството.

Потврдата за пријавувањето на престојувалиштето ја издава овластеното лице во организацијата на здружениот труд или во друга организација, а на странецот што сам ќе се пријави — овластеното службено лице на надлежниот орган.

Член 53

Исполнувањето на образецот Пријава на престојувалиште (живеалиште) на странци и контролата на точноста на податоците внесени во тој образец се врши врз основа на една од овие исправи: странска патна исправа, патна исправа издадена од југословенски орган, лична карта за странец, исправа врз основа на која на странецот му е издадена туристичка пропусница, потврда за привремено задржување или одземање на патна исправа или потврда за пријавување на загуба односно исчезнување на странска патна исправа.

Како приватен станодавец, во смисла на овој правилник, се смета лице што дава услуги на сместување без надоместок.

Член 54

Ако странецот користи услуги на сместување во организација на здружениот труд или во друга организација или кај поединец што дава услуги на сместување или кај приватен станодавец, престојувалиштето на странецот односно промената на адресата на станот во престојувалиштето ги пријавува и образецот на пријавата го исполнува овластеното лице во организацијата на здружениот труд или во друга организација, поединецот што дава услуги на сместување односно приватниот станодавец.

Странецот што не користи услуги на сместување што ги дава организацијата на здружениот труд, поединец или приватен станодавец, своето престојувалиште му го пријавува непосредно на надлежниот општински орган на управата.

Лицата што вршат пријавување на странецот се должни образецот на пријавата на престојувалиштето уредно и читливо да го пополнат и да му го достават на надлежниот општински орган на управата.

Член 55

Кога овластеното лице во организацијата на здружениот труд или во друга организација, поединец кој дава услуги на сместување или приватен станодавец ќе утврди дека патната исправа е неисправна и неуредна, дека истекло важењето на патната или друга исправа, на визата или на одобрението за привремен престој на странецот за кого ја исполнува пријавата, за тоа става забелешка на пријавата и веднаш го известува надлежниот општински орган на управата.

Лицата од став 1 на овој член се должни да водат сметка и за истекот на рокот на важењето на одобрениот привремен престој на странецот што кај нив е сместен и чиј престој е пријавен, како и навремено да го предупредат за истекот на тој рок.

Член 56

Работникот на надлежниот општински орган на управата ја проверува точноста на податоците внесени во пријавата и утврдува дека обврската за пријавување е извршена во рокот одреден во чл. 66 и 67 на Законот.

Работникот на надлежниот општински орган на управата проверува и дали на странците се однесуваат одредбите на чл. 25, 26, 32 и 33 од Законот.

Член 57

На странецот на привремен престој во Југославија при пријавувањето му се издава потврда за извршената пријава на престојот.

На странецот на кој му е одобрено постојано населување во Југославија и кој го пријавува живеалиштето односно промената на адресата на станот во живеалиштето, му се издава потврда за пријавата на живеалиштето, а на странецот кој одјавува живеалиште — потврда за одјавата на живеалиштето.

Потврдата за пријава на престојувалиштето односно за одјава на живеалиштето на странецот му се издава при секое пријавување на престојот односно одјавување на живеалиштето или пријавување на промена на адресата на станот во живеалиштето.

Потврдата за пријава на престојувалиштето односно за одјава на живеалиштето странецот му ја предава на надлежниот општински орган на управата при пријавувањето на новото престојувалиште односно живеалиште.

Член 58

Книгата за странци (член 69 на Законот) содржи: реден број, име и презиме на странецот; државјанство; вид и број на патната исправа; до кога е одобрен престојот, датум и час на доаѓањето на странецот и датум и час на заминувањето на странецот.

Книгата за странци мора да биде прошиена и страниците обележени со броеви.

На насловната страна и на крајот на книгата за странци се означуваат датумот на почетокот и датумот на завршетокот на водењето на книгата за странци.

Член 59

Книгата за странци пред почетокот на нејзиното водење ја заверува надлежниот општински орган на управата.

Органот од став 1 на овој член ја заверува книгата за странци на тој начин што на последната страница на книгата ги запишува зборовите: „Оваа книга содржи: ———— (и со букви) страници. Книгата му припаѓа ———— во ———— (место, улица и број). Регистрирана под бр. ————.“. Под тој текст се става тркалезен печат и потпис на овластениот работник.

Член 60

Овластеното лице во организацијата на здружениот труд односно поединецот што му дава услуги на сместување на странец ги внесува во книгата за странци податоците од патната исправа односно од личната исправа на странецот.

Член 61

Организацијата на здружениот труд односно поединецот што им дава услуги на сместување на странци ја заклучува книгата за странци на крајот на секоја година или кога сите нејзини листови се исполнети.

Заверувањето на заклучувањето на книгата за странци се врши на страницата на книгата под последниот запишан странец, односно на внатрешната страна на задната корица ако се исполнети сите листови на книгата.

Член 62

Надлежниот општински орган на управата води регистар на заверените книги за странци во кој ги внесува: називот на организацијата на здружениот труд или на друга организација односно името и презимето на посинецот што дава услуги на сместување, датумот на заверувањето на книгата пред почетокот на водењето и датумот на заклучувањето на книгата.

VIII. ОТКАЖУВАЊЕ НА ПРЕСТОЈ

Член 63

На странецот на кој му е откажан престој му се втиснува во патната исправа штембил (образец бр. 12) во кој се внесува датумот од кој странецот мора да ја напушти Југославија и времето за кое не може повторно да влезе во Југославија.

На странецот на кој му е изречена мерката на безбедност протерување од Југославија односно заштитната мерка отстранување од територијата на Југославија му се втиснува во патната исправа штембилот од став 1 на овој член кога изречената мерка ќе стане извршна.

Штембилот се втиснува пред југословенската виза, а ако според меѓународен договор не е потребна виза — покрај печатот на граничниот премин со кој е евидентирано последното влегување на странецот во Југославија.

IX. ЗАДРЖУВАЊЕ НА ПАТНА ИСПРАВА НА СТРАНЕЦ

Член 64

Патна исправа на странец што издржува казна на затвор останува кај надлежниот општински орган на управата.

Пред издржувањето на казната управата на затворот е должна навремено да го извести општинскиот орган на управата кај кој се наоѓа патната исправа.

На странецот што ќе ја издржи казната затвор, надлежниот општински орган на управата му ја враќа патната исправа врз основа на отпусницата од затворот.

Патната исправа на странецот што се упатува на издржување на казната затвор или строг затвор во казнено-поправна установа ќе се доставува на таа установа.

Член 65

Врз основа на известувањето од казнено-поправната установа во која странецот ја издржува казната затвор или строг затвор надлежниот општински орган на управата презема мерки за продолжување на рокот на важењето на патната исправа на странецот и прибавува виза за излегување на странецот од Југославија.

X. ЗДРУЖЕНИЈА НА СТРАНЦИ

Член 66

Регистарот на здруженијата на странци се води во форма на книга чии страни се нумерирани. Регистарот содржи: реден број, назив на здружението, седиште на здружението, подрачје на дејноста, број и датум на решението за запишувањето на здружението и забелешка.

Член 67

Барањето за запишување на здружението на странци во регистарот му се поднесува на надлежниот орган писмено.

За секое запишување во регистарот на здружението на странци надлежниот орган донесува решение.

Во решението со кое се одредува запишувањето во регистарот на здружението на странци се означуваат називот на здружението, неговото седиште, подрачјето на дејноста, како и редниот број под кој здружението е запишано во регистарот.

Еден примерок на правилата на здружението на странци заверен од надлежниот орган му се доставува на здружението.

Член 68

Ако ги измени своите правила, здружението на странците за тоа го известува надлежниот орган и во извештајот означува во што се состои измената на правилата. Кон извештајот здружението на странците го прилага записникот од собранието на здружението на кое е извршена промена на правилата, како и текстот на новите правила во два примерока.

Надлежниот орган донесува решение за заверка на новите правила и за тоа во регистарот на здруженијата на странци во рубриката „забелешка" става белешка.

Еден примерок на новите правила на здружението на странците заверен од надлежниот орган му се доставува на здружението.

Член 69

Здружението што ќе престане со работата односно здружението на кое ќе му се забрани натамошната работа се брише од регистарот на здруженијата на странци врз основа на решението на надлежниот орган што го води регистарот.

Бришењето од регистарот се врши со прецртување на називот на здружението на странци, а во рубриката „забелешка" се става белешка за престанокот односно за забраната на работата на здружението, со назначување на називот на органот што го донел решението, како и на бројот и датумот на тоа решение.

XI. ЕВИДЕНЦИЈА

Член 70

Органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница води евиденција:

1) за издадените визи;
2) за издадените туристички пропусници;
3) за мерките преземени спрема странците.

Член 71

Евиденцијата за издадените визи содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, вид и број на патната исправа, вид на издадената виза, рок на важењето на визата и забелешка.

Евиденцијата за издадените туристички пропусници содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, вид и број на исправата, број на туристичката пропусница и забелешка.

Евиденцијата за мерките преземени спрема странците содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, вид и број на исправата, мерка што е преземена, причина за преземањето на мерката, по чиј налог и забелешка.

Член 72

Општинскиот орган на управата води евиденција:

1) за издадените патни исправи за странци (патна исправа за бегалци, патна исправа за лица без државјанство и патна листа за странец) и визи;
2) за издадените одобренија за привремен престој;
3) за преземените мерки спрема странците;
4) за пријавата на загуба или исчезнување на исправа;
5) за издадените лични карти за странци;
6) за пријавата на престојувалиштето и за пријавата и одјавата на живеалиштето;
7) за постојано населените странци;
8) за бегалците.

Член 73

Евиденцијата за издадените патни исправи за странци (патна исправа за бегалци, патна исправа за лица без државјанство и патен лист за странци) содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, својство во кое странецот престојува во Југославија, од кога се наоѓа во Југославија, каква исправа бара, вид и број на издадената исправа, рок на важењето на исправата и забелешка.

Евиденцијата за издадените визи содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, вид и број на исправата, вид на визата, рок на важењето и забелешка.

Евиденцијата за издадените одобренија за привремен престој содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, вид и број на патната исправа, од кога престојува во Југославија, по кој основ, поради што бара одобрение на привремен престој, како е решено барањето, рок на одобрениот престој и забелешка.

Евиденцијата за преземените мерки спрема странците содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, по кој основ престојува во Југославија, каква мерка е преземена, во кој рок странецот мора да ја напушти земјата и забелешка.

Евиденцијата за пријавата на загуба или исчезнување на исправа содржи: реден број, датум, име и презиме на странецот, државјанство, по кој основ престојува во Југославија, причина на пријавувањето (загуба или исчезнување и на која исправа), врз основа на што е утврден идентитетот и дали му е издадена потврда.

Евиденцијата за постојано населените странци содржи: реден број, име и презиме на странецот, датум, место и држава на раѓањето, државјанство, занимање, датум на доаѓањето во Југославија, живеалиште и адреса, датум на бришењето од евиденцијата, причини за бришењето (примил југословенско државјанство, се иселил, откажал престој, умрел) и забелешка.

Евиденцијата за бегалците содржи: реден број, име и презиме на странецот, датум, место и држава на раѓањето, државјанство, занимање, каде и кога минал во Југославија, датум на признавањето на статусот на бегалец, датум на бришењето од евиденцијата и причини за бришењето (иселување, се вратил во земјата, примил југословенско државјанство, минал во друга општина односно република, умрел) и забелешка.

XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 74

Обрасците наведени во чл. 5, 8, 13, 14, 25, 27, 36, 44, 45, 52 и 63 на овој правилник се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 75

До печатењето на обрасците пропишани со овој правилник ќе се употребуваат постојните обрасци но најдоцна до 31 декември 1974 година.

Член 76

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 26-1-3/34
20 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар за внатрешни работи,
Лука Бановиќ, с. р.

Образец бр. 1

(Страна 1)

Образецот да се пополнува читливо. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето

Назив на органот на кој му се поднесува барањето

Применo			
Број	Вредност	Такса	Прилог

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПАТНА ИСПРАВА ЗА СТРАНЕЦ*

1. Презиме
2. Име
3. Пол
4. Ден, месец и година на раѓањето
5. Место на раѓањето и држава
6. Живеалиште односно престојувалиште и адреса
7. Занимање
8. Државјанство
9. Дали има патна исправа (број, кога и од кого е издадена)
10. Од кога е во Југославија
11. Каква патна исправа бара (патна исправа за бегалци, патна исправа за лица без државјанство и патен лист за странец)
12. Причина на патувањето и држава

13. Со истата патна исправа патуваат и:

Презиме и име	Сродство	Ден, месец и година на раѓањето

Во ————————
На ———— 19— година

(Потпис на подносителот на барањето)

Кон барањето прилагам:

Страна 2

Пополнува службеното лице на органот на кој му е поднесено барањето

Како е решено барањето

Назив на патната исправа за странец

Број на патната исправа за странец

Датум на издавањето

(Потпис на овластеното лице)

Потврдувам дека примив:
(Да се наведе вид на патната исправа)

Во ————————
На ———— 19— година

(Потпис на примателот на патната исправа)

(Место за такса)

* Текстот на образецот се печати на еден од јазиците на народите на Југославија, а најмалку на еден од странските јазици.

Образец бр. 2

ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ

(Насловна страна)

Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Грб на СФРЈ

ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ

Страна 1

Грб на СФРЈ

Социјалистичка Федеративна Република Југославија

ПАТЕН ЛИСТ ЗА СТРАНЕЦ

Презиме и име на носителот Број

Страна 2

Лични податоци
Ден, месец и година на раѓањето
Место на раѓањето
Државјанство
Живеалиште и адреса

Страна 3

Фотографија на носителот
големина 4,5 × 6 cm

(Своерачен потпис)

Страна 4

Страна 5

Патува со:

Презиме и име	Сродство	Година на раѓањето

Страна 6

Фотографии на членовите на семејството големина 4,5×6 cm

Страна 7

Издаден од

Страна 8

На ——— 19— година
Важи до ——— година

(МП) (Потпис на овластеното лице)

Страни 9 и 10

Важењето се продолжува од ———

На ——— година
Важи до ——— година

(МП) (Потпис на овластеното лице)

Страни 11 до 20

(В и з и)

(Внатрешна страна на кориците)

Образец бр. 3*

ТУРИСТИЧКА ПРОПУСНИЦА

Страна 1

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Назив на органот што ја издава пропусницата ———
Исправа врз основа на која е издадена ———
Број на исправата ———

ТУРИСТИЧКА ПРОПУСНИЦА

Број ——— важи ——— дена
МП (заверки на влегувањето во Југославија)

Страна 2**

Пропусницата важи само со лична исправа за идентитетот. По користењето пропусницата му се предава на граничниот орган а ако се добие виза — на органот што ја издал визата.

* Печатениот образец е во формат 7 × 10 cm
** Страна 2 се печати на еден од јазиците на народите на Југославија и на англиски, француски, германски и руски јазик.

Образец бр. 4*

Страна 1

Образецот да се пополнува читливо. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето.

Применo		
Број	Вредност	Прилог

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЧНА КАРТА ЗА СТРАНЕЦ**

1.	Презиме
2.	Име
3.	Пол
4.	Ден, месец и година на раѓањето
5	Место на раѓањето и држава
6	Државјанство
7.	Живеалиште односно престојувалиште и адреса
8.	Датум на заминувањето во Југославија
9.	Во кое својство престојува во Југославија
10	Дали има патна исправа (вид, број и од кого е издадена)
11.	Кон барањето прилагам

Во ———
На ——— 19— година

(Потпис на подносителот на барањето)

Страна 2

Пополнува службеното лице на органот на кој му е поднесено барањето
Како е решено барањето ———
Број на личната карта ———
Датум на издавањето ———

Потврдувам дека ја примив
Личната карта за странец број ———
На ———

(Потпис на примателот) (Потпис на овластеното лице)

* Печатениот образец е во формат 30 × 21 cm.
** Текстот се печати на еден од јазиците на народите на Југославија и најмалку на еден од странските јазици.

Образец бр. 5*

Насловна страна

Грб на СФРЈ

ЛИЧНА КАРТА ЗА СТРАНЕЦ

Внатрешна страна на кориците

Фотографија
(формат 30 × 40 mm)

(Своерачен потпис)

Страна 1

Социјалистичка Федеративна Република Југославија
Општина ———

ЛИЧНА КАРТА ЗА СТРАНЕЦ

Презиме ———
Име ———
Во Југославија престојува како ———

Важи ——— години
Број ———
Датум на издавањето ———

(МП) ———
(Потпис на овластеното лице)

Страна 2

Датум на раѓањето ———
Место на раѓањето ———
Држава на раѓањето ———
Државјанство ———
Живеалиште — престојувалиште и адреса ———

Страни 3 до 6

Промена на адресата на живеалиштето — престојувалиштето

Датум (МП)

(Потпис на овластеното лице)

* Печатениот образец е во формат 7 × 10 cm.

Образец бр. 6*

Образецот да се пополнува читливо. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето

Примено		
Број	Такса	Прилог

Назив на органот до кој се поднесува барањето

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ВИЗА НА СТРАНЕЦ**

1. Презиме	
2. Име	
3. Пол	
4. Ден, месец и година на раѓањето	
5. Место на раѓањето и држава	
6. Живеалиште односно престојувалиште и адреса	
7. Државјанство	
8. Занимање	
9. Вид и број на патната исправа, кога и каде е издадена	
10. Важење на патната исправа	
11. Каква виза бара (излезна, излезно-влезна, влезно-излезна, транзитна)	
12. За кое време	
13. За кои цели	

14. Со истата патна исправа патуваат и:

Презиме и име	Сродство	Ден, месец и година на раѓањето

Во ———
На ——— 19— година

(Потпис на подносителот на барањето)

Кон барањето прилагам:

Страна 2

Пополнува службеното лице на органот на кој му е поднесено барањето.

Како е решено барањето

Број на издадената виза

Датум на издавањето

(Потпис на овластеното лице)

(Место за такса)

* Печатениот образец е во формат 30 × 21 cm.
** Текстот на образецот се печати на еден од јазиците на народите на Југославија и најмалку на еден од странските јазици.

Образец бр. 7

ШТЕМБИЛИ ЗА ВИЗИ

1. Образецот на штембилот за виза што органот на внатрешните работи надлежен за контрола на преминувањето на државната граница ја издава на патната исправа на странецот.

Бр. 197

В И З А*

за влегување — излегување — транзит

Важи од ———— до ———— 19—— година
Водач на групата ————
со ———— лица

(М.П.)

————
(Потпис)

2. Образецот на штембилот за виза што надлежниот општински орган на управата ја издава на патната исправа на странецот

Бр. 156

В И З А**

за едно — неограничено излегување — влегување

Важи од ———— до ———— 19—— година
Водач на групата ————
со ———— лица

(М.П.)

————
(Потпис)

3. Образецот на штембилот за виза што дипломатското или конзуларното претставништво на Југославија во странство ја издава на патната исправа на странецот

Бр. 117

Б И З А***

за едно — неограничено влегување—излегување—транзит

Важи од ———— — до ———— 19—— година
Водач на групата ————
со ———— лица

(М.П.)

————
(Потпис)

* Штембилот на визата е во формат 37 × 75 mm.
** Штембилот на визата е во формат 37 × 75 mm.
*** Штембилот на визата е во формат 75 × 85 mm.

Образец бр. 8*

Страна 1

Образецот да се пополнува читливо. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето.

Назив на органот на кој се поднесува барањето ————

Применo			
Број	Вредност	Такса	Прилог

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ**

1. Презиме	
2 Име	
3. Пол	
4. Ден, месец и година на раѓањето	
5. Место на раѓањето	
6. Држава	
7. Место на престојувалиштето и адреса	
8. Државјанство	
9. Занимање	
10. Вид и број на патната исправа, каде и кога е издадена и до кога важи	
11. Датум на доаѓањето во Југославија	
12. Во кое својство престојува во Југославија	
13. За кои цели бара одобрение за привремен престој и за кое време	
14. Кон барањето прилагам:	

Во ————
На ———— 19— година

————
(Потпис на подносителот на барањето)

Страна 2

Пополнува службеното лице на органот на кој му е поднесено барањето

Како е решено барањето ————
До кој датум е одобрен престој ————
Датум на издавањето на одобрението ————

(Место за такса)

————
(Потпис на овластеното лице)

* Печатениот образец е во формат 30 × 21 cm.
** Текстот на образецот се печати на еден од јазиците на народите на Југославија и најмалку на еден од странските јазици.

Образец бр. 9

ШТЕМБИЛ ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ НА СТРАНЦИ*

Се одобрува привремен престој

До _____

Заради _____

Број _____

На _____ 19— година

(МП)

(Потпис)

* Штембилот за одобрување е во формат 50 × 70 mm.

Образец бр. 10*

Страна 1

Образецот да се пополнува читливо. За точноста на податоците одговара подносителот на барањето

Примено		
Број	Такса	Прилог

Назив на органот _____

БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОСТОЈАНО НАСЕЛУВАЊЕ НА СТРАНЦИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1.	Презиме
2.	Име
3.	Пол
4.	Ден, месец и година на раѓањето
5.	Место и држава на раѓањето
6	Државјанство
7.	Дали порано имал друго државјанство и дали добил отпуст
8.	Занимање
9.	Последно место на живеење во странство, улица и број, држава
10.	Сегашно место на престојот, улица и број, држава
11.	Брачна состојба
12.	Број на децата и година на раѓањето на секое дете
13.	Школска подготовка
14.	Кои јазици ги зборува
15.	Сегашно вработување — во кое својство и кај кого (назив и адреса)
16.	Место во кое има намера постојано да се насели во Југославија, улица и број, општина, република,

Страна 2

17.	Поради што има намера да се насели постојано во Југославија
18.	Како ќе обезбеди стан и издржување во Југославија
19.	Има ли недвижен имот, каков и каде
20.	Адреса на поблиски роднини во Југославија
21.	Лично име, место и адреса на станот на оние лица во Југославија што го познаваат и можат да ги потврдат наведените податоци

Во _____

На _____ 19— година

(Потпис на подносителот на барањето)

Прилог:

1) Извод од матичната книга на родените,
2) Извод од матичната книга на венчаните (за лица во брак),
3) Уверение за здравствената состојба,
4) Исправа за школската или стручната подготовка,
5) Исправа за обезбедените средства за издржување во Југославија _____

_____

_____

6)

7)

(непотребното да се прецрта, а евентуално други прилози да се допишат)

(Место за фотографија големина 3 × 4 cm)

(Место за такса за решението)

* Печатениот образец е во формат 30 × 21 cm.

Образец бр. 11

ПРИЈАВА НА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (ЖИВЕАЛИШТЕ) НА СТРАНЦИ

Презиме и име
Ден, месец и година на раѓањето
Место и држава на раѓањето
Државјанство
Вид и број на патната исправа
Вид и број на визата и место на издавањето
Место и датум на преминувањето на границата
Престој одобрен до
Претходно пријавено престојувалиште односно живеалиште во Југославија
Сегашно престојувалиште — живеалиште и адреса

Датум на пријавата | | Датум на одјавата | |

Забелешка: _____

_____

(Потпис на подносителот на пријавата)

_____

(перфориран дел)

ПОТВРДА

ЗА ПРИЈАВА НА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ — ПРИЈАВА И ОДЈАВА НА ЖИВЕАЛИШТЕ ОДНОСНО ПРИЈАВА НА ПРОМЕНА НА СТАН

Презиме и име	
Вид и број на патната исправа	
Пријавил престојувалиште-живеалиште, одјавил живеалиште во	
Датум на пријавата	Датум на одјавата

(МП) _____

(Потпис на овластеното лице)

Образец бр. 12

ШТЕМБИЛ ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ПРЕСТОЈ*

Имателот на патната исправа е должен да ја напушти територијата на Југославија до _____

Нема право на враќање во Југославија до _____

Број _____

Датум _____

_____

(Потпис)

Штембилот е во формат 60 × 80 mm.

467.

Врз основа на точка 5 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз („Службен лист на СФРЈ“, бр. 21/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО ПОСЕБНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ И НИВНИОТ СОЈУЗ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз (во натамошниот текст: заедниците) го водат книговодството според Основниот контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз, кој е составен дел на Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз.

Член 2

Целокупната дејност на заедниците, освен дејноста на нивните работни заедници, мора да биде опфатена со пропишаните основни конта што претставуваат конта на главната книга.

Пропишаните основни конта заедниците самостојно ги расчленуваат на аналитички конта.

II. СОДРЖИНА НА КЛАСИТЕ, ГРУПИТЕ И ОДДЕЛНИТЕ КОНТА

Класа 0: Средства на резервата, средства на фондот за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, средства за помагање на закрепнување на пензионерите и други издвоени средства

Член 4

На контото 030 — Парични средства на резервата, се водат издвоените парични средства на резервата на фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 100 — Жиро-сметка односно на соодветното конто од групата 17 — Вложени средства.

Член 5

На контата од групата 04 — Средства на фондот за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, се водат паричните средства на фондот, инвестициите во тек и другите средства на фондот. Контата од оваа група се задолжуваат за уплатите на издвоените средства што ќе ги уплати фондот на пензиското и инвалидското осигурување, за уплатата на вратените вложени средства, за примените пресметковни ситуации и фактури, за примената опрема, материјал и сл., а се одобруваат за извршените исплати, за пренесените станови и други објекти на управување на организациите, како и за издадениот материјал и опрема.

Член 6

На контата од групата 06 — Наменски средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите и други издвоени средства, се водат паричните средства наменети за помагање на закрепнувањето на пензионерите и други издвоени средства на заедниците, ако тоа е предвидено со закон односно со општествен договор или со самоуправна спогодба или со одлука на заедницата. Контата од оваа група се задолжуваат, по правило, со одобрување на контото 100 — Жиро-сметка, а се одобруваат со задолжување на соодветното конто од класата 1 односно класата 9.

Класа 1: Финансиски и пресметковни средства

Член 7

На контата од групата 10 — Парични средства, се водат паричните средства што не се опфатени на некое од контата во класата 0.

На контото 100 — Жиро-сметка, се води готовинското и безготовинското (вирманското) работење по основот на уплата, наплата на придонеси, дознаки итн.

На контото 101 — Благајна, се води готовинскиот промет што се врши преку благајната.

На контото 108 — Други парични средства, се водат другите парични средства за кои не е предвидено посебно конто во оваа група конта.

На контото 109 — Преодно конто, привремено се евидентираат деловните промени по готовинскиот и

вирманскиот промет до конечната потврда на тие промени во дневниот извод добиен од Службата на општественото книговодство.

Член 8

На контата од групата 12 — Обврзници на пресметаниот и уплатениот придонес за пензиското и инвалидското осигурување, се водат пресметаните и уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување по категориите обврзници за уплата на придонесите.

На контото 125 — Приватни работодавци, се водат пресметаните и уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување на работниците и учениците вработени кај приватни работодавци за кои обврзници за уплата на придонесите се приватните работодавци.

На контото 126 — Земјоделци, се водат пресметаните и уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување на земјоделците за кои обврзници за уплата на придонесите се собранијата на општините односно други организации или самите земјоделци.

На контото 127 — Лица што се занимаваат со самостојни професии, се водат пресметаните и уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување на занаетчиите, самостојните угостители и приватните превозници, адвокатите, свештениците итн. за кои обврзници за уплата на придонесите се тие осигуреници.

На контото 128 — Други обврзници, се водат пресметаните и уплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување на лицата вработени во странство кај странски работодавци, организации и меѓународни здруженија и организации а што се осигурени според југословенските прописи и на странски државјани кои се осигурени според југословенски прописи за кои обврзници за уплата на придонесите се тие осигуреници.

На контото 129 — Пресметани и уплатени придонеси, се водат вкупно пресметаните и уплатените придонеси искажани на контата од оваа група. Ова конто се задолжува со одобрување на соодветното конто од групата 70, а се одобрува со задолжување на некое од контата на оваа група.

Член 9

На контата од групата 13 — Побарувања од општествено-политичките заедници, се водат побарувањата од општествено-политичките заедници за нивното учество во финансирањето на пензиското и инвалидското осигурување. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од групата 74 — Учество на други органи и организации во финасирањето на пензиското и инвалидското осигурување, а се одобруваат со задолжување на контото 100 — Жиро-сметка.

Член 10

На контата од групата 14 — Разни побарувања, се водат разни побарувања опфатени со контата од оваа група, што не можеле да бидат опфатени со ниедно конто од другите групи на класата 1.

На контото 140 — Депозити кај овластени органи и организации, се водат депозитите кај организациите и органите од кои се вршат исплатите по основот на пензиското и инвалидското осигурување.

На контото 141 — Побарување од заеднички вложувања, се водат побарувањата на парични средства што ѝ се дадени на друга заедница односно организација на здружениот труд, општествено-политичка заедница или државен орган заради заедничко финансирање на мерките и акциите за кој се заинтересирани тие, а носители на задачата се други заедници или организации. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 069, односно контото 100 или контото 108, зависно од тоа што се финансира. Ова конто се одобрува со задолжување на соодветното конто на расходите (464, 465, 469, 483 или 489) односно на контото 969, зависно од договорот по кој се врши финансирањето.

На контото 142 — Побарувања од работни заедници, се водат побарувањата од работната заедница по основот на пренесените основни и обртни средства за работењето на работната заедница. Ова конто, по правило, се задолжува со одобрување на контото 280 — Обврски спрема работната заедница, а се одобрува со задолжување на контото 260.

На контото 147 — Други побарувања, се водат сите други побарувања за кои не се пропишани посебни конта.

На контото 148 — Сомнителни и спорни побарувања, се водат оние побарувања за кои ќе се оцени дека во поглед на наплатата се неизвесни, за што треба да постои писмено образложена одлука од органот на управувањето, како и оние побарувања што се наоѓаат во спор односно за кои е поведена постапка кај надлежниот орган заради наплата.

На контото 149 — Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања, се води исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз товор на соодветните конта на расходите.

Член 11

На контата од групата 16 — Односи со заедниците, со сојузот на заедниците, со работните заедници во заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и други деловни односи, се водат деловните односи со заедниците и со работните заедници на заедниците. Контата од оваа група, по правило, се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1 или 7, а се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 1 или 4.

На контото 161 — Работни заедници во заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз, се водат деловните односи со работните заедници на заедниците во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување и другите деловни односи.

Член 12

На контата од групата 17 — Вложени средства, се водат вложените средства на заедниците односно на нивните фондови (орочени депозити, обврзници, благајнички записи, кредити и аванси). Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 0, а се одобруваат со задолжување на контата што биле одобрени. Контата од оваа група се задолжуваат и за износот на каматата на вложените средства со одобрување на контото 930 — Резерва, односно на соодветното конто од групата 94 — Извори на средствата на фондот за станбените потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, односно на контото од групата 96 — Други извори на средствата на заедниците односно фондовите.

Член 13

На контата од групата 18 — Непокриена загуба, се води непокриената загуба.

На контото 180 — Непокриена загуба, се води загубата што не можела да биде покриена од расположивите парични средства на резервата. Ако таа загуба не се покрие до крајот на наредната година, се пренесува на контото 181.

На контото 181 — Непокриена загуба од поранешните години, се води непокриената загуба на заедницата односно на нејзиниот фонд од поранешните години. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180, а се одобрува со задолжување на контото 930 или на контото 185 или на контото 188.

На контото 185 — Загуба покриена со санационен кредит, се искажува загубата што е покриена со санационен кредит. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180 — Непокриена загуба, односно на контото 181 — Непокриена загуба од поранешните години, а се одобрува со задолжување на контото 930 односно на контото 900, ако кредитот е добиен без обврска за враќање.

На контото 188 — Загуба покриена од други извори на средства со обврска за враќање, се води за-

губата привремено покриена од други извори по пат на добиени кредити со обврска за враќање. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180 — Непокриена загуба, односно на контото 181 — Непокриена загуба од поранешните години. Другите книжења на ово конто се вршат аналогно со книжењето на контото 185, освен книжењата на контото 900.

Член 14

На контото 190 — Активни временски разграничувања, се водат издатоците што во часот на настанувањето немаат карактер на трошоци, та поради тоа се предмет на разграничување со пресметковните периоди на кои се однесуваат.

Класа 2: Тековни обврски

Член 15

На контата од групата 22 — Добавувачи, се водат промените настанати од деловни односи по основот на набавка на средства и материјали и извршени услуги. Контата од оваа група, по правило, се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4, а се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1.

Член 16

На контата од групата 23 — Договорни обврски, се водат договорните обврски. Врз товар на контата од оваа група се евидентираат исплатите по основот на договорените обврски. Контата од оваа група се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 1.

Член 17

На контата од групата 24 — Законски обврски, се водат законските обврски. Врз товар на контата од оваа група се евидентираат исплатите по основот на законски обврски. Контата од оваа група, по правило, се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4, а се задолжуваат со одобрување на контото 100 — Жиро-сметка.

Член 18

На контата од групата 28 — Други разни обврски, се водат обврските спрема работните заедници на заедниците, и другите разни обврски за кои не се предвидени посебни конта во групата 23 — Договорни обврски и во групата 24 — Законски обврски. Контата од оваа група, по правило, се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4 или класата 1, а се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1.

На контото 280 — Обврски спрема работната заедница, се водат обврските на заедницата во врска со обезбедувањето на основни и обртни средства на работната заедница.

Член 19

На контото 290 — Пасивни временски разграничувања, се водат однапред пресметаните износи на трошоци што настануваат нерамномерно. На крајот од годината пресметаните износи на ова конто се затвораат меѓусебно со состојбата искажана на контото 190 — Активни временски разграничувања, а разликата паѓа врз товар односно оди во корист на резултатите од тековната година ако не се пренесува во наредната година.

Класа 4: Расходи на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување

Член 20

На контата од групата 40 — Пензии, паричии надоместоци за случај на телесно оштетување и додатоци на пензионерите и трудовите инвалиди, се водат исплатените пензии, паричните надоместоци за случај на телесно оштетување и додатоците на пензионерите и трудовите инвалиди. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од групата 10 — Парични средства. На контата од оваа група, како и на другите конта од класата 4 се водат надоместоците на делот на пензиите и соодветниот дел на другите давања, придонеси и трошоци во врска со признаеното право, а што им се одобрени на другите заедници што ги признале правата на пензии за стажот што осигурениците го минале на територијата на заедницата, ако со самоуправната спогодба не е одредено поинаку. За овие износи, по добиената пресметка од заедницата што го признала правото, се задолжуваат соодветните конта од оваа група и од групите конта 43 до 48 а се одобрува контото 160 — Заедници на пензиското и инвалидското осигурување.

Заедницата што го признала правото и составила пресметка на исплатените пензии и други трошоци во врска со признаеното право на пензија за стаж поминат на територииге на други заедници за износот на пресметката се задолжува контото 160 — Заедници на пензиското и инвалидското осигурување, и за истиот износ се врши црвено сторно на сите конта од групите конта 40 до 48, што биле задолжени за тие износи.

Член 21

На контото 439 — Пензиски и инвалидски примања исплатени на уживатели што живеат во странство, се водат пензиите, паричните надоместоци за случај на телесно оштетување и додатоците на пензионерите и трудовите инвалиди, што им се исплатени на уживателити што живеат во странство.

Член 22

На контата од групата 46 — Парични надоместоци и други трошоци во врска со рехабилитација и вработување на трудови инвалиди, се водат трошоците настанати во врска со спроведувањето на професионалната рехабилитација и вработувањето на трудовите инвалиди според член 23 од Законот за основите права од пензиското и инвалдското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72).

На контото 460 — Надоместоци во врска о рехабилитација, се водат исплатите на надоместоците во врска со професионалната рехабилитација на трудовите инвалиди (надоместоци за време на чекање на рехабилитација, за време на рехабилитација, за време на приспособување, како и надоместок на трошоци за сместување за време на рехабилитација во друго место).

Член 23

На контата од групата 47 — Придонеси на исплатени пензии, додатоци и надоместоци, се водат платените придонеси на исплатените пензии и други примања на пензионерите и трудовите инвалиди. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на контата од групата 24 — Законски обврски.

Член 24

На контата од групата 48 — Трошоци во врска со спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, се водат трошоците на пензиското и инвалидското осигурување, што се врзани за спроведувањето на тоас оигурување, а не се ниту на едно конто од други групи.

На контото 480 — Трошоци на самоуправните органи, се водат трошоците во врска со одржувањето на седниците на органите на самоуправувањето на заедниците (дневници, загубена заработка, превозни трошоци, трошоци за користење на простории, трошоци за запознавање на осигурениците во врска со донесувањето на општи и други акти на заедницата и сл.).

На контото 489 — Други трошоци, се водат другите трошоци што се однесуваат на работењето на заедниците односно на нивните фондови а не се ниту на едно друго конто од класата 4.

Класа 7: Приходи на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување

Член 25

На контата од групата 70 — Придонеси за пензиското и инвалидското осигурување, се водат наплатените придонеси за пензиското и инвалидското осигурување — по видовите на придонесите. Контата од оваа група се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 1. На крајот на годината се задолжуваат со одобрување на контото 802 — Приходи и расходи по завршната сметка.

Член 26

На контата од групата 74 — Учество на други органи и организации во финансирањето на пензиското и инвалидското осигурување, се водат наплатените приходи од буџетите на општествено-политичките заедници.

Член 27

На контото 750 — Приходи на фондот за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, се водат приходите на фондот за станбените потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, што му припаѓаат на фондот без делот кој им припаѓа на општините за субвенционирање на станаринатa и делот што му припаѓа на фондот за станбените потреби на борците од НОВ.

Член 28

На контото 760 — Придонес од заедниците на пензиското и инвалидкото осигурување, се водат придонесите што се уплатени од заедниците. Книжењето на ова конто се врши само во книговодството на Сојузот на заедниците на пензиското и инвалидското осигурување на Југославија.

Член 29

На контата од групата 77 — Други приходи, се водат приходите што не се опфатени ниту на едно конто од групите 70 и 74.

Член 30

На контата од групата 78 — Задолжителни издвојувања од приходот, се водат задолжителните издвојувања за резервата на фондот на пензиското и инвалидското осигурување, за помагање на закрепнувањето на пензионерите и другите издвојувања што се вршат врз основа на закон, општествен договор, самоуправна спогодба или акт на заедницата.

Класа 8: Финансиски резултат и пресметки

Член 31

На контата од групата 80 — Приходи и расходи на заедниците, се водат приходите, расходите и финансиските резултати на заедниците односно на нивните фондови за годината за која се составува завршната сметка. Фондовите за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди ја искажуваат пресметката на приходите и расходите во текот на годината (задолжително за секој месец).

На контото 800 — Пресметан приход и расход на фондот за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, се води секој месец по пресметката разликата на приходите и расходите на фондот искажана на соодветните конта од класата 4 односно класата 7. По истекот на годината ова конто се затвора со соодветните конта на приходите и расходите на тој фонд искажани на соодветните конта од клаката 4 односно класата 7.

На контото 801 — Пресметковно конто, се водат секој месец приходите и расходите на заедниците односно на нивните фондови, ако книговодството на фондот е децентрализирано (водење книговодство на фондот на пензиското и инвалидското осигурување кај работните заедници на здравственото осигурување односно кај комуналните заводи за социјално осигурување и сл.).

На контото 809 — Покритие на загубата, се води покритието на загубата на тој начин што за износот на загубата се задолжува контото 930 — Резерва, до височината на расположивите парични средства на резервата со која заедницата односно фондот располага. Ако расположивите парични средства на резервата се недоволни за покритие на загубата, за остатокот на непокриената загуба, под 31 декември на годината за која се составува завршната сметка на заедницата односно на фондот, се задолжува контото 180 — Непокриена загуба, а се одобрува контото 809 — Покритие на загубата.

Класа 9: Извори на средствата

Член 32

На контата од групата 90 — Кредити, се водат кредитите што заедниците односно нивните фондови ги користат во своето работење.

Член 33

На контото 920 — Фонд на обртните средства, се води фондот на обртните средства ако е формиран таков фонд. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 789 — Други издвојувања, односно на контото 804 или на контото 930. По извршеното издвојување паричните средства повторно се пренесуваат на контото 100 — Жиро-сметка, а се одобрува контото 069.

Член 34

На контата од групата 93 — Резерва, се води резервата на заедниците односно на нивните фондови.

На контото 937 — Резерва што се користи за обртни средства, се води дел од резервата што се користи за обртни средства на заедницата односно на фондот. Ова конто се одобрува со црвено сторно на контото 930 — Резерва. При враќањето на средствата на контото 930 се врши црвено сторно на контото 937 и се одобрува контото 930. Контото 937 се одобрува и за износот на издвоените средства на контото 780, ако тие средства се користат непосредно како обртни средства.

Член 35

На контата од групата 94 — Извори на средствата на фондот за станбени потреби на пензионерите и трудовите инвалиди, се водат изворите на средствата по видовите на изворите на средствата на тој фонд.

Член 36

На контата од групата 96 — Други извори на средствата на заедниците, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за кои не е предвидена посебна група.

На контото 960 — Извори на средствата наменети за помагање на закрепнувањето на пензионерите, се водат средствата наменети за помагање на закрепнувањето на пензионерите, ако тие се издвојуваат по одлука од заедницата. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 785 — Издвојување за помагање на закрепнувањето на пензионерите, а се задолжува со одобрување на контото 060 — Парични средства за помагање на закрепнувањето на пензионерите.

На контото 969 — Други извори на средствата на заедниците, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за одредени намени, ако тоа е предвидено со закон, со општествен договор односно со самоуправна спогодба или со акт на заедницата.

Член 37

На контата 990 до 994 — Активни конта, како и на контата 995 до 999 — Пасивни конта, се книжат промените што немаат непосредна врска односно непосредно дејство врз височината и составот на средствата и нивните извори (станбени згради и станови

на пензионери, домови на пензионери и други објекти што се изградени и предадени на други организации на управување, во согласност со закон и со одлука на заедниците).

Износите на вонбилансната евиденција се искажуваат во билансот на состојбата по збирот на билансот (под цртата).

Член 38

При отворањето на деловните книги за 1973 година, заедниците ќе ги пренесат состојбите искажани во завршната сметка за 1972 година врз контата пропишани со Основниот контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз, и тоа спрема следниот преглед:

Конта на новиот Основен контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и на нивниот сојуз	Конта на поранешниот Основен контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување
1	2
030	033 и 34
040	040
041	041
049	049
060	060
069	069
100	100
101	101
108	108
109	109
121	дел 122, кој се однесува на стопанските дејности
123	дел 122, кој се однесува на вонстопанските дејности
125	дел 124, кој се однесува на приватните работодавци
127	дел 128, кој се однесува на лицата што се занимаваат со самостојни професии (занаетчии, самостојни угостители, приватни превозници, адвокати, свештеници итн.),
128	128 (дел кој се однесува на другите обврзници — остаток по пренесувањето врз контото 127)
129	збир на побарувачките салда од контата 123, 125 и 129 125 и 129
130	132
131	133
132	133
135	134
140	130
141	131
142	дел 137, ако имало таквите книжења на ова конто
145	135
146	136
147	137 по пренесувањето врз контото 142, ако имало такво пренесување
148	138
149	139
160	дел 161 односно дел 162, кој се однесува на пензиското и инвалидското осигурување
161	167 односно 168 односно 169 (зависно од тоа на кои стручни служби се однесуваат износите)
163	дел 164, кој се однесува на пензиското и инвалидското осигурување
164	160
166	дел 161 односно 162 односно 164 (зависно од тоа на кои сојузи се однесуваат книжените износи)
170	170
171	171
174	175
175	179 (дел кој се однесува на аванс)
179	179 (намалено за износот на авансот)
180	185
181	189
190	190
220	дел 229
221	224
222	225
228	229 (намален за делот пренесен врз 220)
230	240
231	241
237	232
238	249
240	234
245	235
246	236
247	230
248	239
280	дел 270, ако имало такви книжења на ова конто
288	270 по пренесувањето врз контото 280, ако имало такви книжења
290	290
776	804 (ако е одлучено дел од вишокот на приходите според завршната сметка да се пренесе во приходите на наредната година)
900	900
904	904
907	907
930	933 и 934
937	937
940	940
941	941
942	942
949	949
960	960
969	969
990 до 994	990
995 до 999	995

III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за содржината на одделните конта во посебнитот Основен контен план за заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71).

Член 40

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 1-6544
25 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

468.

Врз основа на точка 5 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО ПОСЕБНИТЕ ОБРАСЦИ НА БИЛАНСОТ ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА НИВНИОТ СОЈУЗ

I. Општи одредби

Член 1

Заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз (во натамошниот текст: заедниците) ги пополнуваат на начинот предвиден со овој правилник образецот Заклучен лист, образецот Приходи и расходи по видови, со финансискиот резултат и образецот Биланс на резервата од точка 2 на Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз (во натамошниот текст: Одлуката), кои се објавени кон Одлуката и се нејзин составен дел.

Член 2

При пополнувањето на обрасците од член 1 на овој правилник, во поглед содржината на одделните конта што се наведени во колона 2 на образецот Заклучен лист и во колоните 2 и 7 на образецот Приходи и расходи по видови, со финансискиот резултат, заедниците постапуваат според одредбите на Правилникот за содржината на одделните конта во посебниот Основен контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/73) и според одредбите на овој правилник.

Член 3

Паричните вредности во обрасците од точка 1 на овој правилник се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Член 4

Податоците од точка 3 на Одлуката, заедниците ѝ ги доставуваат на Службата на општественото книговодство посебно, во по два примерока, за секој фонд на обрасците од член 1 на овој правилник кои овозможуваат механографска обработка на податоците, а чиј облик го утврдува Службата на општественото книговодство на Југославија.

Заедниците ѝ ги доставуваат податоците од став 1 на овој член на Службата на општественото книговодство која се наоѓа во местото во кое е седиштето на заедницата.

II. Содржина на одделните позиции во образецот Заклучен лист

Член 5

Образецот Заклучен лист се пополнува со состојбата на 31 декември на следниот начин:

1) во образецот се внесуваат сите конта по редоследот од Основниот контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз на кои заедниците и нивниот сојуз во текот на годината вршеле книжење во деловните книги;

2) во колона 8 се внесува збирот на износите од колони 4 и 6, а во колона 9 — збирот на износите од колони 5 и 7;

3) во колони 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта.

III. Содржина на одделните позиции во образецот Приходи и расходи по видови, со финансискиот резултат

Член 6

Образецот Приходи и расходи по видови, со финансискиот резултат, се пополнува со состојбата на 31 декември на следниот начин:

1) во образецот за 1973 година не се внесуваат податоци во колони 4 и 9. За 1974 година и подоцнежните години, во колони 4 и 9 се внесуваат податоци што се искажани во колони 5 и 10 во претходната година;

2) во колона 5 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 до ред. бр. 32 — долговниот промет на контата на класата 4;

— под ред. бр. 33 — збирот од ред. бр. 1 до ред. бр. 32;

— под ред. бр. 34 — побарувачкиот промет на контото 804;

— под ред. бр. 35 — збирот од колони 4 и 5;

3) во колона 10 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 до ред. бр. 16 — побарувачкиот промет на групата конта 70, 74, 76 и 77;

— под ред. бр. 17 — збирот на групата конта 70, 74, 76 и 77;

— под ред. бр. 18 до ред. бр. 20 — долговниот промет на контата 780 до 789;

— под ред. бр. 21 — збирот од ред. бр. 17 намален за износите од ред. бр. 18 до ред. бр. 20;

— под ред. бр. 22 — долговниот промет на контото 806;

— под ред. бр. 23 — збирот од ред. бр. 21 и ред. бр. 22.

IV. Содржина на одделните позиции во образецот Биланс на резервата

Член 7

Образецот Биланс на резервата се пополнува со состојбата на 31 декември на следниот начин:

1) во образецот за 1973 година не се внесуваат податоци во колона 3. За 1974 година и подоцнежните години, во колона 3 се внесуваат податоците што се искажани во колона 4 во претходната година;

2) во колона 4 се искажуваат, и тоа;

— под ред. бр. 1 — износот на побарувачкото салдо на контата 930 и 937, што е пренесено по завршната сметка од претходната година;

— под ред. бр. 2 — побарувачкото салдо односно дел на побарувачкото салдо од контото 804;

— под ред. бр. 3 — долговното салдо од контото 780;

— под ред. бр. 4 — побарувачкото салдо на контата 930 и 937 намалено за износот под ред бр. 1 до ред. бр. 3;

— под ред. бр. 5 — збирот од ред. бр. 1 до ред. бр. 4;

— под ред. бр. 6 — дел на побарувачкото салдо на контото 930 што е употребено за покритие на загубата според завршната сметка;

— под ред. бр. 7 — долговното салдо на контото 030;

под ред. бр. 8 — салдото односно дел на долговното салдо од контото 170, кое се однесува на орочените средства на резервата;

— под ред. бр. 9 — салдото односно дел на долговното салдо од контото 171 кое се однесува на пласираните средства на резервата;

— под ред. бр. 10 — долговното салдо на контото 179 кое се однесува на средствата на резервата;

— под ред. бр. 11 — побарувачкото салдо на контото 937;

— под ред. бр. 12 — збирот од ред. бр. 7 до ред. бр. 11 односно ред. бр. 5 минус ред. бр. 6.

V. Завршни одредби

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за содржината на одделните позиции во посебните обрасци на билансот на заедниците на социјалното осигурување односно заедниците на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/71).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 1-6544/1
25 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

469.

Врз основа на точка 5 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ КОНТА ВО ПОСЕБНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И НИВНИТЕ СОЈУЗИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи (во натамошниот текст: заедниците) го водат книговодството според Основниот контен план за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи, кој е составен дел на Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи.

Член 2

Целокупната дејност на заедниците, освен дејноста на нивните работни заедници, мора да биде опфатена со пропишаните основни конта што претставуваат конта на главната книга.

Член 3

Пропишаните основни конта заедниците самостојно ги расчленуваат на аналитички конта.

II. СОДРЖИНА НА КЛАСИТЕ, ГРУПИТЕ И ОДДЕЛНИТЕ КОНТА

Класа 0: Средства на резервниот фонд и други издвоени средства

Член 4

На контата од групата 03 — Средства на резервата и други издвоени средства, се водат паричните средства на резервниот фонд односно на резервата и на резервата на фондот на здравственото реосигурување, издвоените парични средства за развој на здравствената служба и другите издвоени парични средства.

Класа 1: Финансиски и пресметковни средства

Член 5

На контата од групата 10 — Парични средства, се водат паричните средства што не се опфатени на контата од класата 0.

На контото 100 — Жиро-сметка, се води готовинското и безготовинското (вирманското) работење по основот на уплата, наплата на придонеси, дознаки итн.

На контото 101 — Благајна, се води готовинскиот промет што се врши преку благајната.

На контото 102 — Девизни средства, се води динарската противвредност на девизите на сметките кај банките за секоја валута посебно.

На контото 108 — Други парични средства, се водат другите парични средства за кои во оваа група конта не е предвидено посебно конто.

На контото 109 — Преодно конто, привремено се евидентираат деловните промени по готовинскиот и вирманскиот промет до конечната потврда на тие промени во дневниот извод на Службата на општественото книговодство.

Член 6

На контата од групата 12 — Обврзници на пресметаниот и уплатениот придонес за здравствено осигурување, се водат пресметаните и уплатените придонеси за здравствено осигурување по категориите на обврзниците за уплата на придонесот.

На контото 125 — Приватни работодавци, се водат пресметаните и уплатените придонеси за здравствено осигурување на работниците и на учениците вработени кај приватни работодавци, за кои обврзници на уплата на придонесот се приватни работодавци.

На контото 126 — Земјоделци односно општини, се водат пресметаните и уплатените придонеси за здравствено осигурување на земјоделците за кои обврзници за уплата на придонесот се самите земјоделци односно собранијата на општините.

На контата 127 — Лица што се занимаваат со самостојни професии, се водат пресметаните и уплатените придонеси за здравствено осигурување на занаетчиите, самостојните угостители и приватните превозници, адвокатите, свештениците итн., за кои обврзници за уплата на придонесот се овие осигуреници.

На контото 128 — Други обврзници, се водат пресметаните и уплатените придонеси за здравствено осигурување на лицата вработени во странство кај странски работодавци и организации на меѓународни здруженија и организации, странски државјани и др., што се осигурени според југословенските прописи, за кои обврзници за уплата на придонесот се овие осигуреници.

На контото 129 — Пресметани и уплатени придонеси, се водат вкупно пресметаните и уплатените придонеси искажани на контата од оваа група. Ова конто се задолжува со одобрување на соодветното конто од групата 70, 72 и 73, а се одобрува со задолжување на некое од контата на оваа група.

Член 7

На контата од групата 13 — Побарувања од општествено-политичките заедници, се водат побарувањата од општествено-политичките заедници за нивното учество во финансирањето на задолжителните видови здравствена заштита. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од групата 71 — Учество на други органи и организации во финансирањето на задолжителните видови здравствена заштита, а се одобруваат со задолжување на контото 100 — Жиро-сметка.

Член 8

На контата од групата 14 — Разни побарувања, се водат разни побарувања опфатени со контата од оваа група што не можеле да бидат опфатени со ниедно конто од другите групи на класата 1.

На контото 141 — Побарувања од заеднички вложувања, се водат побарувањата дадени на други организации по основот на заеднички вложувања. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 033 или контото 039, односно на контото 100 или 108, зависно од тоа што се финансира. Ова конто се одобрува со задолжување на соодветното конто на расходите (407, 417, 427 или 487) односно на контото 960 или 969, зависно од договорот според кој се врши финансирањето.

На контото 142 — Побарувања од работната заедница, се водат побарувањата на заедницата по основот на пренесените основни и обртни средства за работењето на работните заедници односно на комуналниот завод за социјално осигурување. Ова конто се задолжува во корист на контото 280, а се одобрува со задолжување на контото 280.

На контото 146 — Пресметани побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати, се водат пресметаните побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати. Врз основа на добиена судска пресуда или врз основа на некоја друга исправа со која е утврдена штетата односно неправилната исплата, се спроведува соодветното книжење во корист на ова конто, а врз товар на контото 145 — Побарувања за надоместок на штета и за неправилни исплати.

На контото 147 — Други побарувања, се водат сите други побарувања за кои не се пропишани посебни конта.

На контото 148 — Сомнителни и спорни побарувања, се водат побарувањата за кои ќе се оцени дека во поглед на наплатата се неизвесни, за што треба да постои писмено образложена одлука од надлежниот орган на управувањето на заедницата, како и побарувањата по кои кај надлежниот орган е поведена постапка заради наплата.

На контото 149 — Исправка на вредноста на сомнителните и спорните побарувања, се води исправката на вредноста на сомнителните и спорните побарувања врз товар на соодветните конта на расходите.

Член 9

На контата од групата 15 — Побарувања од странски носители на здравствено осигурување, се водат побарувањата од странски носители на здравствено осигурување за трошоците на здравствената заштита на членовите од семејствата на осигурениците на странски носители на здравствено осигурување, како и другите побарувања за надоместок на трошоците за осигурување што врз основа на конвенција односно спогодба се извршени за сметка на странски носител на здравствено осигурување.

Член 10

На контата од групата 16 — Односи со заедниците, со сојузите на заедниците, со работните заедници во заедниците на здравственото осигурување, заедниците на додатокот на деца и други деловни односи, се водат деловните односи со заедниците и заводите за социјално осигурување односно со работните заедници во заедниците на здравственото осигурување, со заедниците на додатокот на деца и други деловни односи (односно со филијали) и сл. Контата од оваа група, по правило, се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1 или 7, а се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 1 или 4.

На контото 161 — Работни заедници на заедниците на здравственото осигурување и на нивните сојузи односно заводи за социјално осигурување, се водат деловните односи со работните заедници на заедниците односно со заводите за социјално осигурување во врска со спроведувањето на здравственото осигурување односно реосигурување и другите деловни односи.

Член 11

На контата од групата 17 — Вложени средства, се водат вложените средства на заедниците односно на нивните фондови (орочени депозити, обврзници, благајнички записи, кредити и аванси). Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од групата 03 — Средства на резервата и други издвоени средства, а се одобруваат со задолжување на контата што биле одобрени. Контата од оваа група се задолжуваат и за износот на каматата со одобрување на контото 930 — Резервен фонд односно резерва, односно на соодветното конто од групата 96 — Други извори на средства на заедниците односно на фондовите.

Член 12

На контата од групата 18 — Непокриена загуба, се води непокриената загуба.

На контото 180 — Непокриена загуба, се искажува загубата што не можела да биде покриена од расположивите парични средства на резервата односно на резервниот фонд. Ако оваа загуба не се покрие до крајот на наредната година се пренесува на контото 181.

На контото 181 — Непкриена загуба од поранешните години, се искажува непокриената загуба на заедниците односно на нивните фондови од поранешните години. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180 — Непокриена загуба, а се одобрува со задолжување на контото 930 — Резервен фонд односно резерва, или на контото 890 — Придонес за покритие на загуба, или на контото 185 — Загуба покриена со санационен кредит, или на контото 188 — Загуба покриена од други извори со обврска за враќање.

На контото 185 — Загуба покриена со санационен кредит, се искажува загубата што е покриена со санационен кредит Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180 — Непокриена загуба, односно на контото 181 — Непокриена загуба од поранешните години, а се одобрува со задолжување на контото 930 односно на контото 900, ако кредитот е добиен без обврска за враќање.

На контото 188 — Загуба покриена од други извори со обврска за враќање, се искажува загубата што е покриена привремено со добиени кредити со обврска за враќање. Ова конто се задолжува со одобрување на контото 180 — Непокриена загуба, односно на контото 181 — Непокриена загуба од поранешните години. Другите книжења на ова конто се вршат аналогно на книжењата на контото 185, освен книжењето на контото 900.

Член 13

На контото 190 — Активни временски разграничувања, се водат издатоците што во моментот на настанувањето немаат карактер на трошоци, та поради тоа се разграничуваат по пресметковните периоди на кои се однесуваат.

Класа 2: Тековни обврски

Член 14

На контата од групата 22 — Добавувачи, се книжат промените настанати од деловни односи по основ на набавка на средства и материјали и на извршени услуги. Контата од оваа група, по правило, се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4, а се задолжуваат со одобрување на соодветното конто од класата 1.

Член 15

На контата од групата 23 — Договорни обврски се искажуваат договорните обврски. Контата од оваа група се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4, а се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1.

Член 16

На контата од групата 28 — Други разни обврски, се искажуваат обврските спрема работната заедница на заедницата и другите разни обврски за кои не се предвидени посебни конта во групата

23 — Договорни обврски. Контата од оваа група, по правило, се одобруваат со задолжување на соодветните конта од класата 4 или класата 1 а се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1.

На контото 280 — Обврски спрема работната заедница, се водат обврските на заедницата во врска со обезбедувањето на основните и обртните средства на работната заедница односно на заводот за социјално осигурување.

Член 17

На контото 290 — Пасивни временски разграничувања, се водат однапред пресметаните износи на трошоците што настануваат нерамномерно. На крајот на годината пресметаните износи на ова конто меѓусебно се затвораат со состојбата искажана на контото 190 — Активни временски разграничувања, а разликата паѓа врз товар односно оди во корист на резултатите од тековната година ако не се пренесува во наредниот период.

Класа 4: Расходи на заедниците на здравственото осигурување и на нивните сојузи

Член 18

На контата од групата 40 — Трошоци на задолжителните видови здравствена заштита, се искажуваат трошоците на задолжителните видови здравствена заштита по видовите трошоци. Контата од оваа група се задолжуваат со одобрување на соодветните конта од класата 1 и 2.

Член 19

На контата од групата 41 — Трошоци на здравствената заштита за случај на несреќа при работата и заболувања од професионални болести, се искажуваат по видовите на трошоците на здравствената заштита за случај на несреќа при работата и заболување од професионални болести Содржината на одделни видови трошоци и нивното книжење се исти како кај видовите на трошоците од групата 40 — Трошоци на задолжителните видови здравствена заштита.

Член 20

На контата од групата 42 — Трошоци на здравствената заштита што самостојно ги утврдуваат заедниците, се искажуваат по видовите на трошоците на здравствената заштита што самостојно ја утврдуваат заедницата на здравственото осигурување односно што на осигурениците им припаѓа врз основа на закон (носители на Партизанска споменица 1941 година, носители на Албанска споменица и др). Содржината на одделни видови трошоци и нивното книжење се исти како и кај контата од групата 40 Трошоци на задолжителните видови здравствена заштита.

Член 21

На контата од групата 43 — Трошоци на здравствената заштита на југословенските осигуреници во странство, се искажуваат трошоците за здравствената заштита на југословенските осигуреници во странство.

Член 22

На контата од групата 45 — Трошоци на здравствената заштита што според конвенциите ги надоместуваат носителите на странско здравствено осигурување, се искажуваат фактичните трошоци на вкупната здравствена заштита на членовите на семејствата на осигурениците на странски носители на здравствено осигурување и на пензионерите на странски носители на пензиско и инвалидско осигурување, што живеат во Југославија, а што се надоместуваат од странскиот носител на здравствено односно пензиско и инвалидско осигурување.

Член 23

На контата од групата 46 — Парични надоместоци и помошти што им припаѓаат на осигурените лица според законот односно што ќе ги установи заедницата, се искажуваат трошоците на паричните надоместоци и помошти на осигурени лица.

Член 24

На контата од групата 48 — Придонеси, премии и надоместоци на реосигурувањето, трошоци на студиски и научноистражувачки работи и надоместоци во врска со спроведувањето на здравственото осигурување, се искажуваат расходите на име придонес за сојузот на заедниците на здравственото осигурување, премиите за реосигурување и надоместоците за реосигурување на заедниците, трошоците на студиски и научноистражувачки работи во областа на здравственото осигурување и надоместоците за работа на работната заедница на заедниците односно заводите за социјално осигурување, во врска со вршењето на работите за сметка на заедниците.

Член 25

На контата од групата 49 — Други трошоци, се искажуваат другите трошоци на заедниците односно на нивните фондови што не се опфатени ниту на едно конто на класата 4.

На контото 490 — Трошоци на самоуправните органи, се искажуваат трошоците во врска со одржувањето на седници на органите на самоуправувањето на заедниците (дневници, загубени заработки, превозни трошоци, трошоци за користење простории, трошоци за запознавање на осигурениците со општите и други акти на заедниците и сл.).

На контото 499 — Други трошоци, се искажуваат другите трошоци што се однесуваат на работењето на заедниците односно на нивните фондови а не се опфатени ниту на едно друго конто од класата 4.

Класа 7: Приходи на заедниците и на сојузите на заедниците на здравственото осигурување

Член 26

На контата од групата 70 — Придонеси за задолжителни видови здравствена заштита, се искажуваат приходите по основот на наплатените придонеси за задолжителните видови здравствена заштита. Контата од оваа група се одобруваат со задолжување на контото 129 — Пресметани и уплатени придонеси.

Член 27

На контата од групата 71 — Учество на други органи и организации во финансирањето на задолжителните видови здравствена заштита, се искажуваат приходите од општествено-политичките заедници и други организации.

Член 28

На контата од групата 72 — Придонеси за случај на несреќа при работата и на заболување од професионални болести, се искажуваат наплатените придонеси за случај на несреќа при работата и заболување од професионални болести.

Член 29

На контата од групата 73 — Придонес за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува заедницата, се искажуваат наплатените придонеси за правата што самостојно ги утврдуваат заедниците, како и придонесот од заедниците на здравственото осигурување што им припаѓа на сојузите за нивното финансирање.

Член 30

На контата од групата 75 — Надоместоци за трошоците на здравствената заштита според конвенции, се искажуваат надоместоците за трошоците на здравствената заштита за членовите на семејствата на осигурениците на странски носители на здравствено осигурување и на пензионерите на странски носители на пензиско и инвалидско осигурување, што престојуваат во Југославија и за кои, врз основа на конвенции за социјално осигурување

и административни спогодби за нивното спроведување, заедниците на здравственото осигурување ги исплатуваат трошоците на здравствената заштита. Книжењето на контата од оваа група се врши само врз основа на извршената наплата, а во согласност со конвенциите и административните спогодби склучени со странските носители на социјалното осигурување.

Член 31

На контата од групата 77 — Други приходи, се искажуваат сите други приходи што им припаѓаат на заедниците односно на нивните фондови, што не се опфатени ниту на едно конто на другите групи.

Чле 32

На контата од групата 78 — Задолжителни издвојувања од приходите, се искажуваат задолжителните издвојувања за резервите на заедниците односно на нивните фондови и другите издвојувања што се вршат врз основа на закон, општествен договор или самоуправна спогодба односно одлуки на заедниците.

Класа 8: Финансиски резултат и придонес за покритие на загуба

Член 33

На контата од групата 80 — Приходи и расходи на заедниците, се искажуваат приходите, расходите и финансискиот резултат на заедниците односно на нивните фондови за годината за која се составува завршната сметка.

На контото 809 — Покритие на загуба, се врши покривање на загубата на тој начин што за износот на загубата се задолжува контото 930 — Резервен фонд односно резерва, до височината на расположивите парични средства на резервниот фонд односно на резревата со кои заедницата односно фондот располага. Ако расположивите парични средства на резервниот фонд односно на резервата се недоволни за покрите на загубата, за остатокот на непокриената загуба, под 31 декември на годината за која се составува завршната сметка на заедницата односно на фондот, се задолжува контото 180 — Непокриена загуба, а се одобрува на контото 809 — Покритие на загуба.

Член 34

На контото 890 — Придонес за покритие на загуба, се искажуваат наплатените придонеси за покритие на загубата на заедницата односно на фондот, ако таквиот придонес е предвиден со закон и ако е одредено неговото плаќање.

Класа 9: Извори на средствата

Член 35

На контата од групата 90 — Кредити, се водат кредитите што заедниците односно нивните фондови ги користат во своето работење.

Член 36

На контата од групата 93 — Резерви, се води резервниот фонд односно резервите на заедниците и на нивните фондови.

На контото 930 — Резервен фонд односно резерва, се води резервниот фонд на заедницата на здравственото осигурување односно резервниот фонд или резервата на заедницата односно на фондот за реосигурување, зависно од тоа како е предвидено со законот. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 780 — Издвојување за резервниот фонд односно за резервата, а се задолжува со одобрување на контото 809 — Покритие на загуба, или на контото 937 — Резерва што се користи за обртни средства.

На контото 937 — Резерва што се користи за обртни средства, се води дел од резервата кој се користи за обртни средства на заедницата односно на фондот. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 930 — Резервен фонд односно резерва, а се задолжува со одобрување на контото 930 — Резервен фонд.

Член 37

На контата од групата 96 — Други извори на средства на заедниците односно на фондовите, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за кои не се предвидени посебни конта во оваа класа.

На контото 960 — Извори на средствата за развој на здравствената служба, се водат издвоените средства за развој на здравствената служба и за унапредување на превентивната и друга заштита на осигурениците. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 785 — Издвојување за развој на здравствената служба, а се задолжува со одобрување на контото 033 — Издвоени парични средства за развој на здравствената служба, ако се дадени средствата без обврска за враќање.

На контото 969 — Други извори на средствата на заедниците односно на фондовите, се водат другите извори на средствата на заедниците односно на нивните фондови за одредени намени, ако тоа е предвидено со прописи. Ова конто се одобрува со задолжување на контото 789 — Други издвојувања, а се задолжува со одобрување на контото 039 — Други издвоени парични средства.

Член 38

На контата 990 до 994 — Активни конта и на контата 995 до 999 — Пасивни конта, се книжат промените што немаат непосредна врска односно непосредно дејство врз височината и составот на средствата и нивните извори.

Износите на вонбиланснатa евиденција се искажуваат во биланост на состојбата по збирот на билансот (под цртата).

Член 39

При отворањето на деловните книги за 1973 година, заедниците ќе ги пренесат состојбите искажани во завршната сметка за 1972 година врз контата пропишани со Основниот контен план за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи, и тоа спрема следниот преглед:

Конта на новиот основен контен план за заедниците на здравственото осигурување и на нивните сојузи	Конта на поранешниот Основен контен план на заедниците на социјалното односно здравственото осигурување
1	2
030	032
033	065
039	069
100	100
101	101
108	108
109	109
121	дел 122 кој се однесува на стопанските дејности
123	дел 122 кој се однесува на вонстопанските дејности
124	дел од долговното салдо 161 односно 162 (ако придонесот за пензионерите е книжен на овие конта)
125	дел 124 кој се однесува на приватните работодавци
126	дел 124 кој се однесува на земјоделците односно на општините
127	дел 128 кој се однесува на лицата што се занимаваат со самостојни професии
128	дел 128 кој се однесува на другите обврзници — остаток по пренесувањето врз контото 127
129	збир на побарувачките салда од контата 123, 125 и 129

1	2
130	132
131	133
132	133
135	134
140	130
141	131
142	дел 137 (ако имало такви книжења на ова конто)
145	135
146	136
147	137 по пренесувањето врз контото 142 (ако имало такво пренесување)
148	138
149	139
150	140
151	141
152	142
153	143
154	144
155	145
156	дел 148 (ако е вршено книжење на ова конто)
158	148 (остаток по пренесувањето врз контото 156)
159	149
160	160
163	161 односно 162 зависно од тоа дали заедницата е од територијата на републиката или на покраината во републиката или вон републиката, а ако на овие конта е книжен и односот со заедниците на пензиското и инвалидското осигурување пренесувањето ќе се изврши по одбивањето на тој дел
164	164
165	дел од 161 односно 162 што ќе остане по пренесувањето врз контото 163
170	170
171	171
174	174
175	дел од контото 179 (ако на ова конто имало книжење на аванси)
179	179 по одбивање на износот што е пренесен врз контото 175 (ако е вршено пренесување)
180	185
181	189
190	190
220	220
221	224
228	229
230	240
231	241
236	232
237	248
238	249 и 239 (ако имало соодветни книжења на 239)
288	270
290	290
778	804 (ако е одлучено дел од вишокот на приходите според завршната сметка да се пренесе во приходите од наредната година)
900	900
904	904
907	907
930	932
937	937
960	965
969	969
990 до 994	990
995 до 999	995

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 40

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 1-6544/1
25 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

470.

Врз основа на точка 5 од Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи („Службен лист на СФРЈ“. бр. 21/73), сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИТЕ ПОЗИЦИИ ВО ПОСЕБНИТЕ ОБРАСЦИ НА БИЛАНСОТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И НА НИВНИТЕ СОЈУЗИ

I. Општи одредби

Член 1

Заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи (во натамошниот текст: заедниците) ги пополнуваат на начинот предвиден со овој правилник образецот Заклучен лист, образецот Приходи и расходи по видови, со финансиските резултати и образецот Биланс на резервниот фонд односно на резервата од точка 2 на Одлуката за посебниот Основен контен план и за посебните обрасци на билансот за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи (во натамошниот текст: Одлуката), што се објавени кон Одлуката и се нејзин составен дел.

Член 2

При пополнувањето на обрасците од член 1 на овој правилник, во поглед содржината на одделните конта што се наведени во колона 2 на образецот Заклучен лист и во колоните 2 и 7 на образецот Приходи по видови, со финансиските резултати, заедниците постапуваат според одредбите на Правилникот за содржината на одделните конта во посебниот основен контен план за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 37/73) и според одредбите на овој правилник.

Член 3

Паричните вредности во обрасците од точка 1 на овој правилник се искажуваат во полни износи (динари со пари).

Член 4

Податоците од точка 3 на Одлуката, заедниците ѝ ги доставуваат на Службата на општественото книговодство посебно за секој фонд на здравственото осигурување односно за секој фонд на здравстве-

ното реосигурување, во по два примерока за секој фонд, на образците од точка 2 на Одлуката, кои овозможуваат механографска обработка на податоците а чиј облик го утврдува Службата на општественото книговодство на Југославија.

Заедниците ѝ ги доставуваат податоците од став 1 на овој член на Службата на општественото книговодство која се наоѓа во местото во кое е седиштето на заедницата.

II. Содржина на одделните позиции во образецот Заклучен лист

Член 5

Образецот Заклучен лист се пополнува, со состојбата на 31 декември, на следниот начин:

1) во образецот се внесуваат сите конта по редоследот од Основниот контен план за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи на кои заедниците и нивните сојузи во текот на годината вршеле книжење во деловните книги;

2) во колона 8 се внесува збирот на износите од колони 4 и 6, а во колона 9 — збирот на износите од колони 5 и 7;

3) во колони 10 и 11 се внесуваат салдата од сите конта.

III. Содржина на одделни позиции во образецот Приходи и расходи по видови, со финансиските резултати

Член 6

Образецот Приходи и расходи по видови, со финансиските резултати, се пополнува, со состојбата на 31 декември, на следниот начин:

1) во образецот за 1973 година не се внесуваат податоци во колони 4 и 9. За 1974 година и подоцнежните години во колони 4 и 9 се внесуваат податоци што се искажани во колони 5 и 10 во претходната година;

2) во колона 5 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 до ред. бр. 49 — долговниот промет на контата на класата 4;

— под ред. бр. 50 — збирот на ред. бр. 1 до ред. бр. 49;

— под ред. бр. 51 — побарувачкиот промет на контото 804;

— под ред. бр. 52 — збирот на ред. бр. 50 и ред. бр. 51;

3) во колона 10 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 до ред. бр. 34 — побарувачкиот промет на контата 700 до 779;

— под ред. бр. 35 — збирот на контата 700 до 779;

— под ред. бр. 36 до ред. бр. 38 — долговниот промет на контата 780 до 789;

— под ред. бр. 39 — збирот од ред. бр. 35, намален за износите под ред. бр. 36 до 38;

— под ред. бр. 40 — долговниот промет на контото 806;

— под ред. бр. 41 — збирот на ред. бр. 39 и 40.

IV. Содржина на одделни позиции во образецот Биланс на резервниот фонд односно на резервата

Член 7

Образецот Биланс на резервниот фонд односно на резервата се пополнува, со состојбата на 31 декември, на следниот начин:

1) во образецот за 1973 година не се внесуваат податоци во колона 3. За 1974 година и подоцнежните години во колона 3 се внесуваат податоци што се искажани во колона 4 во претходната година;

2) во колона 4 се искажуваат, и тоа:

— под ред. бр. 1 — износот на побарувачкото салдо на контата 930 и 937, што е пренесено по завршната сметка од претходната година;

— под ред. бр. 2 — побарувачкото салдо односно дел од побарувачкото салдо (зависно од одлуката на собранието на заедницата) на контото 804;

— под ред. бр. 3 — долговното салдо на контото 780;

— под ред. бр. 4 — побарувачкото салдо на контото 930 и 937 намалено за износот од ред. бр. 1 до 3;

— под ред. бр. 5 — збирот на ред. бр. 1 до 4;

— под ред. бр. 6 — делот на побарувачкото салдо на контото 930, што е употребен за покритие на загубата по завршната сметка;

— под ред. бр. 7 — долговното салдо на контото 030;

— под ред. бр. 8 — салдото односно дел на долговното салдо на контото 170, што се однесува на орочените средства на резервниот фонд;

— под ред. бр. 9 — салдото односно дел на долговното салдо на контото 171 што се однесува на пласираните средства на резервниот фонд;

— под ред. бр. 10 — салдото односно делот на долговното салдо на контото 174 што се однесува на средствата на резервниот фонд;

— под ред. бр. 11 — салдото односно дел на долговното салдо на контото 179 што се однесува на средствата на резервниот фонд;

— под ред. бр. 12 — побарувачкото салдо на контото 937;

— под ред. бр 13 — збирот на ред. бр. 7 до 12 односно на ред. бр. 5 минус ред бр. 6.

V. Завршна одредба

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1973 година.

Бр. 1-6544/1
25 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

471.

Врз основа на член 58 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/72 55/72 и 28/73) и член 8 од Законот за привремено регулирање на плаќањето на основниот данок на надоместоци за услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72 и 22/73), во спогодба со сојузниот секретар за стопанство, сојузниот секретар за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИМЕНА НА ДАНОЧНИТЕ СТАПКИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/72, 4/73 и 13/73), по член 1 се додава нов член 1а, кој гласи:

„Во смисла на член 12 став 1 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, во врска со чл. 1 до 4 на Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“, бр. 22/73), како даночен обврзник во прометот со трети лица се смета работната организација (претпријатие или друга организација во областа на стопанството, установа и друга организација во областа на општествените служби, банка и друга парична организација, организација за осигурување имот и лица и др.).

Основната организација на здружениот труд и заедницата на основни организации на здружениот труд во составот на иста работна организација, можат да бидат даночни обврзници во прометот со трети лица само ако работната организација во чиј состав се тие, а врз основа на член 12 став 2 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, во врска со член 112 став 1 точка 3 на Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, ја пренела врз нив обврската за пресметување и плаќање на данок на промет во врска со прометот на производи и услуги што тие го вршат со трети лица, под услов:

1) основната организација на здружениот труд и заедницата на основни организации на здружениот труд, врз кои е пренесена таквата обврска, да имаат своја жиро-сметка. Врз основната организација на здружениот труд може да се пренесе обврската да биде даночен обврзник иако нема жиро-сметка под услов да ги обезбедува пропишаните евиденции односно податоците пропишани со овој правилник и во рок од 10 дена од запишувањето во регистарот да ја извести надлежната Служба на општественото книговодство од која жиро-сметка ќе врши плаќање на данокот на промет;

2) преносот на таквата обврска да е запишан во регистарот кај стопанскиот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на работната организација;

3) за тоа, во рок од 10 дена од денот на запишувањето во регистарот, работната организација да ја има писмено известено Службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката на работната организација, како и Службата на општественото книговодство кај која се води жиро-сметката од која таквите основни организации на здружениот труд и заедници на основни организации на здружениот труд го вршат плаќањето на данокот на промет;

4) основната организација на здружениот труд и заедницата на основни организации на здружениот труд, врз кои е пренесена обврската за пресметување и плаќање на данокот на промет, да ги има организирано сите евиденции пропишани со овој правилник, што работната организација што ја пренела таквата обврска мора писмено да го потврди во известувањето што ѝ го доставува на Службата на општественото книговодство.

Од денот на запишувањето во регистарот кај стопанскиот суд, врз основната организација на здружениот труд и врз заедницата на основни организации на здружениот труд преминуваат сите обврски што даночниот обврзник ги има во врска со данокот на промет според Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, Законот за привремено регулирање на плаќањето на основниот данок на надоместоци за услуги и според овој правилник.

Кога е во прашање сложена производителска организација на здружениот труд во која се здружени повеќе производителски организации на здружениот труд и во која преку една од таквите организации за сите здружени организации се вршат работите на увозот односно набавките на репродукционен материјал и опрема, како и работите на продажба на изработени производи, при што на пазарот таа се појавува од името на сложената производителска организација како целост или во свое име а за сметка на одделни здружени производителски организации, таквите работи во врска со основниот данок на надоместоци за услуги не се сметаат како работи од тар. бр. 1 и 2 на Привремената тарифа.“

Член 2

Во член 4, по став 3, се додаваат три нови става, кои гласат:

„Продажбата на производите на мало на кои се плаќа данок на промет, што даночниот обврзник ќе ја изврши преку свое претставништво односно преку друга деловна единица, така што претставништвото односно деловната единица со купувачот ќе договори продажба на производи врз основа на што потоа на купувачот му се испоставува фактура од името на таквото претставништво или деловна единица или од името на даночниот обврзник, се смета како промет на производи од член 5 став 2 на Законот, што е извршен во местото во кое е седиштето на претставништвото или на друга деловна единица што продава стоки на мало.

Ако продажбата на производите се врши преку екстерни организации на здружениот труд што вршат продажба во свое име а за сметка на продавачок или во име и за сметка на продавачот, се смета дека прометот е остварен во местото во кое е седиштето на таквата организација на здружениот труд. Кај ваквата продажба за плаќањето и насочувањето на данокот не е од значење кој ја издал фактурата или кој ги испорачал производите — ако испораката е извршена пред испоставувањето на фактурата, како и под чија фирма е издадена фактурата.

Даночните обврзници што производите ги продаваат на начин од ст. 4 и 5 на овој член, се должни да ги водат сите пропишани евиденции од кои може да се утврди кои производи и на кои купувачи им се продадени преку претставништвата и други деловни единици и дека според член 33 став 1 на Законот го плаќаат данокот на промет на производи, пресметан на таквиот промет според местото во кое е седиштето на претставништвото или на друга деловна единица што извршила продажба на производи.“

Член 3

Во член 12 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Одредбите на овој член се применуваат и врз кусокот на репродукционен материјал и опрема што се набавени без плаќање данок на промет на производи.“

Член 4

Во член 17 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Даночна основица за угостителските организации на здружениот труд при продажбата на алкохолни пијачки од точ 3 и 4 на тар број 4 на Тарифата (пиво, вештачки ракии и др.) е набавната цена на тие пијачки, под која се подразбираат: цената на тие пијачки искажана во фактурата на добавувачот, зависните трошоци со кои се товарат набавените производи (транспортни и други трошоци) и цената на амбалажата. Врз вака утврдената даночна основица се применува пропишаната даночна стапка, без оглед на тоа дали зависните трошоци за набавените производи на угостителската организација на здружениот труд посебно ѝ ги фактурирал продавачот на големо на тие пијачки или производителот на тие пијачки или самата угостителска организација посебно му ги платила на друг (на превозник и сл.).

Одредбата на член 16 став 4 од Законот, според која во даночната основица на влегуваат транспортните и други трошоци што не се содржани во продажната цена туку продавачот ги плаќа по налог и за сметка на купувачот, се однесува на случаите кога производителската организација на здружениот труд или трговската организација на здружениот

труд што продава алкохолни пијачки на големо ќе им ги продаде тие пијачки на угостителски единици на неугостителски организации, на самостојни дуќани и на други потрошувачи, под услов продажбата да е извршена по цената франко продажното место, превозот да е извршен по нивно изречно барање и за нивна сметка и тие трошоци да се посебно искажани во фактурата испоставена на таков купувач. Кон копијата на фактурата, што ја одлага во својата книговодствена документација, продавачот е должен да ја приклучи и соодветната документација за тие трошоци."

Досегашните ст 2 до 11 стануваат ст. 4 до 13.

Член 5

Во член 26а став 5 се менува и гласи:

„При утврдувањето на даночната основица според тар број 1 на Привремената тарифа, се применува курсот по кој банката ќе изврши пресметка на приливот на девизите."

Член 6

Во член 28 став 3 се менува и гласи:

„Како даночен обврзник се смета и друга организација на здружениот труд — правно лице, самоуправни и други фондови на општествено-политичките заедници и други општествени правни лица (освен банка), и тоа на даночната основица што ќе ја остварат со давање кредити во пари и со вршење менувачки работи."

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Данокот од тар. број 3 на Привремената тарифа, кој се пресметува на приходите од камата по кредитот даден на корисник кој нема постојано живеалиште, се насочува во корист на републиката односно на автономната покраина на чија територија е седиштето на даночниот обврзник на данокот на надоместоци за услуги."

Досегашните ст. 4, 5 и 6 стануваат ст. 5, 6 и 7.

Во досегашниот став 7, кој станува став 8, се додава нова трета реченица, која гласи:

„Како заем во смисла на овој став, се подразбира јавен заем кој, согласно одредбите на Законот за хартиите од вредност, е распишан од страна на општествено-политичките заедници, од организациите на здружениот труд, од интересните заедници и од други општествени правни лица, заради собирање средства за финансирање на инвестициони објекти од јавен интерес или од интерес за општествено-правното лице што го распишува заемот (заемот за изградба на пругата Белград—Бар, заем за изградба на патишта и сл.)."

По досегашниот став 8, кој станува став 9, се додава нов став 10, кој гласи:

„Основниот данок на надоместоци за услуги според тар. бр. 1 и 2 на Привремената тарифа, не се применува врз надоместоци што ќе се остварат при вршењето на работите и услугите од тие тарифни броеви помеѓу основните организации на здружениот труд во составот на иста работна организација од член 6 став 2 на Законот и помеѓу работните организации здружени во сложена организација на здружениот труд што вршат една или повеќе дејности од член 6 став 2 на Законот."

Досегашните ст. 9 до 15 стануваат ст. 11 до 17.

Член 7

Во член 39 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Трговската и друга организација од став 1 на овој член се должни при давањето материјали според одредбата на овој член да постапуваат согласно со член 36 на овој правилник."

Член 8

Во член 41 став 3 зборовите: „дел „Б" на Тарифата" се заменуваат со зборовите: „на Привремената тарифа".

Член 9

Во член 48 став 5 по зборовите: „маслени бои," се додаваат зборовите: „училишни тетратки, вежбанка, нотни тетратки, блокови за цртање и ликовно образование".

Член 10

Во член 72 став 13 бројот: „2" се заменува со бројот: „7", а на крајот се додава нова реченица, која гласи: „Даночниот обврзник — застапник на странска фирма врз износот на застапничката провизија остварен по 31 декември 1972 година, освен на износот на провизијата од точка 2 на тар. број 1 на Привремената тарифа, пресметува основен данок на надоместоци за услуги според одредбата на точка 1 од став 7 на овој член."

По став 13 се додава нов став 14, кој гласи:

„При прометот на индустриски отпадоци, чии продажни цени се утврдени со спогодба со производителите и преработувачите на тие отпадоци, што го врши организацијата на здружениот труд регистрирана за промет на индустриски отпадоци, даночниот обврзник врши пресметување и плаќање на основниот данок на надоместоци за услуги според тар. број 2 на Привремената тарифа на начин одреден во точка 1 на став 7 од овој член."

По досегашниот став 14, кој станува став 15, се додаваат 7 нови ставови, кои гласат:

„По потрошувачките кредити и кредитите за станбена изградба, дадени на граѓани по договорите што се склучени до 31 март 1973 година, како и по договорите за тие кредити, склучени по тој ден во кои е предвидено дека во договорената камата и во друг надоместок е содржан и основниот данок на надоместоци за услуги според тар. број 3 на Привремената тарифа, даночните обврзници го пресметуваат тој данок со примена на пресметаните даночни стапки од тој тарифен број врз вкупниот износ на пресметаната камата и на другите надоместоци, согласно точка 1 став 7 од овој член.

По кредитите од точ. 1 и 2 на тар. број 3 од Привремената тарифа, дадени на општествени правни лица по договорите склучени до 31 март 1973 година во кој е одредена само каматата а не и данокот на надоместоци за услуги, при пресметувањето на данокот за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1973 година даночните обврзници ќе ја утврдат разликата помеѓу основниот данок на надоместоци за услуги пресметан според прописите што биле во сила до 31 декември 1972 година и данокот пресметан по стапките што се применуваат од 1 јануари 1973 година и така утврдената разлика ќе им ја одобрат на комитентите. Данокот според прописите што важеле до 31 декември 1972 година се утврдува со примена на просечната стапка добиена од односот на вкупната маса на пресметаниот данок (по стапка од 18% и 15%) и вкупниот приход на банката по пресметаната камата и по други надоместоци утврдени во завршната сметка за 1972 година. Со примена на пресметаната просечна даночна стапка за 1972 година врз износот на надоместокот за односниот пресметковен период на 1973 година, се добива износот на данокот кој се издвојува од тој надоместок и даночната основица на која се пресметува данокот од точ. 1 и 2 на тар. број 3 на Привремената тарифа со примена на пропишаните стапки од тој тар. број.

По кредитите од точка 3 на тар. број 3 на Привремената тарифа, што се склучени до 31 март 1973 година, на договорената камата и другите надоместоци даночниот обврзник пресметува основен данок на надоместоци за услуги според тој тар. број, со примена на пресметаната даночка стапка од точка 1 на став 7 на овој член.

По договорите за кредити што се склучени по 31 март 1973 година, во кои не е изречно наведено дека во договорената камата и во друг надоместок е содржан и основниот данок на надоместоци за услуги, се смета дека договорената камата и другите надоместоци се даночна основица од која се пресметува данокот со примена на пропишаните даночни стапки од точ. 1, 2 и 3 на тар. број 3 на Привремената тарифа.

Ако во договорот за кредит склучен по 1 јануари односно по 31 март 1973 година е предвидено дека во договорената камата и во друг надоместок е содржан основниот данок на надоместоци за услуги, даночниот обврзник врши пресметување на данокот според тар. број 3 на Привремената тарифа со примена на даночните стапки, пресметани, согласно одредбата на точка 1 на став 7 од овој член.

Ако со договорот за кредит склучен по 1 јануари односно по 31 март 1973 година е одредено во каматата и во друг надоместок да не биде содржан основен данок на надоместоци за услуги, даночниот обврзник го пресметува данокот според тар. број 3 на Привремената тарифа со примена на пропишаните стапки од тој тарифен број.

По кредитите од точка 2 став 2 на забелешката кон тар. број 3 на Привремената тарифа, на чии камати од 1 јануари 1973 година не се плаќа данок според тој тарифен број, даночниот обврзник, ако го платил данокот по тој тарифен број во периодот од 1 јануари до 30 јуни 1973 година, при поднесувањето на шестмесечната пресметка ќе постапи на начинот предвиден во член 84 став 3 на овој правилник."

Член 11

Во член 81 став 1 зборовите: „17 или 18 на Тарифата на сојузниот данок на промет" се заменуваат со зборовите: „1 и 2 на Привремената тарифа".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Од 1 јануари до 30 јуни 1973 година даночните обврзници утврдуваат и за секој месец плаќаат аконтација на основниот данок на надоместоци за услуги според тар. број 3 на Привремената тарифа во височина на една дванаесеттина на тој данок пресметан по завршната сметка за 1972 година според тар. број 19 на Тарифата на сојузниот данок на промет (по стапка од 18% и 15%). При составувањето на пресметката на основниот данок на надоместоци за услуги за тој период даночните обврзници ќе постапат и според член 72 ст. 16 до 22 на овој правилник."

Член 12

Во член 82 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Даночните обврзници на основниот данок на надоместоци за услуги според тар број 3 на Привремената тарифа ќе состават и до 30. септември 1973 година ќе поднесат полугодишна пресметка на тој данок за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1973 година."

Член 13

Во член 85 став 3 точка 3 одредба под б) алинеја 3 зборовите: „која ги натфрлува" се заменуваат со зборовите: „која не ги натфрлува".

Член 14

Во член 93 став 4 се брише.

Во досегашниот став 5, кој станува став 4, зборовите: „бр. 1, 2 и 3" се заменуваат со зборовите: „бр. 1 и 2".

Досегашниот став 6 станува став 5.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 5-8021/1
29 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

472.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за одредување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/72), на предлог од Сојузниот секретаријат за пазарот и цените, а по претходно прибавеното мислење на Стопанската комора на Југославија, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1973 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и на девизните контингенти за увоз на стоки во 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/73, 21/73, 27/73, 29/73 и 31/73) во точка 2 под 1 Репродукциони материјали, по редниот број 30 се додава нов реден број 31, кој гласи:

„Реден број	Тарифен број на Царинската тарифа	Наименување	Количина односно вредност
1	2	3	4
31	24:01/16-4	Тутун во лист, сушен, неферментиран, друг	800 тони".

Во точка 2 под 2 Стоки за широка потрошувачка, во редниот број 4, во колона 4 зборовите: „5.400 тони" се заменуваат со зборовите: „10.000 тони", а во редниот број 8, во колона 4 зборовите: „300.000 тони" — со зборовите: „360 000 тони".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 12014
27 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
Мухамед Хаџиќ, с. р.

473.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Der Spiegel", број 23 од 4 јуни 1973 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/106
26 јуни 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Лука Бановиќ, с. р.

474.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОПРЕМА ЗА КАРОСЕРИИ НА ДРУМСКИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Специјален алат и прибор за друмски возила. Клинести подлошки за тркала на моторни и приклучни возила — — — — — — — — — JUS K.Z4.120

Специјален алат и прибор за моторни возила. Чекан за разбивање стакло — — — — — — — — — JUS K.Z4.205

Каросерии за друмски возила. Делови на опрема од алуминиумска легура, леани — — — — — — — — JUS M.N2.541

Каросерии за друмск возила. Шарки за врати — — — — — — JUS M.N2.591

Каросерии за друмски возила. Брави за автобуски врати — — — JUS M.N2.974

Каросерии за друмски возила. Надворешни кваки за автобуски врати JUS M.N2.989

Каросерии за друмски возила. Надворешно возачко огледало за камиони и други возила — — — — — JUS M.N5.532

Каросерии за друмски возила. Рачичка за врата, внатрешна — — — JUS M.N5.543

Внатрешен уред за автобуси. завеса — — — — — — — — — JUS M.N5.580

Каросерии за друмски возила. Сонцобран за товарни автомобили JUS M.N5.585

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 октомври 1973 година.

4. Се стават вон сила следните југословенски стандарди.

Специјален алат и прибор за моторни возила. Чекани за разбивање стакло — — — — — — — — — JUS K.Z4 205 донесен со Решението за југословенските стандарди за моторни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65);

Каросерија за друмски возила. Делови на опрема од алуминиумска легура, леани — — — — — — — — JUS M.N2.541 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на моторните возила („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/62).

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 30 септември 1973 година.

Бр. 14-2149/1
19 април 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

475.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРАУЛИКАТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Маслена хидраулика. Основни големини:

— Називни броеви на обртите JUS L.N1.025

— Називни обртни моменти — JUS L.N1.026

— Навои за спојување — — — JUS L.N1.027

— Називни проточни отвори — JUS L.N1.028

Цевни спојки и приклучоци со всечен прстен:

— Вовртен цевен продолжеток со цевест мазен крај. Облик и мерки — JUS M.B6.708

— Приклучок за манометар. Диспозиции, состав и главни мерки — — JUS M.B6.713

— Редукциона спојка. Диспозиција, состав и главни мерки — — — JUS M.B6.724

— Приклучен продолжеток за манометар. Облик и мерки — — — — JUS M.B6.726

— Затиначки прстен за приклучок за манометар JUS M.B6.713. Облик и мерки — — — — — — — — — JUS M.B6.733

— Прстен за зајакнување на мерки и тенки цевки. Облик и мерки — JUS M.B6.734

— Редукционен цевен продолжеток. Облик и мерки — — — — — JUS M.B6.735

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 октомври 1973 година.

Бр. 14-2150/1
19 април 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

476.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ГУМА — ГУМЕНИ НИШКИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Гумени нишки:

— Општи одредби за подготвување на мостри и услови за испитување JUS G.C5.011

— Одредување на финоста на нишки, на метричкиот број и на специфичната маса — — — — — — JUS G.C5.012

— Одредување на издолжувањето при константно оптоварување и на трајното издолжување — — — JUS G.C5.015

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 октомври 1973 година.

Бр. 24-2144/1
19 април 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

477.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ГУМЕНИ ЦРЕВА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Производи од гума. Гумени црева со влошка. Црева за ладна вода и за неагресивни течности — — — — JUS G.C6.024

Испитување на атхезијата на гумено црево — — — — — — — JUS G.S2.150

Испитување на влијанието на течности врз гуменото црево — — — JUS G.S2 151

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 октомври 1973 година, освен стандардот JUS G.S2.151. Југословенскиот стандард JUS G.S2.151 се применува од 1 октомври 1973 година.

4. Се става вон сила југословенскиот стандард:

Производи од гума. Гумени црева со влошка. Црева за ладна вода и неагресивни течности — — — — JUS G.C6.024 донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на индустријата на гума („Службен лист на СФРЈ“, бр. 8/64).

5. Југословенскиот стандард од точка 4 на ова решение престанува да важи на 30 септември 1973 година.

Бр. 24-2145/1
19 април 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

478.

Врз основа на член 4 став 1 и член 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПЛАСТИЧНИ МАСИ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Испитување на пластични маси:

— Одредување на димензионалната стабилност на тврди пластични маси со келии — — — — — — — JUS G.S2.816

— Одредување на впивањето на вода на тврди пластични маси со келии — — — — — — — — JUS G.S2.818

— Одредување на влијанието на температурата врз деформацијата под оптоварување — — — — — — JUS G.S2.819

— Тврди пластични маси со келии. Производи од експандиран полистирен. Општи услови — — — JUS G.C7.201

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се применуваат од 1 октомври 1973 година, освен стандардот JUS G.S2.816.

Југословенскиот стандард JUS G.S2.816 е задолжителен и влегува во сила на 1 октомври 1973 година.

Бр. 24-2147/1
19 април 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

479.

Врз основа на член 4 став 1, член 25 став 4 и член 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ СИЈАЛИЦИ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Сијалици за моторни возила:

— проверување на положбата на влакната на сијалици тип P25-2 — JUS N.L2.214

— Светлосно средиште и облик на светлосното влакно — — — — — JUS N.L2.215

— Сијалици за главни фарови, со две влакна, за големо и симетрично соборено светло. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.220

— Сијалици за главни фарови, со две влакна, со големо и симетрично соборено светло. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.221

— Сијалици за главни фарови, со две влакна. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.222

— Сијалици за фарови, со едно влакно. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — — JUS N.L2.225

— Сијалици за помошни фарови, со едно влакно. Главни мери и карактеристики — — — — — — — JUS N.L2.227

— Сијалици за помошни светла, тип P25-2. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.230

— Сијалици за помошни светла, тип P25-1. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.231

— Сијалици за помошни светла, тип R19. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.235

— Минијатурни сијалици за помошни светла, тип T8. Главни мери и карактеристики — — — — — JUS N.L2.240

— Минијатурни сијалици за помошни свела, тип T7. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.241

— Софитни сијалици за помошни светла, тип C11. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.252

— Софитни сијалици за помошни светла, тип C15. Главни мери и карактеристики — — — — — — — JUS N.L2.253

2. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точка 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 септември 1973 година.

4. Се стават вон сила следните југословенски стандарди:

Сијалици за моторни возила:

— Сијалици за главни фарови, со две влакна, за симетрично соборено светло. Главни мери и карактеристики JUS N.L2.221

— Сијалици за главни фарови, со две влакна (за мопеди). Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.222

— Сијалици за главни фарови, со едно влакно. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.225

— Сијалици за помошни фарови, со едно влакно. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.227

— Сијалици за помошни светла. Тип P 25-2. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.230

— Сијалици за помошни светла. Тип P 25-1. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.231

— Сијалици за помошни светла. Тип R 19. Главни мери и карактеристики — — — — — — — — JUS N.L2.235

— Минијатурни сијалици за помошни светла. Тип T 8. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.240

— Минијатурни сијалици за помошни светла. Тип T 6. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.241

— Софитни сијалици за помошни светла. Тип C 11. Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.252

— Софитни сијалици за помошни светла. Тип C 15 Главни мери и карактеристики — — — — — — JUS N.L2.253

донесени со Решението за југословенските стандарди за сијалици за моторни возила („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/66)

5. Југословенските стандарди од точка 4 на ова решение престануваат да важат на 1 септември 1973 година.

Бр. 16-2230/1
3 мај 1973 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Милан Крајновиќ, с. р.

480.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПИВО

1. Претставниците на производителите на пиво и претставниците на потрошувачите, потписници на оваа спогодба, се согласија цените на пивото што постоеле на 26 ноември 1971 година да ги усогласат со цените на основните суровини за производство на пиво-слад и хмељ и на амбалажата и неопходниот репроматеријал од увоз на начинот утврден со оваа спогодба.

2. При усогласувањето на цените на пивото со 12% екстракт поради зголемување на цените на сладот, хмељот и др., производителите на пиво можат да ги зголемат производителските цени на пивото што постоеле на 26 ноември 1971 година, и тоа:

	Динари по литар
1) за пиво со 12% екстракт пакувано во шишиња и кантички	0,24
2) за пиво со 12% екстракт во буриња	0,22

3) Новата цена за пиво, што има поголем или помал процент екстракт од 12%, ќе се формира на тој начин што износот на зголемувањето на цената по хектолитар пиво со 12% екстракт, предвиден под 1 и 2 на оваа точка, пропорционално ќе се зголеми или намали, зависно од разликата во процентот на екстрактот во пивото, и за тој износ ќе се зголеми затечената цена на тоа пиво што постоела на 26 ноември 1971 година.

3. Производителите на пиво не можат да ги менуваат досегашните услови на продажбата во поглед на рокот на плаќањето, на височината на каса-сконтото, на рабатот и на супер-рабатот, што постоеле на денот на потпишувањето на оваа спогодба.

4. Претставниците на потрошувачите — потписници на оваа спогодба, се согласни со зголемувањето на цените на пивото, како што тоа е предвидено во точ. 2 и 3 на оваа спогодба.

5. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека пивото ќе го продаваат односно купуваат по цените и под условите предвидени со оваа спогодба.

6. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 528/1 од 29 јуни 1973 година.

7. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

ПОТПИСНИЦИ НА СПОГОДБАТА:

Претставници на производителите: Београдска индустрија пива — Белград, Јагодинска пивара — Светозарево, Пивара „7 септембар" — Заечар, Пивара „Ниш" — Ниш, Пивара „Единство" — Валево, ПИК Фабрике пива — Пеќ, Индустрија пива — Зрењанин, Апатинска пивара — Апатин, ПИК „Бечеј" Погон пивара — Бечеј, ПИК „Тамиш" погон пивара — Панчево, ПД „Подунавље" погон пивара — Челарево, ПИК „Сирмиум" — пивара Сремска Митровица, INEX Пивара „1 мај" — Вршац, Загребачке пивоваре — Загреб, Осијечка пивовара — Осиек, Јадранска пивовара — Сплит, Пивовара „Унион" — Љубљана, Пивовара „Лашко" — Лашко, Пивовара „Талис" — Марибор, Сарајевска пивара — Сараево, „Житокомбинат" — пивара — Тузла, Бањалучка пивара — Бања Лука, Парна пивара — Скопје, Индустрија на пиво — Прилеп, Пивара „Требјеса" — Никшиќ, и „Панонска пивовара" — Копривница.

Претставници на потрошувачите: „Центропром" — Белград, „Агропромет" — Пожаревац, „Три грозда" — Белград, Угостителско предузеќе „Палас" — Светозарево, Трговинско предузеќе „Inex" — Светозарево, Угостителско предузеќе — Заечар, „Агропромет" — Ниш, „Нова трговина" — Кочани, ПКБ Газдинство Требич—Соко Бања, INEX унутрашња трговина — Белград, Трговинско предузеќе „Вокар" — Приштина, Трговинско предузеќе „17 Nandori" — Пеќ, Трговинско предузеќе „Банат" — Зрењанин, Трговинско предузеќе „Прехрана" — Сомбор, „Универзал" трговинско предузеќе — Бечеј, „Тргопродукт" — Панчево, Трговинско предузеќе „Војводина" — Сремска Митровица, „Interexport" — Белград, Трговинско предузеќе „Тргопромет" — Загреб, „Уникомзум" — Загреб, Опќе трговинско подузеќе — Осиек, УПИ — Сараево, Прехрамбени комбинат „Прерада" — Сплит, Трговинско предузеќе „Извор" — Копривница, „Mercator" — Љубљана, „Унион" — Љубљана, „Мегх" — Целје, „Колониале" — Марибор, „Житокомбинат" — Тузла, „Салинес" — Тузла, „Крајина-узор" — Бања Лука, „Центроколонијал" — Скопје, „3 ноември" — Прилеп, „Агрокомбинат 13 јули" — Титоград и Пољопривредни прехрамбени комбинат — Никшиќ.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Решението за ослободување од плаќање царина на суровини и репродукциони материјал во 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/73), се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ВО 1973 ГОДИНА

Во тар. број 26 01/10-а во колона 2 наместо зборовите: „205 t" треба да стои: „205.350 t".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 27 јуни 1973 година.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Спогодбата за промена на затечените цени за ферментиран тутун, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 33/73, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА СПОГОДБАТА ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ФЕРМЕНТИРАН ТУТУН

Во точка 1 за тип сорта на тутунот Отља, класа светла V, наместо: „19,60" треба да стои: „19,90", а за тип сорта на тутунот Херцеговски Равњак, класа IIб, наместо: „31,00" треба да стои: „31,60".

Од Сојузниот завод за цени, Белград, 28 јуни 1973 година.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ЧЛЕН 3 СТАВ 3 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИЦИТЕ НА ДОМОТ НА ЗДРАВЈЕТО „ВЛАСИНА", ВЛАСИНА-ОКРУГЛИЦА

I. На иницијатива на Владимир Вучковиќ од Власина-Округлица, Уставниот суд на Југославија, со решение У бр. 197/72 од 13 декември 1972 година, поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 3 од Правилникот за распределба на личните доходи на работниците на Домот на здравјето „Власина", Власина-Округлица од 11 декември 1971 година.

Со наведениот правилник се установени основите и мерилата за распределбата на личните доходи на работниците. Со одредбата на член 3 став 3 од Правилникот е пропишано, меѓутоа, личниот доход на работниците на одредени категории работни места да може да се утврдува и по ефект, а дека за тоа решава Советот на Домот на здравјето „Власина".

II. Оценувајќи ја уставноста и законитоста на одредбата на член 3 став 3 од Правилникот, Уставниот суд утврди дека таа одредба не е во согласност ниту со Уставот на СФРЈ ниту со законот.

Од одредбата на член 3 став 3 на Правилникот произлегува дека на еден број работници на Домот на здравјето „Власина", Советот на Домот може да им го утврдува личниот доход по ефект, иако со општиот акт не се установени основи и мерила за утврдување на таков ефект.

Со Уставниот амандман XXI, меѓутоа, се пропишува дека работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи (точка 4 став 1) и дека на секој работник

му припаѓа личен доход сразмерно со резултатите на неговиот труд и со неговиот личен придонес за успехот и развојот на организацијата што тој го дал со својот вкупен, тековен и минат труд во неа (точка 3 став 2).

Со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд исто така се пропишува дека личниот доход на работниците се утврдува според однапред предвидените основи и мерила во основната организација на здружениот труд (член 42 став 3).

Несогласноста на одредбата на член 3 став 3 од Правилникот со Уставот и со Законот се состои во тоа што со Уставот и Законот се пропишува дека личниот доход на работниците може да се утврдува само според основите и мерилата што се однапред предвидени, додека со наведената одредба на Правилникот се пропишува дека за работниците што работат на одредени категории работни места личниот доход ќе се утврдува според ефектот, но дека ефектот на тие работници ќе го мери, без однапред предвидени основи и мерила, Советот на Домот на здравјето „Власина".

III. Врз основа на член 241 став 1 точка 3 и член 247 од Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Противуставни и противзаконити се одредбите на општите акти со кои, без однапред предвидени основи и мерила, се утврдува личниот доход на работниците.

2. Се укинува одредбата на член 3 став 3 на Правилникот за распределба на личните доходи на работниците на Домот на здарвјето ,Власина, Власина-Округлица од 11 декември 1971 година.

IV. Уставниот суд на Југославија ја донесе оваа одлука во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и судии Иван Божичевиќ, Радивое Главиќ, д-р Борислав Благоевиќ, Радојка Катиќ, д-р Александар Фира, Јоже Земљак, д-р Иво Сунариќ, Ѓуро Меденица, Димо Кантарциски, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ и Боривое Ромиќ.

У бр. 197/72
24 мај 1973 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА СТАВ 3 ОД ЧЛЕН 15 НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛОТ НА ДОХОДОТ НАМЕНЕТ ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛЕН ТРУД ВО ПОЖАРЕВАЦ

I. На иницијатива на Жарко Прица, работник од Пожаревац, Уставниот суд на Југославија со решение У бр. 276/72 од 14 мај 1973 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на одредбите на ст. 2 и 3 од член 15 на Правилникот за распределба на делот на доходот наменет за лични доходи и за заедничка потрошувачка на Центарот за социјален труд во Пожаревац од 20 октомври 1972 година.

Одредбата на став 2 од член 15 на Правилникот гласи:

„распределбата на променливиот дел на личниот доход врз одделни работници ја претставува посебната постојана комисија, што се именува на седница на работната заедница на која се усвојува правилникот". Комисијата ја сочинуваат директорот и два члена. Предлогот на распределбата комисијата го засновува врз основа на постојните резултати на трудот на секој одделен работник, а врз основа на самиот увид на комисијата и писменият извештај на работникот (извршување на програмата, обем на извршувањето на работите, квалитет на извршената работа, самоиницијативност, залагање и др.).

Со став 3 на член 15 од Правилникот е пропишано дека, на предлог на комисијата, работникот има право на приговор до работната заедница во потесен состав чија одлука е конечна.

II. По спроведената претходна постапка и одржаната јавна расправа, оценувајќи ја уставноста и законитоста на наведените одредби на член 15 од Правилникот, Уставниот суд на Југославија најде дека став 3 на член 15 не е во согласност со Уставните амандмани XV и XXI и со одредбите на став 1 од член 1 и на став 1 од член 4 на Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

Според Уставниот амандман XV, одредена функција на управување работната заедница може да му довери на работничкиот совет или на друг орган на управувањето, а само одредени извршни функции на нему одговорните колегијални и индивидуални органи, што ги избира работничкиот совет.

Според Уставниот амандман XXI, право на решавање за доходот на работната организација и за личниот доход на работниците е неотуѓиво право на работниците на основната организација на здружениот труд. Ако вршењето на некои од тие права работната заедница не го пренесе врз својот орган на управувањето, ги врши сама.

И одредбите на став 1 од член 1 на Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд регулираат правата и обврските при работата и врз основа на трудот работниците да ги уредуваат непосредно и рамноправно во основната организација на здружениот труд. Со став 1 на член 4 од Законот е предвидено работниците во основната организација на здружениот труд да ги уредуваат, покрај другото, основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и начинот за пресметување и исплата на личните доходи на работниците.

Според тоа, во смисла на Уставот и Законот, за правата на работниците врзани за распределба на личниот доход во случај кога функцијата на работничкиот совет или на друг орган на управувањето ја спроведува работната заедница (во потесен состав), за предлогот на одреден извршен орган односно комисија, работната заедница мора да се изјасни и да донесе одлука. Значи, донесувањето на одлуката е исклучително право на работната заедница.

Во однос на став 2 од член 15 на Правилникот Судот утврди дека неговата суштина е во тоа комисијата само да дава предлог за распределбата на личниот доход. Односно дека таа одредба не е во спротивност со соодветните одредби на Уставот и Законот, но дека, работната заедница мора појасно да го формулира делот на одредбата кој гласи дека распределбата на променливиот дел на личниот доход „претставува" посебна постојана комисија, бидејќи изразот „претставува" очигледно е неадекватно употребен и создава нејасна правна ситуација.

III. Од изложеното, а врз основа на член 241 став 1 точка 3 и член 247 од Уставот на Југославија, на седницата одржана на 24 мај 1973 година, Уставниот суд на Југославија

одлучи

1. Се укинува став 3 на член 15 од Правилникот за распределба на делот на доходот наменет за лични доходи и за заедничка потрошувачка на Центарот за социјален труд, Пожаревац.

2. Оваа одлука се објавува во „Службен лист на СФРЈ" и на огласната табла на Центарот за социјален труд, Пожаревац.

IV. Уставниот суд на Југославија оваа одлука ја донесе во состав: претседател на Судот Блажо Јовановиќ и судии д-р Борислав Благоевиќ, Иван Божичевиќ, д-р Александар Фира, Радивое Главиќ, Радојка Катиќ, Димо Кантарциски, Ѓуро Меденица, д-р Стане Павлич, Ненад Петровиќ, Боривое Ромиќ, д-р Иво Сунариќ, Таип Таипи и Јоже Земљак.

У бр. 276/72
24 мај 1973 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Блажо Јовановиќ, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 43 став 3 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71 и 67/72), Сојузниот извршен совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

За советник на сојузниот секретар за земјоделство се назначува Миливое Чемерекиќ, раководител на одделение во Сојузниот секретаријат за земјоделство.

Б. бр. 48
30 мај 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

С О Д Р Ж И Н А:

Страна

456. Закон за претворање на краткорочните кредити дадени на Заедницата на југословенските железници во долгорочен кредит за обртни средства — — — — — — 1125
457. Закон за измени и дополненија на Законот за контрола на предметите од скапоцени метали — — — — — — — 1126
458. Закон за измени на Законот за мерните единици и мерилата — — — — — 1127
459. Закон за престанок на важењето на Законот за заштита на југословенскиот имот и имотските права и интереси во странство — — — — — — — — 1132
460. Заклучоци за мерките за подоследно остварување на законитоста — — — — 1132
461. Одлука за формирање Комисија на Сојузниот извршен совет за насочување и организација на координацијата на меѓусебната соработка на неврзаните земји во областа на науката и технологијата — 1136
462. Одлука за укинување на Наредбата за измени и дополненија на Наредбата за височината на надоместокот за технички прегледи и радиомерења во областа на радиосообраќајот што ја наплатува Управата за радиосообраќај — — — — — — — — 1137
463. Одлука за измена на Одлуката за начинот за формирање на цените за свежо месо и за преработки од месо — — — — — — 1137
464. Решение за измена и дополнение на Решениеот за ослободување од плаќање царина за специфичната опрема за здравството — — — — — — — — — — 1137
465. Решение за ослободување од плаќање царина на електронски сметачи — — — 1138
466. Правилник за издавање исправи за движење и престој на станици во Југославија и за обрасците на тие исправи — — — 1138
467. Правилник за содржината на одделните конта во посебниот Основен контен план за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и нивниот сојуз — — 1152
468. Правилник за содржината на одделните позиции во посебните обрасци на билансот за заедниците на пензиското и инвалидското осигурување и за нивниот сојуз — 1157
469. Правилник за содржината на одделните конта во посебниот Основен контен план за заедниците на здравственото осигурување и нивните сојузи — — — — — 1158
470. Правилник за содржината на одделните позиции во посебните обрасци на билансот на заедниците на здравственото осигурување и на нивните сојузи — — — — 1162
471. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за примена на даночните стапки и за начинот на водење евиденција, пресметување и плаќање на данокот на промет на производи и услуги — — 1163
472. Наредба за измена и дополнение на Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и на девизните контингенти за увоз на стоки во 1973 година — — — 1166
473. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на списанието „Der Spiegel" — 1166
474. Решение за југословенските стандарди за опрема за каросерии на друмски возила 1167
475. Решение за југословенските стандарди од областа на хидрауликата — — — — 1167
476. Решение за југословенските стандарди за производи од гума — гумени нишки — 1167
477. Решение за југословенските стандарди за гумени црева — — — — — — — 1168
478. Решение за југословенските стандарди за пластични маси — — — — — — — 1168
479. Решение за југословенските стандарди за електрични сијалици за моторни возила — 1168
480. Спогодба за промена на затечените цени за пиво — — — — — — — — — 1169
Исправка на Решението за ослободување од плаќање царина на суровини и репродукциони материјали во 1973 година — — 1170
Исправка на Спогодбата за промена на затечените цени за ферментиран тутун — — 1170
Одлука за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 3 од Правилникот за распределба на личните доходи на работниците на Домот на здравјето „Власина", Власина—Округлица — — — — — 1170
Одлука за оцена на уставноста и законитоста на став 3 од член 15 на Правилникот за распределба на делот на доходот наменет за лични доходи и за заедничка потрошувачка на Центарот за социјален труд во Пожаревац — — — — — — — — — 1171
Назначувања и разрешувања — — — — 1172

Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413-55/72-03 од 15 август 1972 година

Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17